Вистината за Егејска Македонија



Христо Андоновски

Вистината за Егејска Македонија

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2017 by Hristo Andonovski & Risto Stefov

e-book edition

January 7, 2017

СОДРЖИНА

Предговор 5
ГЛАВА ПРВА - Борба за сопствено училиште и црква.....7
1. Македонски текстови со грчко писмо.....7
2. Просветители и преродбеници од Јужна Македонија.....10
3. Кукуш - знаменосец на просветната борба.....16
4. Движењето во Меглен 23
5. Културно просветното движење во Западна Македонија.....28
6. Судрување на македонските и бугарските интереси.....31
ГЛАВА ВТОРА - Оружен национален отпор 37
1. Негушко востание 37
2. Привремена македонска влада.....39
3. Илинденско востание.....42
4. Македонците под Грција по Балканските и Првата светска војна.....45
ГЛАВА ТРЕТА - ВМРО (Обединета) во Егејска Македонија 49
I 69
МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ВО АНТИФАШИСТИЧКАТА БОРБА (1941-1944).....69
I 69
ГЛАВА ЧЕТВРТА - Борбата на Македонците во Егејска Македонија против тројната окупација и за национална слобода 70
1. Отпор против реставрацијата на стариот административен апарат 71
2. Организирањето на НОБ во Егејска Македонија.....74
3. Први репресивни мерки на непријателот 79
4. Првите вооружени групи на НОБ.....81
5. Во Леринско формиран одредот “Вич” 84
6. Одредот “Лазо Трповски” од Костурско 85
ГЛАВА ПЕТТА - СНОФ во Леринско и Костурско и Македонскиот Реонски Комитет во Воденско 88
1. Формирање на СНОФ во Леринско.....89
2. Одделен македонски реон на КПГ во Воден.....91
3. СНОФ во Костурско 92
4. Околиската конференција на СНОФ.....97
5. Расформирање на СНОФ.....99
ГЛАВА ШЕСТА - Формирање на Македонски баталјони ..103

Одвојување на македонските баталјони 110
I 123
ВО ВИОРОТ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА (1945-1949) .123
I 123
ГЛАВА СЕДМА - Терор 124
1. Терор, убиства и масовни погроми во Егејска Македонија.129
2. Теророт во Водепско.....131
3. Теророт во Мегленско 132
4. Теророт во Леринско 133
5. Теророт во Костурско 134
6. Теророт во Гуменџиско 136
7. Теророт во Преспанско.....138
8. Одјекот од теророт во странство 139
9. Националистичкиот печат инспиратор и поттикнувач за терористичките акции.....141
10. Паѓање на владите.....145
11. Изборна фарса 148
ГЛАВА ОСМА - НОФ, АФЖ, НОМС 153
ГЛАВА ДЕВЕТА - Пролетна офанзива 179
1. Пролетната офанзива 181
2. Почеток на офанзивата 184
3. Третиот пленум на ЦК КПГ 192
ГЛАВА ДЕСЕТА - Прв Конгрес на НОФ – Епопејата на Грамос 197
1. Епопејата на Грамос и Малимади. - IV пленум на ЦК КПГ 201
2. Петти пленум на ЦК КПГ - Втор конгрес на НОФ.....206
ЗАКЛУЧОЦИ 211
КРАТЕНКИ.....215

Предговор

Слична ако не и идентична беше судбината на Македонија и Македонците со таа на Ирска и Ирчаните, или на Курдистан и Курдите. И овие земји ја имаа трагичната судбина на Македонија - да бидат безмилосно искасапени на два или повеќе дела, онака, какошто диктирал апетитот на алчните империјалистички соседи. Меѓутоа, ни оддалеку народите од споменатите земји - Ирците и Курдите, не го доживееја незамисливото понижување на Македонците, со употреба на груба сила да бидат лишени од својот мајчин јазик, да им се наметне туѓа националност.

Ирците и под Велика Британија си останаа тоа што отсекогаш биле, а Курдите и во Турција и Иран, во Ирак и Сирија, иако го изгубија територијалното единство, тие го задржаа својот етнички белег, својот јазик и традиција.

По 1912 година Македонците ќе ја изгубат и својата национална компактност и територијалното единство, а пропагандата на владеачкиот режим во Грција, Србија или Бугарија од Македонците ќе настојува да прави “Срби”, “Грци” и “Бугари”. Македонците во Грција, на пример, спротивно на својата волја учествуваа во Првата светска војна на првата борбена линија или вршејќи тешка ангарија за сојузниците пак на првата борбена линија на Солунскиот фронт. Подоцна тие се мобилизирани во Малоазискиот поход на грчката армија. На крајот наградата за Македонците беше да бидат исправувани пред воените судови и екзекутивните одреди, кога се обидуваа да ги бараат своите национални права макар и во рамките на гчката држава. А пак во времето на Метаксасовата диктатура (1936-41) им беше забрането дури и по куќите да говорат на својот мајчин јазик, или да ги пеат своите народни песни.

Но, Македонецот во Грција никогаш и не се помири со судбината што му ја кроеја грчките режими. Секогаш кај него беше присутна и тлееше желбата за национална слобода и секогаш кога му се даваше можност се бореше и жртвуваше за своите идеали. Да ги споменеме ли имињата на осудените на смрт Македонци од воените судови во Лерин, или Кожани и тоа

веднаш по Првата светска војна? Тоа би не одвело многу далеку. Но, сепак не ќе можеме да премолчиме некои примери на достоинствено држење дури и пред самата смрт. Атанас Попов од село Борешница, Леринско, пред неговата егзекуција во градот Кожани на 12 декември 1925 година, не само што одбил да му ги врзат очите, туку кога го прашале дали има нешто да каже, рекол: "Мојата најголема радост е што со мојата крв ја нацртувам јужната граница на Македонија, која е до самата река Бистрица...". Да го споменеме и малиот Атанас Марков од Цакони, кој на воените судии во градот Бер 1948 година (заробен како ранет партизан на Каракамен Планина) храбро им рекол: "Не барам милост од вас џелатите на мојот народ!"

Ете, во нашиот труд ќе се обидеме да изнесеме неколку од тие страници облеани со крв од маченичкото минато на македонскиот народ во Грција, едно јаросно сведоштво дека тамошните Македонци не ја чекаа слободата во своите домови, туку своите коски ги оставаа по сувите егејски острови, по злогласните затвори "Еди-Куле", или "Акронавплион", по логорите "Хајдари" и "Павлос Мелас", додека дрвото на слободата со обилна крв го росеа и на Кајмакчалан и Вич, на Грамос и Каракамен.

Нека, впрочем овие страници послужат и како мало и скромно оддолжување кон познатите и анонимните илјадници борци, кои поединечно или заедно со грчки соборци паднаа на окопот на честа, слободата и правдата.

Скопје, април 1970 Авторот

ГЛАВА ПРВА - Борба за сопствено училиште и црква

Крајот од осумнаесеттиот и почетокот на деветнаесеттиот век како и за другите народи на Балканот, така и за македонскиот, ја означува зорага на неговото национално будење, обусловено од специфичните економско-политички и социјални услови во самата Отоманска империја. Првата фаза на националната преродба на македонскиот народ се изразува како борба за сопствено писмо и црква. Грчкиот јазик, на кој самоуките попови и учители ги учеа македонските деца и на кои се изведуваше литургијата во македонските цркви, беше неразбирлив за македонскиот народ и привилегија само на неколку трговци и црковци првенци протежирани од месните владици.

1. Македонски текстови со грчко писмо

Желбата за учење на мајчин јазик во прво време е изразена преку преводите на црковни текстови од Евангелијата, апостолите и другите текстови од грчки на македонски јазик. Бидејќи во тоа време таквата преведувачка работа ја вршат лица кои го владеат грчкиот јазик покрај својот мајчин, тие првенствено произлегуваат од групата на свештеници од македонско потекло, монаси, или лица чии материјални услови им дозволуваа да се школуваат во грчки училишта.

Повеќето документи на преведувачката работа од грчки на македонски јазик со грчка азбука и транскрипција, ако се исклучи Данаиловиот Четиријазичник, кој датира од малку порано, се од XIX век.

Од драгоценото преродбенско наследство што го остави македонскиот родољуб, родоначалникот и основач на многу македонски училишта во Воден, Ениџе Вардар, Гуменџе, Хаџипавел Божигропски, се и неговите преводи на изборно евангелие и апостол од грчки на македонски јазик. Првиот ваков труд на Хаџипавел датира од 1852 година, печатен во печатницата на македонскиот родољуб од Солун, Кирјак, Држиловец. Евангелието било печатено на македонски јазик од јужно-вардарското подрачје, но со грчки букви. Причината што

грчката азбука се употребувала е во тоа што во тоа време словенската азбука и писмо повеќе се отраничени по манастирите и непозната од широкиот слој Македонци, но најмногу заради фактот што на овој, така да се каже компромисен начин, делото не би наишло на многу голема реакција од грчкото, духовенство.

Евангелието како и другите преводувачки работи на Хаџипавел претставуваат и обид за развивање и афирмирање на македонскиот јазик од Воденско - Енидже Вардарско во еден период кога над македонскиот народ е вршена систематска асимилација од грчката црква, а нешто подоцна и од бугарската Егзархија. Тоа дело ги претставува зачетоците од оформувањето на македонскиот литературен јазик.

Во областа на Вардар, дури до Солунскиот Залив, до каде што имало македонски села, се ширеле и други македонски преводи на евангелија, некои од кои останале само во ракопис, но биле употребувани во црковната служба. Еден таков ракопис бил напишан од Евстатија Кипријади во 1863 година во село Кулакија, Солунско, каде селаните говореле и на грчки и на македонски.

Друг ваков ракопис, напишан од истиот автор, бил пронајден од француски војници кои во времето на Првата светска војна престојувале во Солунско, а тоа многу им помогнало на француските слависти Мазон и Вајан за проучувањето на македонскиот говор од Јужна Македонија.

Друг еден документ, со кој се потврдува влијанието на грчката писменост и култура над нашиот духовен живот, но кој од друга страна претставува ценет придонес за изучување на македонските говори, е еден речник од 1876 година. Овој речник напишан е од Ѓошо Колев, свештеник од с. Лесково, човек, речиси неук, кој немал никаква претстава за грчкиот литературен јазик и правопис, а го владеел јазикот само практично, па дури и несовршено. Но, тој сепак претставува богата збирка од лексикални особености од една македонска говорна област. Неговата вредност е и во тоа, што не е поврзан

со никаков книжевен источник и особеностите на неговиот дијалект се излезени во сосем непринудена форма.

Говорниот документ, осем речникот, содржи и црковно поучителни слова и други белешки, напишани со грчка азбука.

Македонското јазикознание и историјата на македонскиот литературен јазик е збогатена и со уште еден друг ценет документ, имено писмото на населението од селата Бобошчица и Дреново, две македонски села што се наоѓаат на крајниот југозопад од Македонија, во границите на денешна Албанија.

Жителите на селата Бобошчица и Дреново се остатоци од македонското население на Јужна Албанија, оддалечени еден до два часа од градот Корча. Овие две села иако се наоѓале како островчиња во море од албански села, до неодамна си го запазиле словенскиот национален карактер и обичаите. Тие дури не биле туѓи од минатиот век на движењето на македонскиот народ за духовни права. Ова го сведочи и едно нивно писмо - молба од 26 октомври 1873 година, кое било испратено до егзархот Атим I, во Цариград преку нивен соселанин.

Молбата на бобошчани и дреновчани била напишана од 17 мирјани - првенци во селото Бобошчица, меѓу кои и двајца монаси од истото село. Писмото било напишано со грчки букви, но на македонски јазик, на наречјето што се говори во околината на селото Нестрам, Костурско. Автор на писмото бил учителот Димитар Цанко, кој изгледа го владеел грчкиот јазик освен својот мајчин македонски и тоа солидно и бил и одличен калиграф. Истиот Цанко заедно со поп-Теодор Иконом учествувал и во преводот од грчки на македонски јазик на едно изборно евангелие од село Бобошчица со 17 листа.

Освен евангелијата, апостоли и други материјали за кои погоре стана збор, што биле напишани на македонски јазик со грчка азбука, на ист начин бил печатен и турскиот закон од 25 јули 1851 година за битолските чифлигарски села, во печатницата на македонскиот преродбеник и родољуб во Солун Кирјак Држиловец.

Фамилијата Држиловци го посветила сиот свој имот на македонското национално дело, а во тоа возвишено дело изгорел и животот на два члена од истата фамилија - Ѓорѓи Динката и Славка Динкова Држилова.

2. Просветители и преродбеници од Јужна Македонија

Кон триесеттите години од минатиот век, Солун постепено се претворил во духовен центар не само за Македонците од Солун, туку и на цела Македонија. Во овој период како во Солун така и во другите македонски градови македонската граѓанска класа - трговската група и занаетчиите - печалат се повеќе економски позиции во Македонија за да се спротивстават на конкуренцијата од грчките и турските трговци, за да се ослободат од духовната и просветната доминација на Грците. Сега, повеќе од секогаш, ја чувствуваат потребата од школување на своите деца.

Благодарејќи на бројната македонска интелигенција и преку врските со словенските манастири во Света Гора - Зографскиот и Хилендарскиот, Солун станал центар на засилена црковно-училишна дејност. Тоа било забележано особено по доаѓањето во градот на македонскиот просветител и прв печатар во Солун, архимандритот Теодосија Синаитски, од Дојран.

Каква е жедноста на солунските Македонци за учење на мајчин јазик ни сведочат и сочуваните записи на македонскиот еснаф во Солун од 1833 година. Во хрониката на споменатиот еснаф напишана на македонски јазик од Негрија Блажев, читаме: “Дебренци и Крушовци и Кичевци, желеејќи на срцето си за словото си ут ден почнае да се мислат како да се потрудат и да си направат некакво средство: за словото си да не се изгубат, та да си направат или црква или некое училиште. И почнаа малу по малу од 1833 година од некој си ученика учена ут тоа град от некој си монах јабанџија сиреч чужденец по славјански...” (* Симеон Радев, “Македонија и б’лгарското в’зраждане”, стр. 300.)

Од цитираната погоре хроника на шивачкиот еснаф дознаваме дека нивните деца две години ги учел на словенски ракописи еден руски калуѓер во Солун, зашто се уште немало печатени книги на македонски јазик. Дури во 1839 година била отворена македонската печатница на Теодосија Синаитски, во која се печателе книгите на пионерите од македонскиот литературен јазик Кирил Пејчинович, на Хаџи Павел Божигропски, на Јордан Хаџиконстантинов - Џинот и на други македонски преродбеници.

Во националната преродба на Солун видно место зазема фамилијата на браќата Константин и Кирјак Држиловец, родум од воденското село Дурзилово. Константин бил учесник во грчкото востание од 1821 година, подоцна во Солун, потпаѓајќи во чиста македонска средина, станува пламенен патриот и до крајот од својот живот се бори за националните права на својот народ. Кирјак Држиловец, по Теодосија, бил втор македонски печатар и во неговата печатница биле печатени многу книги на македонски јазик на воденски говор.

За печатницата на Кирјак Држиловец во една дописка од Солун и печатена во "Цариградски весник" бр. 479 од 16.IV.1860 година, дописникот пишува: "Пред повеќе од десет години некој си господин Кирјак Држиловец достави овдека типографија и им причинуваше големо задоволство на жителите, зашто тие сите првоначални книги на грчките училишта во таа типографија се печатеа и со цени умерени се продаваа. Сега, меѓутоа, кога г. Кирјак Држиловиќ мислеше да донесе и бугарски слова, за да печати книги на македонски јазик за овдешните жители и со кое добро ќе беше, ете излегуваат ненависници Грци, наоѓаат причини, го наклеветуваат г. Кирјака и успеваат да му ја затворат типографијата. Со тоа кедер голем стана, но со божја волја тој пак ќе чспее да ја отвори својата типографија и дај Боже".

Од фамилијата Држиловци било отворено и првото македонско училиште во Солун во 1865 година, кое во прво време работело во самата куќа на Држиловци. Во хрониката на Негрија Блажев, член на шивачкиот еснаф во Солун, се говори за отворањето на училиштето во кое најпрвин оделе девојчиња, а подоцна и

машки деца. Со училиштето раководел ќерката на Константин Држиловец, Славка, која во тоа време имала одвај 18 години.

Славка Динкова, штотуку ја завршила грчката гимназија. Нејзиниот мајчин јазик бил македонскиот, но не знаела да чита и пишува на својот јазик. Првите знаења од македонскиот јазик ги добила од својот постар брат Ѓорѓи.

Славка национално-просветното дело го започнала скромно и тајно. Во нејзиното училиште доаѓале деца од сите македонски маали од градот. Од 17, во првата учебна година, учениците во втората година се качиле на 27. Повеќето од нив биле деца на шивачкиот еснаф. Училиштето во прво врме се издржувало од личните средства на фамилијата Држиловци, но подоцна во трошоците учествувале и членовите на шивачкиот еснаф, меѓу кои и устабашијата Деспот Крушовали, Јосиф Франго, Гешко од Галичник, Петко Деспотов од Радовиш, Стојан Бого од Врбица како и од други видни Македонци од Велес, прилепчани, битолчани и други. Од еснафот биле избрани тројца надгледувачи на училиштето Ѓорѓи Динката, Веле Негрев и Кирјак Држиловиќ.

Освен својата дејност како учителка Славка Динкова со ист ентусијазам преведувала и самата пишувала статии за воспитувањето на децата. Текстовите ги преведувала од француски на македонски јазик, на солунски дијалект. Голем број од тие статии биле објавени во цариградскиот весник “Македонија” од 1868 година.

Задолженијата како на учител и управител во тие први години на македонското просветно дело, полно со мачнотии поради немање на помагала и литература, а осем тоа и поради пречките и интригите на патријаршиското духовенство, ја истоштиле Славка до крајност. Неа ја крепела само патриотската амбиција. Но, таа не можеше долго да издржи и во 1879 година умре од истоштување, оставајќи зад себеси еден прекрасен спомен и светол лик на скромност и бескраен патриотизам.

Уште помаркантна фигура, која се истакна во борбата на македонскиот народ за родно училиште и црква во периодот на

нашата национална преродба беше Ѓорѓи Динката, син на Константин Држиловиќ и брат на Славка Динкова.

Роден и одгледан во една фамилија каде секој член беше надахнат и опиен од идеалот на националната преродба, Ѓорѓи Динката го продолжил со уште поголема жештина будителското дело на својата фамилија. Тој во прво време учел во грчката духовна семинарија во Халки (Цариград), а потоа во 1860 година заминал за Москва за да се посвети на теолошките науки. Во московските библиотеки на Динката му се дало можност да се запознае со руската култура и македонската историја, за која црпел податоци од богатите архиви. Од Москва Динката се враќал во Македонија не како теолог туку како пламенен револуционер, напоен од слободољубивите чувства и социјалистички убедувања - крајни идеи како што се нарекуваа во тоа време, бидејќи во Москва Динката се движел во кругот на напредните луѓе, меѓу кои го проповедале социјалистичкото учење познатите пионери на социјализмот во Русија - Чернишевски, Доброљубов, Белински и други.

Динката пред себе си поставил тешка задача: неговиот народ да се ослободи од мракот на неписменоста во кој го држи апсолутистичката отоманска држава и патријаршијата. Да се дигне глас против семоќните владици во тоа време, кои ја уживале полната доверба и поддршка на турските власти, а тоа значеше човек однапред да се осуди сам себе. Кога Динката се вратил во Солун и отворено започнал борба против чорбаџиите и духовенството, што на семожни начини го експлоатирале македонскиот народ, тој бил обвинет пред турските власти како опасен човек за државата на Падишахот, руски апостол и револуционер. Динката бил фрлен во Видинската тврдина 1862 година, а оттаму во цариградските затвори, откаде е ослободен со руска интервенција дури по две години.

По излегувањето од затворот Динката го продолжил големото дело и со својата сестра и на нејзино име го отвора како што видовме погоре првото словенско училиште во 1865 година. Како резултат на агитацијата на Динката во Солун и околината помеѓу Македонците кои доаѓале во градот за трговија, почесто се сретнувале со своите духовни водачи во местата “Јаси Ол”,

“Чауш манастир” и по други места. Во 1866 година била предадена петиција до централната турска власт од име на сите Македонци од Солун. Со оваа петиција се барале права за Македонците од Солунскиот вилает. Во 1868 година, на 8 февруари, како резултат пак на дејноста на Ѓорѓи Динков, било свикано “народно” собрание во Солун. На ова собрание бил избран и општински совет од Иван Лазаров, касиер, Блаже Х. Лазов, Димитар Паунчев, (Кирјак) ,Држиловиќ, Јосиф Петков и Трајко Петровиќ како советници, а помошници Панајот Лазов и Стефан Х. Василковиќ. Дејноста на македонската општина во Солун главно се состоела во отворање на училишта и извојување на своја независна црква со македонско свештенство. Солунските општински првенци во таа своја дејност имале голема помош од македонските преродбеници и од другите краеви на Македонија – Кузман Шапкаров, Димитар Миладинов, Рајко Жинзифов, Нако Станишев и други.

По првото, во 1870 година во Солун, било отворено второ училиште при “Вардарската порта”. Во 1880/81 учебна година по настојување на Кузман Шапкаров биле отворени и две гимназии, што работеле се до 1913 година.

Ѓорѓи Динката патувал низ Македонија, собирал географски, историски и фолклорни материјали, а истовремено се занимавал и со пишување на статии, преку кои се стремел да ја пробуди словенската свест на македонскиот народ. (И кај Динката често била присутна заблудата како и кај другите наши преродбеници, да зборува за Бугари во Македонија, што доаѓало од една страна од недостатна информираност, за која било сеедно дали Македонците ќе се наречуваат Бугари, или македонски Словени).

Динката преведувал и некои книги од руски на македонски јазик. По наредба од солунскиот валија во 1868 година го правел турскиот закон за тефишите (инспекторите) и брошурата за обработување на репката. Пишувал и стихови со патриотска содржина, од кои позната му е песната “Самовила”. За јазикот на Ѓорѓи Динката бугарскиот учител во Солун во тоа време Салгантџиев во статијата: “Учителјо Динката”, бележи: “Динката говореше бугарски по таканаречената пуливашко

(Воденско) наречје, кое тој многу жарко љубеше и бранеше, наречувајќи го најблиско до црковнословенскиот јазик" (Подвлекол Х. А.) ("Македонски глас" бр. 27 година I, од јуни 1885 година.) Овој пасос од статијата на Салганџиев убедливо говори дека и кај Динката како и кај мнозина други македонски просветители се појавувал стремежот за култивирање на македонскиот литературен јазик и да ја истакнува индивидуалноста на македонскиот народ, иако уште не многу одредено.

По неколку години учителствување во Прилеп и Витола, Ѓорѓи Динката дошол во костурското село Загоричани.

Во Загоричани Динката се покажал смел реформатор и во училишна система. Дотогаш во воспитувањето на учениците биле употребувани најсурови религиозни педагошки воспитни мерки. Тогашните грчки полуучени учители што учителствувале во Македонија казнуваните ученици ги мачкале на лицето со катран, им товареле на грбот по 10 оки камења и ги терале да шетаат по клупите. Други ги ставале да клечат на подот, откако под колената им ставале чакал или сув грав. Место тоі суров деспотизам во училиштето, тепањето и насилието врз децата, Динката вовел слободно воспитување и човечки однос кон децата.

Прв ја спровел нагледната настава и училишната екскурзија. "Детската природа – учеше Динката - има потреба од напатствија, а не од насилби." Но, истовремено Динката истакнувал уште дека "секој човек има право да се учи на својот мајчин јазик. Македонците треба да имаат еднакви права како и другите поданици на Падишахот". Затоа во прво време кришум, а подоцна јавно, Динката ги учел децата на словенски јазик и наскоро Загоричани постанало просветен центар за цела Западна и Централна Македонија. Во Загоричани кај Динката доаѓале да се учат деца дури од Прилепско, а во меѓувреме неговото училиште прераснало во гимназија. Со помош на својата жена Динката во сопствената куќа во Загоричани отворил и училиште за девојчиња.

Слично и на други македонски општественици и револуционери од 19 век и Динката се носи со убедувањето дека преку просветата постепено ќе се смени деспотизмот и феудализмот како општествена форма. Ги вложува сите свои сили да ги просветува не само децата во училиштето туку држи и јавни беседи за возрасните селани низ целото Костурско и ги крева на отпор против владиците, спроводниците на великогрчката политика во Македонија. Како резултат на тоа во Костурско, особено во Корештата, во сите цркви по селата во кои дотогаш се служело на неразбирлив грчки јазик, сега се воведувала словенската богослужба. Меѓутоа, не задоцнил и одговорот на богатата просветно-револуционерна дејност на преродбеникот Динката. Тој бил наклеветен пред турските власти од костурскиот владика Никифорос и бил фрлен во костурскиот затвор.

По долго мачење, излегувајќи од затворот Динката отишол во Атина како соработник на весникот "Еон" (век), кој во тоа време бил трибуна за напредните идеи, за една балканска федерација. Тоа било уште едно сведоштво дека Ѓорѓи Динката, борејќи се за културните права и национална слобода за својот народ, не ги мразел соседните народи, напротив, и тој мечтаел за една братска соработка на сите народи од Балканот. По две години престојување во Атина, во 1878 година во неопишана беда и маки згаснал животот на човекот, кој како топол сончев зрак ги затоплил душите на македонската, раја во нејзините тешки денови под отоманското ропство.

3. Кукуш - знаменосец на просветната борба

Кукуш меѓу другите јужномакедонски градови бил знаменосецот на движењето не само за училиште на мајчин јазик, туку и за словенска црква. Кукушани, први во Македонија, кога не нашле разбирање кај цариградската Патријаршија не се поколебале да се обратат и до Папата, со што на дело покажале една политичка зрелост и дипломатска вештина. Градот Кукуш на 55 километри североисточно од Солун, до крајот на XVIII век бил едно незначајно село. Меѓутоа, во почетокот на XIX век, со навлегувањето на капитализмот во Македонија и тука се појавила македонска

трговска група, која се занимавала со трговија на жито, кожи, кожурци, сусам, памук и друго. Особено градот напреднал во платнарството, така што кон средината од минатиот век тука работат веќе околу 300 разбои. Изработените бели платна и шарените басми (алаџа) кукушките трговци ги продавале по сите македонски градови, а на запад оделе дури и во Албанија.

Македонскиот виден преродбеник Кузман Шапкарев пишувал дека еден од кукушките трговци, Нако Станишев, ја посетувал цела Западна Македонија и Албанија и ги познавал сите места од оваа област и луѓето како да бил роден и пораснат тука.

Нако Стојмен Станишев не бил само вешт и авторитетен трговец. Огорчената борба, што подоцна ја започнал Кукуш за ослободување од духовниот јарем на Патријаршијата го истакнува Нако Станишев како еден од првоборците на тоа движење. Од Кузман Шапкарев дознаваме дека Нако Станишев станал голем пријател со Димитар Миладинов, кого го наговорил во учебната 1840/41 година да дојде како учител во Кукуш. Тука Димитар Миладинов првиот пат престојувал само две години како грчки учител, но бидејќи на децата предавањата им ги објаснувал на мајчин јазик, тоа предизвикало жолчна реакција кај грчкиот, владика Мелетие, по чие настојување овој македонски просветител морал да го напушти Кукуш.

Димитар Миладинов заедно со Рајко Жинзифов први отвориле сдовенско училиште во Кукуш - кое според пишувањата на современиците, станало пример за целата околија. Владиката Мелетие одново почнал да интригува за да го затвори македонското училиште, што ги натерало кукушани на чело со Нако Станишев први да преземат борба за отстранување на грчкиот јазик и од црквите. Расправиите добиле голема острина во 1858 година, кога поради непопустливоста на солунскиот митрополит Неофит, немајќи друг излез кукушани се обратиле до католичката црква. Една лазаристичка мисија од Солун (и порано) кога дознала за разидувањата помеѓу граѓаните од Кукуш и владиката се обидувала да отпочне преговори со кукушаните, меѓутоа, општината, на чело со Нако Станишев, одбивала секаква спогодба со нив. Кукушани се уште сметале

дека не се исцрпени сите средства за постигнување на спогодба со Патријаршијата. Кон средината од 1858 година во Русија се дознало за движењето на кукушаните за спогодба со католичката црква и оттаму на брзина била испратена комисија со цел да ги отклони кукушани од нивната намера за поврзување со католичката црква, на што, изгледа, се противел и Димитар Миладинов. Кога руската мисија заминала од Кукуш, кукушани испратиле за последен пат една делегација на чело со Нако Станишев и Димитар Миладинов до солунскиот митрополит Неофит, кому му ги изнеле барањата на кукушкото население. Бидејќи и овојпат не бил постигнат никаков успех и кога Димитар Миладинов со еден дел од делегацијата се вратиле во Кукуш, Нако Станишев со другите се појавил кај францускиот конзул во Солун и почнале преговори со лазаристите. При враќањето во Кукуш делегацијата свикала "собрание" на кое народот еднодушно ја одобрило постапката на делегацијата.

На 23 јули 1859 година преку лазариската мисија во Солун била испратена молбата на кукушани до Папата Пие IX. Во оваа молба, потпишана од 79 жители на Кукуш, меѓу кои и 4 свештеници, откако се опишувало непријателското држење на грчкото духовенство, се предложило признавањето на Папата како духовен водач под услов да не се воведат никакви промени во нивните обреди. "Ние го заколнуваме Светиот Пие IX да не се прави никаква измена во црковните служби, во извршувањето на светите тајни, во облеката на нашите свештеници и во јазикот на кој се извршуваат црковните служби, кој е стар бугарски, со други зборови старословенски јазик". (Славко Димевски "Кукушката унија од 1859 година", "Гласник на Институтот за национална историја" Скопје 1959 година, број 2, стр. 132.)

По испраќањето на молбата, во Кукуш пристигнал лазаристички претставник од Солун, Тирок, кој заедно со градските првенци го посетиле турскиот мудир, пред кого Тирок објаснил дека кукушаните ќе бидат под закрилата на францускиот конзул во Солун, за што бил известен и солунскиот паша. Треба да се истакне дека турската управа во прво време со благонаклоност гледала на ширењето на

католицизмот и унијатството во Европска Турција, бидејќи на овој начин слабееле-позициите на Царска Русија на Балканот.

По Тирок Кукуш го посетил и католичкиот мисионер од Цариград Боре кој ги известил кукушани дека нивната молба била усвоена од Папата.

Подоцна Нако Станишев бил повикан во Цариград да даде објаснение за постапката на кукушаните да "ја изменат верата". Дедо Нако Станишев на своите критичари им одговорил: "Кога хирурзите видат дека некој дел од телото е гангреносан ќе го пресечат за да го спасат телото. Така и ние, видовме дека управата на верата ни е гангреносана, за да си ја избавиме народноста, бидејќи никако не можевме да ја пресечеме самата управа, ја пресековме заедно со верата, за да си ја спасиме народноста! Како може да суштествува вера ако нема народ! Народ без вера - бива. Тој ќе си најде една која и да е вера, но вера без да има народ не може никогаш да суштествува". (Кузман Шапкарев, "Материјали за животоописанието на братја Х. Миладинови и Димитрија и Константин, и прибавление нешто и за животот на Нака С. Станишев, стр. 54. Блаже Ристевски "Унијатството во Македонија", II дел во списанието "Разгледи" од јуни 1960 година стр. 1025).

Пред Патријаршијата и за да се отргне Кукуш од унијатството, на 29 октомври 1859 година бил ракоположен и испратен за кукушки владика Партенија Зографски.

Партенија е роден во село Галичник, Дебарско, во 1820 година. Во Охрид учел кај Димитар Миладинов, кој го задоил со патриотски дух. Своето школување го продолжил во Атина и најпосле завршил духовна академија во Москва. По враќаќето од Москва Партенија Зографски се поврзал со Димитар Миладинов, со кого активно соработувал за националното осознавање на македонскиот народ.

Како литератор Партенија бил познат со неговите учебници на македонски јазик, во чие што издавање му помагале познатите солунски преродбеници Кирјак Држиловиќ и браќата Паунчеви. Негови познати дела се: "Кратка свештена историја" и

“Началное учение”. Слично на браќата Миладиновци и Партенија издал една збирка на македонски народни песни. Тој работел на култивирањето на македонскиот литературен јазик. “Партенија сакаше да се даде предимство на дијалектите од Западна Македонија, што тој ги наоѓаше за похармонични...” (Симеон Радев, “Македония и Българското възраждане”, стр. 239).

Учебниците на Партенија биле многу сакани од учениците и во врска со ова Рајко Жинзифов го пишува следново: “Родителите не можеа да се нарадуваат кога ги слушаа своите деца да им читаат од “Свјаштената историја” на Отец Партенија, кој попосле стана владика на кукушани, а ним не им требаше да прашаат што е напишано во книгата, зашто сами го разбираа тоа што се читаше” (Ѓорѓи Абаџиев, “Егејска Македонија во нашата историја”, стр. 119).

Константин Дуров од Дојран, инаку серски учител, во една дописка во “Цариградски весник” ги изнесува своите впечатоци од првата средба со Партенија во Дојран, со овие зборови: “Не можев да се наслушам од радост на неговите проповеди во црквата што ги кажуваше на два јазика. Прво говореше на грчки. Но, кога виде дека никој не го разбира, истата дидахија ја прикажа па македонски јазик. (подвлекол Х. А.). Тогаш моето срце не можеше да издржи и солзи од очите ми потекоа”. (“Цариградски весник” од 13.II.1860 година). Партенија по селата од својата епархија на секаде отворал македонски училишта. “Неговото богољубие отвора на секаде по селата училишта и буквариte што ги беше напечатил се изарчија, и сега повторно прави во Цариград за да се напечатат”. (* “Цариградски весник” бр. 475 од 19.III.1860 година.)

Кукушкиот владика Партенија Зографски со помошта на населението од својата кукушко-полјанска епархија застанал на чело на барањето за одделна македонска митрополија, независна од солунската митрополија како продолжение на Охридската архиепископија, како прва институција за самостојна македонска црква. Меѓутоа, неуспехот на ова барање, главно поради жестокото реагирање на цариградската Патријаршија, довело и до разидувања меѓу Партенија и

кукушкиот првенец Нако Станишев, кој сметал дека владиката недоволно се ангажирал околу самостојната кукушка Митрополија. Партенија на крајот ја напуштил кукушко-полјанската епархија и повторно на негово место се вратил грчкиот владика Мелетие. Тоа придонело еден дел од кукушани да преминат дефинитивно кон Унијата. На католичкото влијание се должи и културното издигање на Кукуш. Тука француските лазаристички мисионери отвориле црква, сиропиталиште, болница, аптека и школа, што служеле како пример во градот.

Со помошта на унијата македонското национално движење си отворило пат и во Енице-Вардар. На чело на движењето за училиште на мајчин јазик и црква тука застанал седумдесетгодишниот белобрадец Поп Димо. Овој стар свештеник следејќи го примерот на Хаџипавел Божигропски, на Димитар Миладинов и други преродбеници кои поминувале низ Енице-Вардар, развил широка преродбенска дејност, што не го избегнала будното око на грчкиот владика од Воден, Никодин. Овој, последниот, за да ја спречи дејноста на Поп Димо издејствувал кај турските власти да се издаде заповед за заточение на овој македонски преродбеник. Но, Поп Димо со одобрение на народот побарал заштита од унијатите. Тој лично заминал за Цариград и му ја предал молбата за стапување во унијатство на администраторот Дон Петар Арабаџиски, кој радосно го примил и го снабдил со потребните документи за да може непречено да ја врши својата служба. Дело на Поп Димо било и отворањето на првото училиште во Енице-Вардар, кое прераснало во прогимназија и работело се до балканските војни од 1912-1913 година.

Македонски училишта (општински и егзархиски) во Енице-Вардарско во 1913 година имало во селата Бабакој, Бајалци, Тушилево, Дамјан, Либјахово и во самиот град.

Во текот на 1863 година во Воден се воделе најрешителните борби за македонско училиште и црква. Во ова време се забележани и зачетоците на младата македонска индустрија во овој град - свиларството и кожарството, масларството итн. На чело на движењето за национална просвета се наоѓаа: Ѓорѓи

Аџигогов, Христо Либарчев, Д. Занешев, Христо Камчев, Калима, Димитар Фотев, Њ. Љушката, Иван Бизовецот, Ташко Константинов, Иван Сребров, Н. Иванов и некои други.

Ако македонските првенци со Нако Станишев во Кукуш во преродбенското дело наидувале на потешкотии единствено од владиката Мелетие, во Воден, освен владиката Никодин, отпор на македонското движење даваа и малата група воденчани собрана околу владиката. Тоа биле: Григор Карахаџиев, Анастас Биличот, Димо Крцолев, Христо Нојче, Христо Николов, Пандо Мутавчија, Христо Пешо и Јован Димов. Поводот на делењето на граѓаните на "грчка" и "бугарска" партија бил самиот владика, кого народот го мразел главно поради фактот, што тој бил олицетворение на експлоатацијата и главен спроводник на големогрчката асимилаторска политика во Македонија: тој станал огорчен противник на секој потфат што водел кон национално разбудување и еманципација на македонскиот народ. Во тоа се разбира му помогнал и фактот што духовната и просветната борба на Македонците ја експлоатирала за свои цели бугарската пропаганда.

Во цариградскиот весник "Македонија" број 54 од 30 мај 1877 година била објавена и петиција од воденските граѓани со која бараат да престане над нив јуриздикцијата на грчките владици и да се воведе мајчин јазик во училиштето и црквата. Во овој документ стои: "Во училишата ние сакаме прво да се изучува мајчиниот јазик и на него прво да се воспитува нашата челад, а после на турски и најпосле ако има време и на други јазици. Во своите цркви сакаме да ги слушаме молитвите, словото божје на нашиот јазик".

Првото македонско училиште во Воден било отворено во 1865 година во куќата на родољубецот Ѓорѓи Аџигогов со 117 ученички. Истата година од Цариград во Воден пристигнал видниот културен деец Димитар Македонски, родум од село Емборе, Калјарско, кој пак во куќата на Аџигогов отворил машко училиште со 90 ученици. Но, на седмиот ден од отворањето на училиштето, Димитар Македонски бил уапсен и испратен од турските власти на заточение.

Ѓорѓи Аџигогов бил еден од познатите трговци во Воден. Тој во градот прв отворил фабрика за точење на свила заедно со еден Швајцарец. Бил многу интелигентен и со големи познавања. Учел во Атина и Виена. Со лични средства на Ѓорѓи Аџигогов се издржувало училиштето и црквата во Воден. Самиот одел по селата и го будел народот да се бори за родно училиште и словенска црква. Опаѓањето на трговијата во Македонија, во еден период од втората половина на XIX век, го засегнала и Говиот имот. Но и покрај своето економско запаѓање Гого не се откажал од борбата на која целосно и бил посветен. Кога еден ден се обратил за помош до Егзархијата, му било одговорено: "Да не очекува никаква помош за трошоците на движението и дека би требало да се повлече од општествената работа, бидејќи им пречел..." (Из спомените на две учителки во Македонија", стр. 140, Македонски преглед, година I, кн. 5 и 6). Егзархијата не му простила на Ѓорѓи Аџигогов што тој на чело на делегацијата од Водечско се наоѓал во групата на оние македонски делегати, кои на Цариградскиот собор од 1870 година дошле во Цариград со намера да побараат обновување на Охридската архиепископија.

До приквечерината на Балканските војни во Воденско биле отворени македонски училишта во селата: Владово, Волкојаново, Вечиста, Жерви, Кронцелово, Луковиц, Месимер, Острово, а во градот Воден, освен основното училиште имало и гимназија.

4. Движењето во Меглен

Кон средината на минатиот век малите мегленски трговци на пипер, кожурци и мануфактура, кираџиите и занаетчиите ги воспоставувале првите врски со Битола, Воден и Солун и во Меглен први го пренесувале новиот национален дух кој имал завладеано и во другите краишта на Македонија. Не е за потценување и улогата на одделни Македонци од овој крај, кои по неколку години престојувале во светогорските манастири Хилендар и Зограф и оттаму ја пренесувале во своите села словенската писменост.

Во движењето за училиште на мајчин јазик во Меглен челното место му паѓа на селото Саракиново. Уште во 1856 година во ова село децата започнале да учат на мајчин јазик, поучувани скришум од грчкиот учител Грпљо но од македонско потекло, родум од Струмица. Во прво време неговите ученици се учеле на ракописни букви, бидејќи уште немало македонски буквари и читанки. Оваа работа на учителот Грпљо (прекар заради издупченото лице од сипаница) им се допаднала на саракинските првенци, на прво место на браќата Петар и Христо Попови. Во 1859 година умрел Грпљо и на негово место дошол учителот Пандо, родум исто од Струмица. Во 1863 година во Саракиново дошол и друг учител на име Ѓорѓи Маленикoв, којшто дал уште поголем полет на просветата. Маленикoв донел во Саракиново за првпат печатени буквари за учениците. Во 1868 година Маленикoв бил наклеветен од припадниците на грчката струја и бил фрлен в затвор. За тоа време децата бесплатно ги учел Поп Иван Јанев. Со затворањето на нивниот учител селаните уште повеќе биле предизвикани од постапката на грчките црквени власти и затоа го испратиле селскиот првенец Христо Попов во Битола кај тамошните македонски дејци и кај рускиот конзул. Од Битола Христо Попов заминал за Велес, каде што го пронашол учителот Андреја Богданов, кој во Саракиново учителствувал 5 години.

Свештеникот Иван Атанасов од Саракиново во својата хроника за преродбата во неговото родно село споменува, дека браќата Петар и Христо Попови биле меѓу оние родољупци, кои заедно со Ѓорѓи Аџигогов и браќата Занешеви од Воден воделе борба и за воведување на словенски јазик и во црквите.

Речиси, истовремено кога во Саракиново било отворено првото училиште (1858 година) и во село Тушим на источната страна од областа Меглен, децата почнале да се учат на македонски јазик. Иницијатори за отворање на училиштето во Тушим биле родољупците Трајо Праматаров и Иван Стојков. Во 1883 година било отворено училиште во големото село Пожарцко, каде учеле четири учители. Во 1885 година македонско училиште има и во Долно Родиво, во 1886 во Струпино, во Цакони, а во 1890 година и во гратчето С’ботско, кое подоцна, во 1906

година, станало и административен центар на Мегленската нахија. Во 1890 година во селото Лесково прв отворил домашно македонско училиште Гошо Танов.

Во 1893 година било отворено училиште во село Зборцко, а малку подоцна во 1904 година во селата Почеп и Горно Родиво. Во 1906 година во гратчето С'ботско била отворена и прогимназија со интернат за децата од другите места.

Во учебната 1909-1910 година во Меглен имало веќе македонски училишта во следните села: Саракиново, Бизово, Тушим, Пожарцко, Долно Родиво, Струпино, Цакони, С'ботско, Зборцко, Лесково, Почеп, Горно Родиво, Тудурче, Црнешево, Волчишта, Тресино, Полјани и Капињани.

Кон средината на XIX век и Боемиската област, со центар градот Гуменџе, била опфатена од националното движење. Во тоа време гуменџанските првенци биле познати во Македонија и понатаму, особено, по доброкачествените вина и коприната.

"Куќата на црковниот и народниот деец дедо Тано Захаринов била позната и надвор од Гуменџе и во Солун како прва трговска куќа на вина од гуменџанскиот крај". (Владимир Караманов "Од Кукуш до Гуменџе" стр. 93, во Македонски преглед, год. X кн. III и IV).

И во Гуменџе, како и во другите македонски градови, децата на трговците, првата писменост ја добивале на грчки јазик при неписмени патријаршиски попови. Ваквото учење не можело да ги задоволи потребите на трговијата. Се барало учење на жив и разбирлив јазик. Затоа гуменџанските замошни родољупци своите деца често ги испраќале на учење дури и во Пловдив и Загреб. Првото македонско училиште во Гуменџе го отворил монахот Харалампиј Ајдаринов, во кое првата година биле запишани 30 ученици. Меѓу првите учители биле Ѓорѓи Пејков од Гуменџе и Захарија Ѓорев од Куманово. Гуменџиските трговци Христо Севинов и Димо Румалиев во Солун го пазариле Никола Манов за 3.500 гроша годишно да им ги учи децата. Никола Манов бил првиот македонски учител што тука ја вовел "звучната настава".

Националното бранување од Гуменџе се пренело и во околните села, Крива, Тумба, Горгопик, Кониково, Литовој и други села. Учителите во прво време се издржувале од парите што се собирале во црквите од богомолците. Имало граѓани кои што давале по еден грош неделно за издржување на учителот. Во периодот меѓу осумдесеттите години од минатиот век отворањето на македонски училишта зело најголем замав.

Серскиот и неврокопскиот панаѓур од средината на минатиот век одиграле важна улога во културно-просветното собудување и националното издигање на Македонците од Источна Македонија. Тука доаѓале трговци од Тракија, од Прилеп и Велес, од Централна Македонија и заедно со размената на стока се разменувале и мисли околу националното движење.

Во Серско широка преродбенска дејност развил Стефан Верковиќ, по народност Србин од Босна, кој во тоа време се бавел со собирање на стари монети и македонски народни песни. Верковиќ одржувал врски со повеќе македонски првенци, од цела Македонија и Цариград. Во Серско првите негови соработници околу македонското просветно дело биле монасите Теодосија и Дионисија, трговецот Говедаров, дедо Ижо, Градинар, Илија Касаров, учител од Серез и други.

Првото македонско училиште во Неврокоп било отворено 1840 година од Даскалот Константин, мутавџија по занает. Бидејќи по враќањето од своето школување во Ниш, Видин и Галац мутавџијата Костантин во своите беседи прв го употребил називот “господин” населението му го дало прекарот Господин.

Во прво време учителот Господин децата ги учел во својата мутавџилница, на грчки јазик за кој се служел од црковните книги Октаих, Псалтирот и Часловот, а за словенски јазик го користел Неофитовото евангелие, како и бугарскиот буквар (веројатно буквarот на Петар Верон излезен уште 1825 година). Секој ученик му плаќал на учителот по два гроша месечно, како и разни подароци во продукти.

Друг учител во Неврокоп бил Маниди Куциот од Мелник, кој во 1850 година како учебен предмет во училиштето го вовел словенскиот јазик по два часа неделно, граматика и краснопис. Таа реформа на Маниди му донела многу перипетии и на крајот отпуштање од службата во 1852 година од драмскиот владика Мелетие.

Меѓутоа, неврокопчани правото да отворат свое македонско училиште и црква го извојувале одвај во 1865 година на чело со првенецот Никола Мандушев.

Грчко училиште во селото Трлис имало уште во 1815 година. Тука учителствувал и Македонецот од истото село Иван Симеонов Балабанов, кој се занимавал и со публицистика. Брошурата "Одигос Тис евсевијас" (Водич на благочестието) била негова и книгата "Кипос полиантис" (Многуцветна градина), издадена во Пешта 1840 година. Во оваа книга Иван Симеонов му се заблагодарил на грчкиот јазик што него го просветил. Меѓутоа, Иван Симеонов истовремено признава дека тој самиот не е Грк, туку дека му припаѓа на словенското племе. Изгледа дека Иван Симеонов од грчки станал подоцна македонски учител, што не тера да веруваме следниот документ: Во Хрулевото издание на Софронието од 1856 година се вели: "Господин учителот Иван Симеонов, Македонец од село Трлис, што е бил најпрвин учител елински во Големо Трново..." (* Јордан Иванов "Б'лгарите во Македонија" стр. 117, во документот број 114.)

Друг пионер на словенската писменост во Серско бил архимандритот Исаија, кој од 1851 до 1856 година учителствувал во с. Трлис, а подоцна во Неврокоп и Серес. Исаија со словенскиот јазик и писменост се запознал во духовното училиште во Халки (Цариград) кај Неофит Рилски. Неговото сесрдно залагање за просветување на неговите сонародници на жив мајчин јазик му предизвикало големи потешкотии, од што и умрел 1878 година во неопишана беда.

Друг еден народен учител, Н. Иванов во с. Ковачница, освен учителската должност во училиштето, често држел и предавања на македонски јазик. Во неговата лична архива биле сочувани

две од тие предавања напишани на популарен јазик на месното наречие. (Ангел Даскалов “Из минатото на Неврокопско...” Македонски преглед, година VII, кн. 1, стр. 98).

Во Неврокоп по иницијатива на самите учители и по примерот на грчкиот Силогос од Серез, било организирано учителско друштво, во кое во првата година, 1874 година, биле запишани 30 члена. Друштвото примало членски внос од учителите, а било потполнето и од граѓанството.

Просветното дело во подоцнешните години освен во Неврокопско се проширило и во големите села - Плевна, Драмско, Просечен, Скрижево, Зихненско, Горно Броди, Серско, Крчово и Крушево, Демир Хисарско, Старчишта итн. Мнозина од позамошните ученици од Источна Македонија го продолжиле своето учење како стипендисти во Москва, Одеса, Софија, некои во Швајцарија и Белгија. Во учебната 1906-1907 година само во Неврокопската каза биле отворени едно класно училиште со 3 учители и 65 ученици и 42 основни училишта со 58 учители и 2.980 ученици. Училиштата биле издржувани од приходите на црквите од неподвижните имоти и од создадени капитали на културно-просветните установи.

5. Културно просветното движење во Западна Македонија

Селото Трсје прегрнато во пазувите на легендарната Вич Планина не можело да им обезбедува поминок на своите жители и тие како одлични дрводелци и sидари оделе уште од многу одамна во Света Гора на печалба. Таму работеле по цело лето на манастирските имоти, а зимата ја поминувале при своите фамилии. Некогаш со трсјанските печалбари заминал и младиот Трајко поп Анастасов, кој меѓутоа, не останал како дрводелец, туку ја облекод монашката облека и се посветил на монашкиот живот.

Минувале годините и младиот Трајко скоро бил и заборавен, кога еден ден од 1864 година во Трсје пристигнал калуѓерот дедо Герасим. Тоа е монашкото име на Трајко поп Анастасов. Последните години од својот живот дедо Герасим сакал да ги посвети во служба на своите сонародници и неговата

благородна замисла била, селските деца да ги научи да читаат и пишуваат на својот мајчин јазик. Со својата заштедина од Света Гора и со помошта на своите соселани Отец Герасим соградил нова црква, во која сите натписи и икони биле напишани на словенски јазик. По изградбата на црквата дедо Герасим сакал да исполни уште една своја желба - да изгради народно училиште. Во 1866 година до црквата се издигнало и училиштето во селото Трсје, кое било и првото македонско училиште во цело Леринско. Монахот Герасим бил првиот учител, кој ги запознал со словенска азбука не само децата од своето родно село, туку и од околните. При немање учебници на македонски јазик, дедо Герасим своите ученици ги учел на црковно-сдовенски јазик, служејќи се со текстови од Псалтирот, Службеникот, Требникот, апостолот и од Евангелието. Десетина од учениците на Отец Герасим подоцна станале свештеници и учители.

Пламенот што со себе го донел од Света Гора скромниот монах од планинското село Трсје, малку подоцна го зафатил цело Леринско. Во преродбата и националното будење на овој крај многу придонеле и двајцата браќја од Леринското село Пателе, д-р Константин и Панарет Мишајкови. На нивната неуморна агитација се должи поставувањето на темелите од македонското учебно дело и отворањето на словенски цркви во повеќе села од Леринско.

Во народното движење предничат селата: Неволјани, каде била изградена импозантна двокатна зграда за училиште, Екши-Су, каде покрај многубројните училници имало и убава сала за приредби, во Буф, Зеленич, Песошница, Пателе, Баница, Воштарани и Попожани.

Во самиот град Лерин на чело на духовната борба на Македонците застанал свештеникот Константин Гулапчев со првенците: Димуша, Васил Караџатев, Јанаки Канев, Коце Хаџистојков, Нуне Гражов, фамилијата Бојаџиеви, Кирковци, Зафирови и некои други побудни македонски фамилии. Првиот словенски параклис бил приспособен во куќата на родољубецот поп Константин Гулапчев, а по извојувањето на султанскиот

ферман, леринските првенци ја соградиле и црквата “Св. Пантелејмон”.

Во 1910 година со средства од самите граѓани (биле собрани 810 турски лири и 60 наполеони) на местото на македонското училиште - за кое немаме точни податоци кога било отворено, била изградена нова училишна зграда со убави училници и интернат.

Како плод на 40-годишната борба и опасности за извојување на духовни права, во Леринско биле изградени и отворени 46 цркви и 3 манастири, во кои се служело на словенски јазик и отворени македонски училишта во селата: Ајтос, Арменор, Баница, Буф, Воштарени, Врбјани, Горно Невољани, Долно Котори - Екши-Су, Забрдени, Зеленич, Крушоради, Нерет, Песошница, Петерско, Попожани, Прекопана, Пателе, Трсје, Церово, како и во градовите Лерин и Сорович, кои работеле се до Балканските војни од 1912-1913 година.

Заради историјата нека биде забележано, дека во селото Трсје било отворено првото македонско училиште, а во Трсје на 20 мај 1901 година пукнала и првата осветничка пушка во Леринско, што го дала сигналот за вооружената национално-ослободителна борба во овој крај на Македонија.

Во Костурско, каде како што споменавме, националното културно-просветно движење било разгорено од учителот Ѓорѓи Динката, на 17 октомври 1869 година во градот Костур била организирана голема демонстрација, при што бил нападнат станот на грчкиот владика. Демонстрантите околу 400 на број работници и занаетчии, барале на местото од грчкиот да биде назначен словенски владика.

Кон деведесеттите години од минатиот век и во Костурско јасно се искристализирало едно движење за отстранување на влијанието на Егзархијата во македонските училишта. Конкретно во 1892 година во Костур бил направен обид за воведување на македонскиот јазик во училиштата. Бил организиран специјален состанок на кој учествувале шест учители. Костурската црковна општина го донела решението

под број 17 од 22 август 1892 година, со кое се одобрувало воведувањето на македонскиот јазик во училиштата. Во самото решение се велело дека учителите ќе состават програма за предавање на македонски јазик, како и граматика, исто така на македонски јазик. Со оваа програма би биле опфатени и училиштата во селата Мавровo, Личишта, Тиолишта и Шестеово. Општината донела решение македонскиот јазик да се воведе и во црковната администрација. Српскиот конзул во тоа време во Битола Дим. Боде споменува во своите писма до Министерството за надворешни работи во Белград, дека освен граматика комисијата составила и македонски речник.

Од костурските македонски училишта излегле ученици кои подоцна своето школување го продолжиле во Солун и во други места, а мнозина од нив како Лазо Поптрајков, Пандо Кљашев, и други подоцна ги напуштиле своите училишта и застанале на чело на македонското национално ослободително движење во Костурско.

6. Судрување на македонските и бугарските интереси

Неколку години уште пред формирањето на бугарската Егзархија групата бугарски дејци по црковното прашање во Цариград како и луѓето од цариградското бугарско читалиште се обидувале движењето на Македонците за училиште и црква на свој македонски јазик, да го потчинат на интересите од бугарската национална буржоазија и на нејзините аспирации во Македонија.

Кон шеесеттите години од деветнаесеттиот век македонските родољупци и културни работници преку Солунската општина го изразувале своето спротивставување кон бугарските националистички интервенции и со тоа истовремено го афирмирале македонскиот јазик во училиштата и во јавниот живот на Македонија. Во колкави размери еволуира судрувањето се гледа од пишувањето на бугарските весници од тоа време, во кои македонските дејци од Солун се наречувани “стари” “назадни” “гркофили” и така натака. А тоа се токму оние македонски првоборци за создавање на македонска

национална култура Држиловци, Паунчеви и други, кои први ја започнале борбата против фанариотите во Солун.

Солунчани отишле дотаму да ги отпуштаат од служба од солунските македонски училишта испратените од Цариград бугарски учители Бошков, Неделка и Станислава Петкова. При обидот на бугарската група од Цариград словенското одделение на весникот "Сељаник" - што требало да почне да излегува од Солун да се издава на бугарски јазик, солунските Македонци, настојувале тоа да биде на македонски јазик, зашто весникот бил орган на солунскиот вилает каде живееле покрај Турци, Грци, Евреи и Македонци. Во цариградска "Македонија" бил објавен остар напад против протагонистите за наложување на македонскиот јазик и против самиот македонски јазик. Во истиот весник "Македонија" (број 24 од 1868 година), еден дописник под потписот "Еден Македонец" станал во одбрана на постапката на солунските Македонци и на македонскиот јазик, за кој вели дека ги зачувал драгоценостите на Кирило-Методиевото писмо.

Бугарскиот учител Салганџиев, испратен од Цариград да ја спроведува бугарската национална политика во Солун, за отпорот на солунчани против бугарското влијание во Македонија, пишува: "Во тоа време (1868-1869) беше завеал оној ветер на одамна замисленият план од некои учители од Западна Македонија, според кој, македонската младина требало да се ограничи да учи и се развива исклучиво на македонското наречие и за таа цел беа започнале да издаваат и издадоа неколку учебници на тоа наречие, дел од кои беа складирани во магазата на еден од Бошковите гонители". (* С. К. Салганџиев "Лични дела и спомени", Пловдив, 1906 година, стр. 34.)

Во движењето за сопствена македонска култура и национален развиток посебен прилог претставувала и дејноста на македонските сепаратисти и учебникари од Јужна Македонија, Вењамин Мачуковски, од село Мачуково, Гевгелиско и Димитар Македонски. Првиот, по своето враќање од Русија каде бил на студии во 1869 година бил назначен уште истата година за учител во солунското општинско училиште. Мачуковски составил "Граматика по македонското наречие" за

да им овозможи на учениците во Македонија полесно да го изучуваат својот роден јазик. Споменатиот погоре Салганџиев по тој повод бележи: “Треба да забележам дека со заземањето на учителската должност од г. Мачуковски, секој велеше како родум Македонец новиот учител ќе ги задоволи претензиите на извесниот кружок - да се предава на учениците по македонското наречие...” (Исто таму “Лични дела и спомени”).

Гледајќи го општото расположение на Македонците да се ослободат од туторството на грчката црква, но и од бугарската Егзархија, која во меѓувреме била формирана (1870) и раководени од сосем подруги побуди, имено, да ги благонаклонат Македонците на своја страна, раководните центри на грчката и српската пропаганда во Македонија индиректно ја признавале посебноста на македонската народност и македонскиот јазик. Во тој поглед карактеристичен бил ставот на Цариградскиот грчки силогос, објавен во весникот “Марица” од 8 август 1878 година во интерпретација на еден солунски допионик. Тој став бил изразен вака: “Треба да се скрие омразата спрема заблудените населенија што држат схизматична етзархија; тие треба да се убедат дека целото население што живее во Македонија не е ниту бугарско, ниту грчко, туку македонско (подвлекол Х. А.) и дека во тоа опширно поле нема причина за омраза и за делба”.

Сличен бил ставот и на турскиот реформатор Митхад-Паша, кој во својата тенденција да ги оттргне Македонците од руското влијание, често пати како солунски валија го посетувал македонското училиште, во Солун; наредил да се раздели црковната каса во Воден меѓу гркоманите и другите Македонци, а отворено се застапил за барањето на Македонците да формираат македонска црква со реставрирање на Охридската архиепископија.

Носители на македонското движење во Србија во 80-тите години од деветнаесеттиот век покрај истакнатиот крушовчанин Деспот С. Бацовиќ бил и свештеникот од село Буф, Леринско, Костадин Трпковиќ. Во еден сочуван документ се споменува, дека поп Костадин се наоѓал на чело на македонското востание во Битолско и тој самиот за себе

пишува: “Јас сум родум из села Буфа, округа Битолског у Македонији. Занимао сам се свештенством до 1860 година, а тада при покрету који је био управљен за ослобоћење христијана испод јарма - био сам и ја у том устанку који сам прво место заузимао, а и по нашој несречи предузече није испало за руку, те така и ја допаднем у руке турске власти која ме осуди на вечиту робију...” (Архив на Српската патријаршија, Ф. Ј. бр. 7 од 7 септември 1878 година).

Костадин Трпков, меѓутоа, не бил само свештеник во село Буф. Тој се појавил и како иницијатор за отворање на првото словенско училиште во своето село. Училиштето во Буф треба да било отворено негде околу 1861 година. Таа истата година Трпковиќ или Трпков патувал за Белград, што го искористил да побара од Министерството за просвета на Кнежевството Србија да се снабди со просветен материјал. Неговата желба била задоволена со тоа што му биле дадени извесен број буквари, читанки, или вкупно 186 книги и школски материјал. (Државен архив на СР Србија, Министерство просвете, Ф. Х. 1612/1861).

Македонскиот сепаратистички дух јасно бил изразен и во еден друг документ. Во едно писмо со дата од 9.V.1888 година на тајниот Македонски комитет, што дејствувал во Софија, испратено до Деспот Баџовиќ од припадникот на македонистичкото движење Темко Попов, од Солун, се вели: “Да не се лажеме Деспоте, националниот дух во Македонија до такво дереџе денеска е стигнал што и сам Исус Христос ако слезит од небоно не можит да го уверит Македонеца оти тој е Б’лгарин или Србин, освен оние Македонци во кои веќе пропагандата б’лгарска се има вкоренено”. (Д-р Климе Џамбазовски “За некои национални македонистички тенденции на македонската емиграција во Србија кон крајот на 19 век”, во Гласникот на Институтот за национална историја, год. петта, стр. 171).

Виден македонски просветен деец од ЈужнаМакедонија кој со своите трудови најмногу ја истакнал македонската национална индивидуалност и теоретски ги побивал странските асимилаторски и денационализаторски пропаганди во

Македонија бил Крсте Петков Мисирков, родум од село Постол, Ениџе-Вардарско.

Филолошките знаења на Мисирков му овозможиле научно да ја докажува и брани националната посебност на Македонците, нивниот јазик и специфичниот културен развиток, елементи што, покрај другото претставувале важни обележја на една нација. Мисирков во својата знаменита книга "За македонцките работи", научно докажува дека имињата Србин, Грк или Бугарин, со кои балканската буржоазија ги крстела Македонците, биле дел од пропагандата на соседните балкански држави за остварување нивни заграбувачки аспирации кон Македонија. Излегувањето на книгата "За македонцките работи" посретната и прогонета со најголема свирепост од великобугарите и врховистичките кругови во Софија, бил еден од најсериозните документи што најаргументирано го објаснувал постоењето на македонската нација и јазик, означувајќи ја Македонија како посебна историска географска и етничка единица.

Целиот животен пат на Крсте Мисирков, поминат во емиграција во Русија и Бугарија, бил одбележан со пламена агитација преку научни предавања и публицистичка дејност околу македонската кауза. Во статијата "Македонски национализам", објавена во весникот "Мир" од 25 март 1925 година, Крсте Мисирков остро го осудувал натпреварувањето на српската и бугарската пропаганда во Македонија, од што страдал само македонскиот народ. Тој, меѓу другото пишува:

"Бидејќи,од српоко-бугарските несогласија страдаме пред се, ние Македонците, наш долг е да бараме и најдеме средство и пат за помирување. Тој не тера да им кажеме и на Србите и на Бугарите: заборавете ја великосрпската и великобугарската идеја, откажете се од тоа да ни го натрапувате вашиот национален дух, во основата на кој лежи претпоставувањето на вашите интереси пред нашите".

"Дајте ни да имаме свои национални македонски чувства и да создадеме македонска национална култура, како што сме го

правеле тоа со векови, кога нашата татковина не влегувала во една држава со вашата...”

Таму каде Мисирков најкатегорички се определува како Македонец бил оној дел од статијата, каде вели: “Сознанието и чувството дека сум Македонец треба да стојат повисоко од се друго на светот. Македонецот не треба да се слева и да се обезличува живеејќи меѓу Срби и Бугари”.

Процесот на оформувањето и растежот на македонската национална свест се гледа во сите дела на Крсте Мисирков. Тој во една статија објавена во весникот “Македонски голос”, издаван во Петроград од неколку македонски интелектуалци, меѓу кои Димитар Чуповски од село Папрадиште, Велешко, д-р Гаврило Константиновиќ од село Смрдеш, Костурско и Крсте Мисирков, вели: Време е да се потврди пред целиот свет дека во Македонија живее македонски народ, не српски, не бугарски и не грчки, дека овој народ има своја историја, свои национални достоинства, свои крупни историски заслуги во културната историја на словенството...” (“Македонски голос”, год. II бр. 10, стр. 14).

Маркантната фигура на Мисирков се истакнува поради тоа што тој во своето творештво најарно го изразил достигнатиот степен на националното освестување и афирмирање на Македонците. (Лазар Колишевски: “Во историјата се ретки примерите на притисок каков што беше врз македонскиот народ за неговата асимилација”, Гласник на Институтот за национална историја, год IV, бр. 2, 1958 година, стр. 22).

ГЛАВА ВТОРА - Оружен национален отпор

Првата фаза на националната преродба како борба за сопствен јазик и црква, набргу била заменета со оруженият отпор против тиранијата на отоманската државна администрација, во прво време под знамето на ослободување на христијаните од угнетувањето на исламот и полумесецот. За Македонците од Јужна Македонија најсилен израз на тоа тежнеење било Негушкото востание.

1. Негушко востание

Според сведенијата на историчарот Стујанакис, во времето на објавување на Негушкото востание април 1822 година, во Негуш и цела Централна Македонија се наоѓала на голема висина трговијата, домашните ракотворби и мануфактурата. Негушките трговци одржувале деловни врски не само со внатрешноста на турската империја, туку и со трговските центри во странство, какви што во тоа време биле Виена, Пешта, Москва, Одеса, и Германија, каде имале и свои претставништва. Биле застапени речиси сите занаети, а најмногу текстилната мануфактура, работилниците на оружје, ножеви, бојаџиството. Многу биле барани негушките шајаци, копринените басми, а посебно хавлиите и пешкирите што ги произведувале 30 ткајачници во Негуш.

Колку што негуштени биле наелектризирани од грчкото востание од 1821 година, тие уште толку негодувале против отоманската управа и окупацијата на градот од Али Паша Јанински, факт што имал за резултат во последно време да опадне трговијата и занаетчиството. Во тие тешки економски и социјални услови било донесено решението за востание. Како повод за тоа послужила една меррка на Лобуд паша од Солун да зема заложници од македонските градови, со што сметал дека ќе го спречи избувнувањето на востание.

Водачите на Негушкото востан - Зафираки од Негуш, Караташо од Бер и Ангел Гацо од Воден (односно од селото Саракиново) имале скроено план за истовремено дигање на востание во околиите Негушка, Берска, Кожанска, Костурска, Воденска и

Битолска. Дури во почетокот на 1822 година бил организиран и состанок на кој учествувале: Јани Барбареско од Костур, Неопулос од Сјатиста, Панајот Наум од Воден и други. Состанокот бил одржан во еден манастир близу градот Бер. Планот предвидувал пресечување на комуникациите на непријателот меѓу Солун и Јанина, во Епир.

На советувањето одржано во Негуш на 15 февруари 1922 година, од првенците во градот и војводите Зафираки, Карапашо и Гацо се разгледувале прашањата за одбраната на градот. Било решено: веднаш да се запоседнат одбранбените стратегиски позиции околу градот; второ, да се дигнат на востание истовремено Воден и Бер и околните села; 3. Да се избере петчлена управа за градот Негуш што ќе го земе под своја контрола редот и поредокот во градот; 4. друга една комисија ќе се грижи за собирање на реколтата и за редовно снабдување на граѓаните со леб и други артикли. Јасно е дека овие комисии ја претставувале револуционерната власт додека востаниците го држеле градот Негуш и околните села. Но, надмоќноста на отоманската војска и нејзината техника, востанието во Негуш го удавила во крв и заедно со него пропаднале и тие први обиди за воспоставување на револуционерна власт во тој дел на Македонија. Градот Негуш, за кој грчкиот историчар Харилаос Трикупис пишува дека имало бројно христијанско население Грци и Словени, а според Аравантинос "Град со две илјади домаќинства од словенско потекло", било до темел разрушен од аскерот на Лобуд паша, а богатствата на многу негуштени ограбени од многубројниот башибозук.

Руско-турската војна од 1878 година влева нови надежи за поробените Македонци, меѓутоа тие се поматени со планот за создавање на една голема Санстефанска Бугарија, која не само што наидувала на отпор од извесните големи сили во Европа - Англија, Франција, Германија и Австро-унгарија, туку ги засилувала и пропагандите на соседните земји на Македонија за поделба во сфери на влијание на Македонија и за асимилирање на македонскиот народ.

Колку веќе територијалниот и народносниот поим Македонија и Македонец се вкореniле во свеста на луѓето од Македонија и се наложувале во дипломатскиот речник на Европа, сведочи лозунгот на Гладстон "Македонија на Македонците" директивата на Цариградскиот грчки силогос до сличното друштво во Солун, според која во Македонија сега би требало да се проповедува дека "Македонците не се ниту Бугари, а ниту Грци, ни Срби, туку дека тоа е еден одделен народ - македонски народ", како и називот на Привремената македонска влада, формирана на 16 февруари 1878 година во Јужна Македонија во близината на планината Олимп.

2. Привремена македонска влада

Оваа Привремена македонска влада од 7 члена била резултат па иницијативата од Македонците кои живееле во Атина и нејзиното формирање имало за цел да го спречи реализирањето на плановите од рускиот цар за формирање на Санстефанска Бугарија и приклучувањето на Македонија кон неа. Тоа јасно се гледа од првата прокламација на Привремената македонска влада, која била издадена уште истиот ден од нејзиното формирање и намената за големите сили. Во тој документ се изложува подробно тешката ситуација на македонскиот народ под отоманското ропство, но на крајот како решение се препорачува присоединувањето на Македонија кон Грција.

Чинам, дека без разлика на побудите на актерите за формирање на Привремената македонска влада, тие очигледно е дека го избегнале називот "Привремена грчка влада во Македонија", или нешто слично, туку точно ја нарекле македонска влада. И само тој факт не говори ли дека во случајот се работи ја одделен народ кој не им припаѓа на соседните народи, кој страда под отоманското ропство и кој живее во одделна јасно одредена географска и етичка територија?

Западната дипломатија на Берлинскиот конгрес најде едно соломонско решение за македонското прашање. Европските големи сили не сакаа да ги изгубат симпаттите на "Болниот од Босфор" со тоа што Македонија и понатаму остануваше под Отоманската империја, но и Македонците ги залажуваа со

фамозниот член 23 од Берлинскиот договор. За реализирање на член 23 од Берлинскиот договор во текот на 1880 година во Цариград заседавала таканаречената "Европска комисија" под претседателството на отоманскиот министер за внатрешни работи Асим Паша, која изработила закон за управување во румелискиот вилает. Законот со кој би требало да се обезбеди самоуправа во Македонија содржел 17 глави. На крајот од истата 1880 година Комисијата го предала предлогот на Високата порта, која меѓутоа, останала глува на барањата од христијанското население за самоуправа и на сугестиите од големите сили за реализирање на член 23 од Берлинскиот договор.

Идејата за самоуправност и автономија во рамките на Отоманската империја, онака како што Големите Сили ја предвидувале со чл. 23 од Берлинскиот договор, била широко распространета во Македонија и интересно е да се истакне дека под влијанието на таа идеја во Македонија се развива едно заедничко прогресивно движење, без разлика на народност и јазична припадност на населението. Во низа документи ќе видиме дека провејува оној општомакедонски дух, според кој населението на Македонија, без разлика на фактот дека некои фактори однадвор се обидуваат да го разделат на Грци, Бугари, Албанци, Цигани итн. - тоа претставува одделен народ, македонски народ и дека некои од носителите на тој нов дух, минатото на македонскиот народ го поврзуваат дури и со славните имиња на Филип и Александар Македонски, развивајќи ја идејата за еден македонски илиризам.

Во прилог и во потврда на горново се Записникот од Уставотворното собрание, свикано од "Централниот комитет за ослободување на Македонија" од 21 мај 1880 година, како и Прогласот на силогосот "Македонија на Македонците" од 15 април 1881 година.

"Бидејќи во Македонија повеќе од кое било место, поради политичките цели, луѓето се разделени на Словени, Грци, Албанци, Власи, Отоманци, нашите окупатори со ваквата вешта политика се обидуваат да ја растројат некогаш славната Македонија, за да го уништат нашето национално постоење,

сеејќи раздор, за да останеме вечно во ситуација каква што ја изложивме погоре" – се вели во Записникот на Централниот комитет за ослободување на Македонија.

Интересен е оној дел од Записникот во кој се изнесуваат решенијата на Уставотворното собрание (Национално собрание), кадешто, "од името на Македонскиот народ барањата на тој народ се доставаат, најпрвин, до Високата Порта, преку генералниот гувернер во Солун, потоа - до европските конзули", чии влади се молат да интервенираат пред Високата Порта да се исполнат одредбите од чл. 23 на Берлинскиот договор со кој на Македонија и се обезбедува статус сличен на оној за островот Крит од 1868 година.

Чл. 4 од Резолуцијата зборува за формирање, од страна на Уставотворното (Национално собрание), привремена влада на Македонија од тројца членови - од Васили Симу, Анастас Димитровиќ и Али-ефенди (Албанец), која ќе биде натоварена со задачата да ги реализира решенијата на Собранието.

Во Резолуцијата станува збор и за формирање воен штаб, кој, во случај да пропаднат сите обиди за мирољубиво решение на прашањево, ќе преземе воени акции" за да се реализираат желбите на македонскиот народ".

Задолженијата на владата, конкретно, изгледаат вака:

а) Во полна тајност Привремената македонска влада ќе се заложи да ја обезбеди наклоноста на големите сили за да се остварат решенијата што тие самите ги донеле за Македонија со Берлинскиот договор.

б) Таа ќе назначи воени раководители кои, во случај да не успеат преговорите, ќе преземат мерки за остварување на желбите на македонскиот народ.

в) Ќе води сметка дали Високата Пората ја продолжува политиката на одлагање. Тогаш, со нејзин решителен позив, ќе се покани македонскиот народ на оружје, кој - само преку националниот позив Македонија преку Македонија - ќе ја

преземе борбата и со сите расположиви средства ќе се бори за обезбедување на својата егзистенција". (Централен комитет за ослободување на Македонија, Записник бр. 3 од 21 мај 1880 година.)

Привремената влада уште се нагрбувала со задачата да се залага за организирање политички и воени власти, за пронаоѓање средства за исполнување на горнава обврска, за изработување печати, за македонското знаме и други симболи.

Привремената влада на Македонија уште на истото собрание од 21 мај 1880 година испратила писмо до рускиот император Александар II преку рускиот конзул (не означува кој конзул и во кој град) со прилог - Записник од Уставотворното собрание на македонскиот народ. Интересно е да се одбележи дека на полето од округлиот печат со називот "Привремена влада на Македонија" стои и зборот "Равенство", што треба да бил лозунг на Привремената македонска влада на Централниот комитет за ослободување на Македонија.

Македонското население од Гуменџанско - како што пишува Христо Шалдев, со своето упорно настојување преку Мешовитата комисија во Солун, издејствувало да бидат назначени двајца мудири Македонци (еден во градот Гуменџе и еден во селото Грубевци) и да се формира нарона милиција, која во овој крај постоела две и пол години. За толку кусо време народните милиционери наречени сердани успеале да ги разбијат арамиските банди. Во битолскиот вилает по иницијатива на битолскиот валија Рифат паша била организирана една слична институција позната под името фарии. Таа самобитна институција ги организирала селаните од овој крај во милиционерски групи за борба против разбојниците. Таа идеја за самоорганизирање на селски милиционерски дружини подоцна многу помогнала за македонското оружено востание од 1903 година.

3. Илинденско востание

Јужниот дел на Македонија зазема видно место во национално-ослободителните борби на македонскиот народ и во самото

Илинденско востание. Од Кукуш се истакнатите основачи на ВМРО Гоце Делчев и Никола Делииванов, од Гуменџе, Христо Батанџиев. Во Солун е земено решението за дигање на Востанието. Од овој дел на Македонија произлегуваат и истакнатите војводи како Лазо Поптрајков, Пандо Кљашев, Чакаларов, Алексо Турунџов, Соле и други.

Во деновите на разгорот на Илинденското востание, во кое најактивно учество има Костурско и Преспанско, изразит пример за формирање на народна власт бил случајот со гратчето Влахоклисура, во Западна Македонија. По ослободувањето на Влахоклисура од костурските чети, требало да се организира редот во градот. Револуционерниот востанички штаб одредил за претседател на општината еден од видните граѓани. Истовремено, била формирана станбена и финансиска комисија, што се грижела за сместување на четите и за собирање на доброволните прилози. Во комисиите била претставена и востаничката војска преку својот делегат, војводата Кузо Блацки. Со собраните пари биле решени многу од проблемите на востаниците. Од нив бил формиран и таков орган еден вид правосудство што разгледувало и решавало од секаков вид спорови меѓу граѓаните и издавало решенија. Финансиската комисија и комисијата за снабдување за сето време во Влахоклисура што било во рацете на востаниците, го снабдувала населението со зеленчук, брашно, месо, тутун, опинци и алишта.

Она што беше речено и содржано во Крушевскиот манифест за карактерот на востанието, за рамноправност на народностите во Македонија итн. во Влахоклисура било кажано во поздравните говори при ослободувањето на гратчето, од војводите Пандо Кљашев, Чакаларов, Попов и Кузо Блацки, имено дека борбата се води за ослободување на сите угнетувани народности во Македонија за национална и социјална правда, вклучувајќи ги тука и самите Турци. Оваа декларација имала голем ефект кај влашкото население во Влахоклисура, па дури и кај Турците од некои околни села, кои со свои делегации иделе во Влахоклисура и ги канеле востаниците да ги посетат во нивните села.

Австрискиот конзул во Битола, Август Крал, во својот извештај до министерот за надворешни работи на Австроунгарија, грофот Агенор Фон Голуховски, од 6 септември 1903 година, формирањето на народна револуционерна власт во Влахоклисура го оценува како револуционерен акт еднаков со тој на крушевските востаници. “На 9 август - пишува Крал - востаниците го освоија градот Влахоклисура и сите тамошни планински позиции со упориштата во Мокрени и Бобишта, откако ја совладаа, односно изгонија џандармериската стража. Во Влахоклисура тие организираа револуционерна општинска управа по примерот од Крушево...”

Борби биле водени во Леринско, каде е ослободено гратчето Невеска, во Воденско, на Кајмакчалан, а на Пајак планина (Гандач) обединетите чети на Апостол Војвода и Ванчо Карасулски на 12 септември 1903 година извојувале една вистинска победа, предизвикувајќи му на аскерот загуби од 180 мртви и многу повеќе ранети. Билансот во жртви, разорени села во Егејска Македонија во текот на востанието бил следниот:

Во Леринско: 207 убиени, изгорени 631 куќи 3 цркви и 2 училишта. Во Костурско: 438 убиени, 2533 куќи изгорени, 10 цркви и 9 училишта. Тука не се опфатени 6 села од Преспанско, кои пострадале а спаѓаат на територијата на СР Македонија. Голем е и бројот на обесчестени жени и девојки и ограбени многу имоти.

Во мрачниот период што настапи за македонскиот народ по Илинденското востание со прогоните од турскиот аскер, од една страна и од подлите напади на грчките андарти и врховистичките банди против македонските централистички чети и села, областа па Ениџе Вардарското блато од 1904 се до 1907 година станала симбол на жилавиот отпор од Македонските востаници против тиранијата и против заграбувачките планови на соседна Грција и Бугарија, чии директни извршители биле андартските и врховистичките чети.

По неуспешното Илинденско востание и крвавите судрувања меѓу централистичките и врховистички чети, меѓу македонските и грчките андартски чети, кога слободна и

независна Македонија останала во свеста на луѓето само како неостварен идеал, дошла Младотурската револуција од јули 1908 година. Серските револуционери на чело со Сандански и струмичани се изјасниле за решително поддржување на младотурската револуција и конституциониот режим кој бил реставриран, убедени, дека преку една демократска преродба на Турција ќе може да се реализира и автономијата на Македонија во рамките на една Источна федерација.

Народната федеративна партија со својот орган "Народна волја", на чело со Сандански, учителскиот сојуз во Солун со својот весник "Учителски глас", како и учителското друштво со левичарски тенденции во градот Лерин, доследно работеле на остварувањето идејата за Источна федерација, во која би се зачувала Македонија како географска, економска и етничка целина. Но, за жал недоследноста на Младотурците во исполнувањето принципите на својата револуција, од една страна, и прекумерната и безобѕирна провокаторска активност на агентите на агресивната буржоазија од трите соседни земји - Бугарија, Грција, Србија, го подготвиле теренот за објавувањето на балканските војни и за дефинитивното распарчување на македонската целина. Во иднина Македонците ќе ја продолжат својата борба за остварување на своите максимални барања, обединувањето на македонскиот народ во една независна македонска држава, или своите минимални национални права, значи за една културна, економска и политичка рамноправност во рамките на државата во која се најдоа, вклучувајќи се во напредните движења на односната држава - Грција, Југославија илп Бугарија. (Повеќе за Егејска Македонија во балканските војни читај во "Дипломатска антимакедонска игра".)

4. Македонците под Грција по Балканските и Првата светска војна

По Балканските војни (1912-1913) и по дележот на Македонија меѓу партнерите во тие војни - Грција, Србија и Бугарија, процесот на националното будење на македонскиот народ во Егејска Македонија како и неговите оружени борби за национално ослободување, бил наполно прекинат. Нему му биле одземени сите оние придобивки што ги извојувал пред и

во времето на Младотурскиот режим во Отоманската држава. На најбрутален начин биле затворени сите македонски училишта (општински и егзархиски) укинати библиотеките, весниците и книжарниците; од црквите биле протерани сите оние свештеници кои што вршеле богослужба на словенски јазик, па дури и иконите напишани на словенски јазик биле изгорени или подмачкани со нов слој масна боја. Бил организиран вистински поход за уништување на словенските споменици и натписи по црквите, училиштата, гробиштата и по другите значајни места. Грчката администрација најсурово се пресметнала со сите оние македонски родољупци што се обидувале на некаков начин да го демонстрираат своето негодување против новиот режим, кој сега ги лишувал Македонците дури и од оние основни права што ги имал под отоманското владеење. Во Егејска Македонија до 1912 година постоеле само егзархиски 229 словенски училишта, со 14.892 ученици и 396 учители. Покрај овие постоеле и општински училишта во 200 македонски села што ги издржувале самите села. Впрочем, сите овие училишта веднаш биле затворени од грчката власт како и сите словенски цркви во кои се вршело богослужба на црковнословенски јазик. Биле разрушени секакви паметници со словенски натписи.

Цели четири години во текот на Првата светска војна Егејска Македонија како окупирана земја била театар на крвавите битки меѓу централните сили и сојузниците, бидејќи тука минувал фамозниот "Солунски фронт". И цели четири години Македонците иако тие самите не биле во војна, го плаќале скапиот данок на војната. Нивната земја била окупирана од Англофранцузите и од српската војска, нивен сојузник. Сите оние Македонци кои биле активни во ВМРО, во Илинденското востание и по него се малтретирани, апсени, некои убивани на свиреп начин, а повеќе стотини испратени в затвор дури во Франција. Многу Македонци ги оставија своите коски на Кајмакчалан, Пајак или Вич вршејќи тешки ангарии - патишта, пренос на топови и муниција дури во најнепроодните планински врвови, без да им биде признато никакво право на учесници во војната. И на крајот од Првата светска војна наместо формирање на одделна македонска држава, па дури и на автономија во една или во секоја од балканските држави

меѓу кои во иднина ќе бидат поделени Македонците, тие останале објект за најсуров терор, асимилација и денационализација.

На крајот од Првата светска војна, кога Македонија дефинитивно била разделена, големите држави, сакајќи на некаков начин или да му обезбедат извесни гаранции за опстанок на македонскиот народ во соседните држави, или за негово залажување, сепак во Севрскиот договор потпишан 1920 година меѓу сојузниците од Првата светска војна и победените држави на Балканот - Бугарија и Турција, се предвидени три члена (7, 8 и 9) со кои им се гарантирало правото на малцинствата - меѓу кои и на македонското - да се ползуваат со своите национални права на исповедување своја вера, правото на школување на својот јазик итн.

Во времето од 1928 година до 1934 година, која на Балканот се забележувало едно движење за поголемо зближување на балканските земји и биле организирани разни балкански конгреси, од грчките влади се појавувала извесна еластичност во ставот на грчките влади спрема македонскиот јазик, се давале дури и свечени изјави во полза на македонското малцинство. Но, за да се види колкава разлика постоела помеѓу зборовите и делата на грчките политичари по македонското прашање, треба да се истакне и фактот, дека уште во 1926 година бил донесен закон од грчката влада (објавен во грчкиот службен весник бр. 332 од 21. XI. 1926 година) со кој се наложувало промена на топонимијата на селата, градовите, реките и планините од македонски на грчки јазик. Истата 1926 година на територијата од Егејска Македонија се појавуваат разни националистички организации, како што беа “Елино – македоники пигми” (грчко-македонска тупаница)”, “ЕЕЕ” (национална организација на младите), кои отворено го покренувале прашањето за забрана на македонскиот јазик.

Организацијата “Елино Македоники пигми” во градот Лерин на 27 јануари 1926 година растурила леток со следната содржина: “Од денеска ја забрануваме употребата на бугарското јазично наречие во сите општествени центри, установи, во трговските односи, ,состаноците и собранијата, на веселбите и ручеците, на

свадбите итн. Наложуваме во сите горенаведени случаи да се говори само на грчки јазик. Им препорачуваме на сите политички и воени власти, на сите јавни и приватни службеници да не примаат и даваат податоци на друг јазик освен грчкиот. Родители, учители, свештеници, настојници и малолетници, ве поканuваме да си го исполните вашиот патриотски долг, инаку ќе ве сметаме одговорни за престапите и на вашите потчинети. Нарушувачите на оваа наредба се сметаат за предавници на татковината и ќе потпаднат под страшните удари на нашата организација, создадена по долго проучување на положбата. Паролата "Татковината над се", значи казнување на секој што не ќе ги исполнува нашите наредби.

Паролите на оваа терористичка организација, која многу потсетува на злогласната Кју клукс клан од американскиот Југ, од горецитираниот леток говорат многу красноречиво каков притисок се вршел врз македонскиот народ да се откаже од својот мајчин јазик. Тоа говори за апсолутното игнорирање на оние длабоки физиолошки и општествено-историски законитости кои придонесувале за појавата, развитокот, или исчезнувањето на еден јазик. Мерките за насилно искоренување на македонскиот јазик можеле да посеат само омраза, нетрпеливост меѓу македонското и грчкото население и омраза спрема режимот што ги храбрел вековните нечовечки акции.

Притисокот и паролите принудувал голем дел од Македонците и да се иселуваат за Бугарија, напуштајќи ги своите родни огништа. Нивниот број стигнал до 100.000 и тие несреќници подоцна ќе служат како монета за поткусурување во меѓудржавните односи и зделки на Грција и Бугарија. Меѓутоа, поголемиот дел од Македонците ќе останат на својата родна земја и ќе бараат нови форми на борба за својот опстанок па и за реализирање на своите национални идеали.

ГЛАВА ТРЕТА - ВМРО (Обединета) во Егејска Македонија

Стагнација во земјоделското производство, на тутунопроизводството за 40 отсто, хиперпродукција во некои индустриски гранки поради особено евтина работна рака, главно од придојдените над милион бегалци од Мала Азија во Грција, постојано задолжување на странскиот капитал - тоа во главни црти е сликата што се гледала во цела Грција во годините по Првата светска војна, особено по катастрофата што во Мала Азија ја претрпела грчката војска во војната против Турција 1922 година.

Честите воени удари во земјата по сугестиите на двете главни, но раслоени граѓански партии: Крупно-капиталистичката либерална на чело со Елефтериос Венизелос и Монархо-феудалната истовремено го надополнуваа стопанското и политичкото банкарство на земјата и го зголемуваа уште повеќе незадоволството на масите.

Од друга страна, ни ситуацијата на Балканот воопшто не беше подобра поради аспирациите и империјалистичките тенденции на национадистичката буржоазија на балканските земји спрема Македонија. Самиот македонски народ се наоѓаше на директен удар на таквите тенденции на заграбување што поголем дел од Македонија.

Во Грција, како што видовме дотука, режимот по Првата светска војна за да ја зацврсти својата власт и за да го оствари својот план за промена на етничкиот лик на Македонија во полза на грчкиот елемент, во приграбените области од Македонија ти поттикнува националистичките и шовинистичките елементи против македонското и еврејското население, со цел да ги протера од земјата. Весниците “Еко д’Булгари”, “Зора” и “Камбана”, “Дневник” и други од мај и октомври 1919 година обилуваат со податоци за теророт спроведуван врз македонското население во Воденска, Мегленска, Ениџевардарска, Леринска и Костурска околија; илјадници луѓе се интернирани во јужните подрачја на Грција. Од друга страна, грчките власти ја користеа фамозната

конвенција за размена на населенијата меѓу Грција и Бугарија и преку иселување на Македонците сакале да ја постигнат целта за изменување на етничката карта на Егејска Македонија. (* Забелешките на овој наслов се наоѓаат на крајот од главата.)

При таква положба на територијална распарченост на Македонија и насилно делење на македонскиот народ во три и четири различни земји (ако се земе предвид дека еден мал дел од Југозападна Македонија со околу 40.000 Македонци влезе во државните граници на Албанија), во услови на терор и систематска асимилација, македонскиот народ од Егејска Македонија за да ја зачува својата егзистенција и својата национална индивидуалност, морал да се приспособи кон новите условии да се определи на страната од онаа политичка партија на Грција, која му ветуваше национална рамноправност и право на самоопределување.

Еден дел од Македонците на Егејска Македонија застана на страната од грчката Популистичка партија, од една страна, поради опозиција спрема Либералната партија на Елефтериос Венизелос, кој беше инспиратор за доведување во Грција и Македонија на стотици илјади малоазиски бегалци кои ги населија на имотите на протераните македонски мохамедани и на другите Македонци, а од друга страна и поради демагогијата на популистичките политичари, кои обилно го користеле незадоволството на староседелското население.

Меѓутоа, македонскиот прогресивен пролетаријат и другите прогресивни Македонци масовно застанаа на страната на Комунистичката партија на Грција, која од 1924 година и натаму по Шестата и Седмата конференција на Балканската комунистичка федерација го усвои ставот за создавање обединета и независна Македонија. Во февруари 1924 година на вонредниот конгрес на КП па Грција беше донесена вистински револуционерна резолуција во однос на македонското прашање. Во неа, меѓу другото, беше констатирано следното:

“Последните империјалистички војни на Балканот и повоените услови не само што не го решија, туку уште повеќе го усложниле националното прашање на Македонија и Тракија.

Народите од обете земји откако долги години трпеа од агресивните напади во соседните земји, биле истребувани во долгогодишните војни, така што и економски пропаднале и на крајот ги разделија меѓу Србија, Бугарија, Турција и Грција".

"Меѓутоа, поделбата на Македонија меѓу Србија и Грција и Бугарија уште повеќе ја засили желбата на Македонците да ја обединат својата татковина, и да создадат една обединета и независна Македонија. Конгресот признал дека паролите што ги издигна Шестата и Седмата конференција на Балканската комунистичка федерација "За обединета и независна Македонија" и "За обединета и независна Тракија" се наполно исправни и револуционерни". (2)

Во истата резолуција натаму се подвлекува дека револуционерната борба на македонскиот и тракискиот народ за неговата економска и национална еманципација, не би можела да биде ефикасна освен ако заеднички се води со работниците - револуционери и селани од секоја балканска земја.

На четвртиот пленум на ЦК КП на Грција ставот за обединета и независна Македонија и Тракија е модифициран без битни разлики п прашањето дека Македонците претставуваат одделна нација, која се стреми кон своето национално ослободување. Конкретно, на Четвртиот пленум во март 1932 година е констатирано дека Грција е империјалистичка земја што со насилства окупира цели области населени со други националности (Македонија и Тракија) и ги подложува на колонијална експлоатација, прогонувања и уништувања.

"Комунистичката партија на Грција во името на основните болшевички принципи го издигнува лозунгот за правото на самоопределување на Македонија и Тракија до целосно отцепување од грчката држава, за правото на независна Македонија и Тракија и смело ја поддржува револуционерната на населението од овие области за нивното национално ослободување..." (3)

Ставот на КПГ за правото на самоопределување до отцепување и обединета и независна Македонија и Тракија се засновува - според бившиот грчки партиски раководител Ставридис на следните претпоставки за негово реализирање: на координирана вооружена борба преку ВМРО (Обединета) од трите дела на Македонија со придобивање за оваа цел на Власите како малцинство, кое, како и Македонците е обесправено; на албанскиот револуционерен комитет и на крајот, се сметаше и на помошта на Евреите во Македонија, кои беа расположени уште од порано за една автономна Македонија и би биле готови да го поддржат материјално и движењето.

Меѓутоа, режимот вознемирен од ваквиот став на КПГ по македонското прашање, одговори со апсење на комунисти, провоцирање на работниците за оправдување на репресивните мерки (Кавала) и монтирање судски процеси за автономизам. Врз основа на член 123 од Кривичниот закон, во Атина им беше судено на раководителите на КПГ Пулјопулос, Максимос и Фичос, а во Солун по истиот закон за велепредавство им беше судено на 12 кадри на КПГ, осудени на 12-18 години затвор. (4)

Истапувајќи со марксистичко-ленинистички револуционерни пароли, КПГ ги привлекла симпатиите на македоискиот народ, пред се на пролетаријатот од Солун, Воден, Негуш, Бер, Серез, Драма и Кавала, како и од печалбарските краишта - како што се Костурско и Леринско.

Македонците стапуваа во редовите на КП на Грција, која во нив ги имала најдоследните борци и сојузници во класната борба. Со желба што повеќе Македонци да привлече во своите редови, КПГ го дозволи на територијата на Егејска Македонија и формирањето на ВМРО (Обединета), која беше формирана во Виена по Мајскиот манифест од 1924 година.

До тоа обединување на македонските организации, односно левото и десното крило на ВМРО, емигрантската федералистичка организација и некои поодделни емигранти во Виена, дојде како резултат од притисокот на македонските маси, кои бараа нов пат и нови форми за водење на национално-ослободителната борба.

До такви промени и ориентации на лево, дојде бидејќи во лицето на Октомвриската револуција во СССР македонските маси го гледаа најочигледниот пример како работничката класа кога се наоѓа под цврсто револуционерно раководство го решава националното прашање.

Создавањето на ВМРО (Обединета) со Манифестот најавуваше едно широко македонско демократско движење, кое и во Пиринска и во Вардарска, а подоцна и во Егејска Македонија наиде на масовно прифаќање и поддршка. Ако ВМРО (Обединета) не ги исполни своите цели, тоа пред се се должи на субјективните слабости на некои од нејзините раководители, кои самите не успеаја да расчистат со основното прашање, дали македонското прашање е национално или политичко прашање. Во секој случај, околу 1930 година, во периодот кога раководството на КП на Грција го поддржуваше ставот за самоопределување на македонскиот народ, до отцепување, забележана е извесна активност за поврзување на активностите од ВМРО (Об.) од трите дела на Македонија. За такво раздвижување сведочат и неколкуте извештаи - поверливи писма на пограничните органи од леринскиот сектор. (5)

Со едно доверливо писмо на Деветата дивизија, со седиште во градот Кожани, до Деветиот пограничен сектор во Лерин, со датум од 27 јануари 1930 година, и се препорачуваа на војската од овој сектор како и на полициските органи во Леринска околија, да ја зголемат својата будност спрема сомнителните лица поради нивните македонски чувства (подвлеченото е на оригиналот б. м.), да се следи нивното движење од село в село, подробно да се испитува целта на нивното движење и целокупниот живот во околијата, да се вршат ненадејни претреси во нивните станови итн.

Во реализирањето на горната цел, имено да се прследува македонскиот народ и со директна помош на самиот режим, на територијата на Македонија во тоа време се формирани повеќе националистички и профашистички организации како “ЕЛЛАС”, “ПАВЛОС МЕЛАС”, “ЧЕЛИЧНИ ШЛЕМОВИ”, и други со задача “да го подигнуваат националниот дух на

населението". На организацијата "Павлос Мелас" во Солун, на пример, постојана мета и беа Евреите заради тоа што беа солидарни со Македонците за автономна Македонија.

Во Западна Македонија, каде што и по размената на населенијата Македонците останаа во мнозинство, режимот често прибегнуваше кон инсценирање на процеси против видни и активни по националното прашање Македонци. Така, на пример, на 20 мај 1931 година во Солун им е судено на група Македонци од село Горно Каленик, Леринско, под обвинение дека на 9 декември 1930 година го убиле полјакот Тодор Цантовски, бивш грчки андартин и познат шпион. Меѓутоа, според пишувањето на грчкиот прогресивен печат процесот бил монтиран единствено за да се заплаши македонското население, кое не сакаше да се помири со политиката на денационализација и асимилација, со политиката на протерување на Македонците од нивната родна земја, што сакаа грчките влади да ја легализираат преку фамозната конвенција за "доброволна" размена на населенијата меѓу Грција и Бугарија.

Од обвинетите Македонци од Леринско тројца беа осудени на смрт и егзекутирани во август истата година, а еден осуден на доживотна робија. Овој акт на грчкиот режим предизвика огорчување и негодување што ги мина границите на Грција и ја разбрани европската јавност. Претседателот на Лигата за борба против војните и за мир, Анри Барбис, по повод солунското злосторство упати остар протест до тогашниот грчки премиер, Венизелос.

По повод егзекутирањето на македонските патриоти од Леринско: Тодор Манов, Ѓорѓи Петков и Стојан Палафа, Централниот комитет на грчката црвена помош истапи со остар протест, кој завршуваше со овие зборови: "Ние протестираме заедно со поробените народи на Балканот и ги повикуваме сите трудбеници на Грција да ги помогнат националните малцинства и жртвите на грчкиот фашизам..." (6)

А во уводната статија на весникот "Ризоспастис" од 3 август 1931 година (орган на ЦК КПГ) во која смело се истакнуваше праведната борба на македонскиот народ за национално

самоопределување и се застапуваше за македонската национална кауза, по горниот солунски случај, пишуваше дека причината за убиството на Чантовски ако веќе не се работи за еден инсцениран процес, е чувството на огорчување и омраза против поробувачите, кои го тероризираат македонското население и кое чувство уште не го нашло својот израз во вистинскиот пат на масовната борба. Македонците и Евреите се сојузник на грчкиот пролетаријат, тие се борат против заедничкиот непријател - грчкиот имеријализам".

"Ете затоа - пишува "Ризоспастис" – грчките работници се должни да го поткрепат националноослободителното движење и да се борат против националното, економското и политичкото угнетување на националните малцинства, за правото на самоопределување до целосно отцепување од грчката држава, за една независна Македонија и Тракија..." (7)

Апсења и друг вид терор од власта е вршен и по други околии на Егејска Македонија поради активноста на членството на Партијата и посебно на македонското население. Во тоа време во градот Воден е воден процес против Ѓорѓи Манчов и Никола Галиников, во Лерин против двајца членови на КПГ (не ни се многу јасни наведените во в. "Македонско дело" имиња на обвинетите тројца Македонци од село Владово, Воденско во 1927 година. Еден од нив истакнат комунист Коста Думов е испратен во интернација на пустиот остров Анафи.

Во градот Солун се убиени 7 демонстранти и 20 ранети. На 2 август 1931 година во градот Серес биле осудени 12 работници Македонци на вкупно 80 години затвор. Прогонувања и судења имаше во Кукушко и Енице-вардарско. Шовинистичкиот солунски весник "Македоника неа" отворено препорачуваше и повикуваше на крстоносен поход на националистите против "пропагандата на комунистите".

Прогонувањата и масовниот терор против македонските и грчките комунисти поради пропагирањето на ставот за независна Македонија и Тракија, ја разбранува и прогресивната македонска и грчка емиграција во Америка и Канада. По иницијатива на македонската прогресивна група "Вардар" во

Торонто, на 21 март 1931 година бил организиран протестен митинг, на кој говореле Л. Бошев, Г. Шалдев, Спиро Василев и Н. Кирјакопулос, бивш пратеник на КПГ од Леринско во грчкиот Парламент. Говорникот Пан. Јоану истакнал дека истиот Венизелос ги испраќаше Македонците во Украина како грчка воена експедиција против младата советска социјалистичка држава и во Мала Азија за интересите на империјалистите и денес пак тој ги прогонува Македонците од родните огништа...

Слични протести имало и во Гери Индијана од групата "Правда" во Детроит, и други градови. На сите овие собранија се поддржуваше борбата на ВМРО (Обединета) за национална независност на македонскиот народ.

Колку грчките власти беа загрижени од популарноста на ВМРО (об.) кај македонскиот народ, говори нивното интересирање по прашањето дали ВМРО (Обединета) надвор од Грција соработува со грчките комунисти, како и за соработка со националистичката ВМРО. Во врска со ова прашање карактеристичен е еден автентичен документ, конкретно, доверливото писмо на грчкото Министерство за надворешни работи, со кое го известува Министерството за внатрешни работи, дека според добиените информации од грчката амбасада во Софија се заклучува дека не постои никаков договор меѓу грчките комунисти и македонските комитети. "Таков договор - се вели во писмото има само меѓу федералистите на Влахов, кој живее во Виена и грчките комунисти" (8). (Писмо на Министерството за надворешни работи под број 5551 од 15 мај 1930 година).

Што се однесува до ова последното, за врската на федералистите на Димитар Влахов со ВМРО (Обединета) во Егејска Македонија, се знае дека таква врска постоела и неа ја одржувал во Солун стариот македонски револуционер Неделко Попнеделков. Тука кај него преку тајни канали доаѓала пошта со весниците "Балканска федерација" и "Македонско дело", што членовите на ВМРО (Обединета) и македонските комунисти ги растураа во внатрешноста. Жртва на таквата дејност со пренесувањето на поштата стана и преданиот на

ослободителното дело на ВМРО (Обединета), кален комунист од Воден Ѓорѓи Кронцелчев, кој во 1935 година беше убиен од грчката полиција во Солун при вршењето на својата задача.

Освен Влахов, како претставник на федералистите, во поверливите писма на грчките власти се споменува и името на Цветко Христов, кој преку Албанија одржуваше врски со фактори на ВМРО (Обединета) во Егејска Македонија. Треба, меѓутоа, да се истакне дека некои од овие наводи во писмата на грчките органи на безбедноста не можат да се земат сосема за веродостојни, иако во нив се споменува изрично името на ВМРО (Обединета), од простата причина што во истото време и на истите места се забележани и движења од луѓе на фашистичката ВМРО. Ова оградување ни е неопходно, бидејќи официјално ВМРО (Обединета) во Егејска Македонија е формирана 1934 година.

Работите околу формирањето на ВМРО (Обединета) се одвивале по следниот начин и тоа онака како што се изнесени во некои белешки на бившиот секретар на Централниот комитет на Организацијата за Егејска Македонија, Андреја Чипов.

Во јуни 1932 година по директива на Централниот комитет на КП на Грција во Солун беше одржана конференција под името "Конференција на малцинствата" и во неа учествуваа четворица делегати од Леринско, двајца од Костурско, еден од Солун, еден од Лагадина, еден од Негуш, и по еден од Драмско и Воденско. По потекло сите беа Македонци. Од другите малцинства имаше еден муслиман од Западна Тракија, двајца Евреи од Солун и еден Влав од Бер.

Конференцијата ја раководеше обласниот секретар на Комунистичката партија на Грција за Централна и Западна Македонија. Како инструктор од страна на Централниот комитет на Комунистичка партија на Грција присуствуваше и Ст. Склавенас. На Солунската конференција беше донесено решение при сите околиски и реонски комитети на комунистичката партија на Грција да се формираат комитети за малцинствата, кои подоцна требаше да израснат во посебна

организација во градот Бер, на која учествуваа само Македонци, а по три месеци истата година во Солун, со делегации од сите околии. Во март наредната година беше свикана конференција во Воден (во друго место А. Ч. го споменува Солун) во куќата на Петар К'чев, која ја раководел Андреја Чипов. На оваа конференција веќе било избрано раководство на организацијата, односно Централен комитет со седиште во Солун. Главна тема беше нацрт-програмата на организацијата, поврзувањето со странство и набавка на литература. (Пандо Дурдуловски од с. Неволјани, Лериноко, стар комунист и активист на ВМРО (Обединета) тврди дека конференцијата во Воден ја водел Христо Галабов, додека Андреја Чипов бил делегат на ЦК КПГ.) И нешто позначајно: дека на оваа конференција учествувале и делегати од Вардарска и Пиринска Македонија, што Чипов во своите белешки не го споменува. Меѓутоа, не е исклучено дека имало таква соработка, бидејќи такво нешто се наведува и во еден доверлив документ (види во прилогот на документите). Истото го потврдува и Пена Думова од село Владово, сестра на стариот комунист Коста Думов, стрелан од Германците на 3 март 1943 година во Солун.

Организацијата успеа да набави една стара печатница на која во строга илегалност беа печатени летоци и друг агитационен материјал на македонски јазик. А по иницијатива на леринската организација уште во 1930 година на индиго бил издаван, на македонски јазик, весникот "Земјоделско знаме", кој излегуваше се до седмиот број. Повеќепати беше практикувано да се објавуваат разни написи во органот на Комунистичката партија на Грција "Ризоспастис" со грчка азбука, но на македонски јазик.

Во исто време се појавија и неделни локални весници, како весникот на грчки јазик издаван во градчето Нестрам, наменет за иселениците во Америка, Канада и Австралија, во кој постојано се објавуваа македонски песни и приказни, гатанки и друго од животот и обичаите на Македонците во овој крај. По иницијатива на Централниот комитет на Комунистичката партија на Грција еден од функционерите на ВМРО (Обединета) беше повикан во Атина, каде што работеше исклучиво на собирање македонски народни песни и приказни,

од кои, беа подготвени два тома за објавување. Тоа значи дека Партијата преку фолклорот настојуваше да ја развие македонската национална култура и македонската национална свест кај помладите Македонци врз кои се вршеше систематска денационализација од страна на официјалниот режим.

Целата оваа дејност на Комунистичката партија на Грција и на ВМРО (Обединета) во Егејска Македонија, беше потикната и од решението на Коминтерната од април 1934 година, со кое се признаваше посебноста на македонската нација и нејзиното право на самоопределување. Во тоа време ВМРО (Обединета) излезе и со барање за слободна употреба на мајчиниот јазик, отворање македонски училишта и други права на културна автономија. Така, организацијата во Леринско, на пример, успеала некако да се полулегализира и за време на предизборната кампања во 1935 година јавно протестирала против теророт над македонското население од страна на власта.

Раководството на ВМРО (Обединета) во Македонија под бугарска власт, земајќи ги за повод спонтаните барања на Македонците од Егејска Македонија, за културни права, во 1935 година излезе со една декларација во која се истакнува дека македонскиот народ има свое минато, своја сегашност и иднина, и не е крпка на империјалистичка Бугарија, Грција и Србија туку дека е самостоен елемент со сите белези на самостојна нација, која со децении се бори за извојување на своите права, за самоопределување до отцепување во самостојна политичка, државна единица. (9)

Во прилог на барањата од Македонците во Егејска Македонија за национална рамноправност, во грчкиот Парламент истапи шефот на парламентарната група на Комунистичката партија на Грција Ст. Склавенас, кој на седницата од 25 април 1936 година меѓу другото рече: “Уште едно прашање што го игнорира власта во своите декларации, е прашањето за давање полна рамноправност со месното население и на националните малцинства, кои живеат во Грција. Тоа, главно, се однесува на македонската нација. Оној што поминал низ Македонија го почувствувал особениот притисок кој се врши против

Македонците. Правото да имаат училиште, да го употребуваат македонскиот јазик и своите обичаи им е строго забрането".

"Ваквата ситуација го тера македонското население да се организира и да води борба за извојување на сите права, што ние не можеме да не ги поддржиме. Победниците од големата војна и Друштвото на народите го прокламираа правото на потиснатите националности да се самоопределат. Ова право наполно го признаваме и за македонската нација... (10)

Грчката влада на Метаксас уште пред прогласувањето на диктатурата за да го спречи масовното приоѓање на Македонците во Комунистичката партија на Грција и ВМРО (Обединета) започнува сурово гонење на комунисти, посебно на македонските комунисти.

Во еден допис во органот на Комунистичката партија на Грција "Ризоспастис" од 31 мај 1935 година, станува збор за еден процес пред воениот суд во град Лариса на група од 6 македонски комунисти од село Пателе, Леринско, обвинети за автономизам. Тие претходно биле зверски мачени од полицијата во Сорович. (Податокот е позајмен од архивската документација на научниот соработник на Институтот за национална историја во Скопје, Тодор Симовски.) На долгогодишен затвор се осудени и првакот на ВМРО (Обединета) Христо Галабов, Коста Думов, Фоти Типов, Ѓорѓи Манчов и други Македонци од Костурско, Леринско и Воденско.

Расположението на македонските маси за самоопределување и национални права, како што видовме, многу го обеспокои режимот и грчката буржоазија преку формирањето на разни политички партии со локалистички пароли и обилна демагогија се обиде да го експлоатира за своја сметка и да ги оттргне овие маси од влијанието на КПГ.

Така, пред парламентарните избори од 1935 година со локална македонска боја и пароли се јавуваат Македонската унија (популарно наречена "Искра македонска") под Сотириос Коџаманис во Кукушко и Воденско, во Леринско, независните

антивенизелисти под Филипос Драгумис, во Кожанско "Македонската група" и во, Драмско слична локална партија со македонска боја. Ова македонско локалистичко движење, кое бараше управна автономија за Македонија и децентрализација, прилично ја застраши владата, зашто во агитацијата се говореше за третирањето на Македонија како колонија на "Стара Грција", што ги електризираше масите. Стравот во Атина можеше да се види низ колоните на атинскиот печат во нападите против ова локалистичко движење. Во Солун пристигна за време на предизборната кампања и самиот министер на одбраната Георгиос Кондилис, кој во своите јавни говори на адреса пред се на Коџаманис, рече:

"Што се однесува до проповедите на Коџаманис, тоа претставува национално предавство, бидејќи ја копира паролата на Бугарскиот комитет (во Грција националистите Македонците ги наречуваат со името Бугари - н. б.) "Македонија за Македонците" и сее национална омраза, барајќи го отцепувањето на Македонија..." (В. Врадини од 26. V. 1935 година и во 'Како стигнавме до 4 август" стр. 65-66, од Сп. Линардатос).

Тоа локалистичко македонско чувство колку ги имаше опфатено дури и колонизираните бегалци од Мала Азија во Македонија, зборуваат и самите резултати од споменатите избори, која сите овие партии со македонска обоеност успеаја да им обезбедат пратенички мандат на сите свои кандидати.

Метаксасовата диктатура, која дојде на власт на 4 август 1936 година, го прекина развојниот, пат и на Коумитичката партија на Грција и на ВМРО (Обединета) во Егејска Македонија. Партијата беше ставена надвор од законот; комунистичките кадри беа поапсени и интернирани, а меѓу нив и многу првеници на ВМРО (Обединета) какви што беа Христо Галабов, Андреа Чипов, Лазо Трповски, Михаил Кљанев, Трифун Хаџијанов, Ташко Трајанов, Фоти Урумов, Ѓорѓи Турунџиев, Неделко Попнеделков, Андон Љомов, Коста Думов, Михаил Трпков и многу други, чии имиња не се познати или пак од причина на претпазливост не можеме да ги објавиме. Во релативно кусиот живот ВМРО (Обединета) и покрај своите

сопствени слабости и отсуство на вистинска помош од КПГ, која подоцна го напушти ставот за самоопределување на малцинствата и го усвои ставот за рамноправност на малцинства во рамките на грчката држава, одигра позитивна улога во организирањето на Македонците од Егејска Македонија, за зацврстување на нивната македонска национална свест, и се истакна како мобилизатор на македонските маси на парламентарните избори на страната на Комунистичката партија на Грција. Одраз на таа дејност на ВМРО (Обединета) беше и масовното учество на Македонците од Егејска Македонија во редовите на движењето на отпорот подоцна во времето на хитлеровската окупација на Грција.

БЕЛЕШКИ

1 Солунски весник "Проодос" од 2 октомври 1926 година со задоволство констатира дека "Анадолската катастрофа го имаше барем тој благопријатен резултат за Грција, што ги премавна конечно споровите врз еден дел од Полуостровот, со тоа што на Грција конвенциите за размена на населенијата и обезбедија хомогеност на населението во Македонија". А францускиот полковник Ламуш, член на Комисијата за заштита на малцинствата при Друштвото на народите, во еден извештај вели дека Грција конвенцијата за "доброволна размена на населенијата ја претвори во принудно протерување на македонското население од неговото родно огниште".

2 Зборник "Саранда хронија агонес ту ККЕ" (Четириесет години борба на КПГ) стр. 144 и 261.

3 Пак таму.

4 Од село Попожани, Леринско, во 1925 година во затворот "Еди-куле", во Солун беа затворени Атанас Попгеоргиев, Тодор Кировски и Димитар Скендеров за велепредавство и автономизам и долги години држани в затвор без јавно судење, иако владата на Венизелос во 1928 година имаше дадено амнестија за политичките осуденици.

5 Во прилогот на белешките приложуваме осум досега необјавени официјални доверливи писма на грчките органи за безбедност, од кои се гледа специјалниот режим спрема Македонците за да им се влее страв и да се откажат од својата борба за национално ослободување, или да бидат принудени на иселување. (Писмата се со датуми: 27 јануари 1930, 15 мај 1930, 22 април 1931, 3 мај 1931, 13 јули 1935 година и 24 април 1939 година.)

А) ПОВЕРЛИВО

IX Дивизија
Биро на штабот
Протоколен број Е. П. 1172/104
27.I.1930 год. IX-ти пограничен сектор
IX Дивизија
Лерин
Ви го јавуваме следното:

1. Деветтиот пограничен сектор и полициското началство да пристапат кон постојано следење на секого кој е во некаква врска со сомнителните луѓе, заради нивните бугарско-македонски чувства, да се следи нивното движење од село во село итн.

2. Подробно да се испитува целта на нивното доаѓање во горенаведената област и воопшто нивниот живот.

3. Да се извршат ненадејни претреси во нивните станови, како би се пронашле сомнителни акти и сомнителни работи.

Сите горенаведени настојувања ќе треба да се извршат внимателно под разни мотивации, така што да не предизвикаат сомневање кај сомнителните типови, тие да бидат следени, бидејќи на тој начин ќе се открие нивната мрежа.

Б. Министерство за надворешни работи
Број на протоколот 5551

Објава

Втори корпус
Атина, 15 мај 1930 година,
Апсолутно поверливо.

До Министерството за внатрешни работи.

Во врска со вашиот акт од 25 април оваа година под бр. 7/21, имаше чест да ве известиме дека и јавивме на нашата амбасада во Софија за нашата цел за откривање на мрежата врз основа на добиените податоци. Горенаведената амбасада со свој одговор ни го става до знаење следното:

Не е точно дека постои каков и да е договор меѓу грчките комунисти и македонските комити. Таков договор има само меѓу федералистите на Влахов, кој живее во Виена и грчките комунисти.

Христо Цветков доаѓа од Албанија во Грчка Македонија како претставник на федералистите, за да ги определат подробностите од договорот.

2-и Корпус на војската
К. Д.

Ц) Деветта дивизија Началник на штабот
Штаб II биро Е. Мандакас - потполковник.
бр. на протокол 740

До Деветтиот пограничен сектор
Лерин.

На 15 февруари во Лерин беше свикан состанок на органот на Комитетот ВМРО (Обединета). На овој состанок зедоа учество Стојчев, Миланов, Панчев и Динков.

Наредуваме:

На секој начин да ги утврдите податоците за јавеното и навреме да не известите.

Кожаник, 22 април 1931 год.
Командант на дивизијата
Д) број Е. протокол 2445
Гр. Фалкреас
Генерал-мајор.

До Вториот и Третиот корпус на Армијата.

Имаме чест да ве запознаеме дека, според известувањата на нашата амбасада во Софија, во првата декада од месец јули дошле во Софија 18 младинци од Енице-Вардар и Воденско, кои се ставиле на располагање на ВМРО (Обединета).

Молиме на секој начин да ги утврдите имињата на овие луѓе, а исто така и за секоја друга вест да не известите.

Атина, 26 јули 1930 Наредба на министерот
заменик-командант
г. Брондамитис

Во горе наведените случаи можевме да видиме дека грчката реакција го имаше мобилизирано целиот државен апарат, безбедноста, известителната служба на војската, разни агенти итн. Да видиме од друга страна, каква помош и дале на грчката безбедност Бугарите и Србите.

Е) број 12/2/362 Поверливо - лично
Биро на пецијалната безбедност Извонредно итно
Лерин, 3 мај 1931 година

ПОЛИЦИСКОТО НАЧАЛСТВО, ЛЕРИН

До високата команда на полицијата за Македонија (Биро на специјалната безбедност).
Солун.

Чест ми е да ве известам дека, според податоците добиени од југословенските власти во Битола, ВМРО (Об.) ја поделиле цела Македонија на 11 сектори и тоа на три сектори грчка и на 8 српска Македонија.

Командант
Петракис

Ф) IX-от Пограничен сектор

До полициската команда во Лерин.
Според известувањата добиени од српскиот капетан Драшкуља Георгиќ од спротивната страна на селото Раби, во пограничниот албански сектор Бернин, се собрале околу 60 наоружани бандити.

Како што е познато тие се готват да нападнат на нашата територија, а најглавно на југословенската.

19 декември 1930 година Командир на водот
(потпис нечитлив)

*

Овие два документа се доволни за да докажат за тесната соработка меѓу Глигзбуршка Грција и Југославија на Караѓорѓевци против прогресивното движење на македонскиот народ за неговата национална, политичка и економска слобода.

Тука ќе наведеме уште еден документ што ги побива тврдењата на грчката реакција, дека неводно македонското движење се раководи и одржува од бугарските конзули и дека наводно Македонците се Бугари. До колкава мера постоеле Бугари или бугарофили во Егејска Македонија, еве за тоа што говори следниот официјален документ:

*

Број 13/176/8 Поверливо лично - со признаница
Биро на специјалната Лерин, 13 јули 1936 година
безбедност

Полициското началство во Лерин

До Вишата команда на полицијата за Македонија

(Биро на специјалната служба)
Солун.

Во врска со изборите од 9 јуни оваа година во Костурскиот округ.

Чест ми е во врска со извршувањето на вашата наредба под број 15/158/1 од оваа година да Ве известам, дека за време на изборите во село Горенци од 9 јуни 1935 година, пронајден е еден глас каде што беше напишана реченицата: "Да живее Бугарија - долу Грција" а тоа не се осум такви случаи како што извести од страна на Третиот корпус на војската разузнавачот Андреас Папанајотопулос, кој веројатно ги предимензионира работите.

Горенаведениот глас, како што извести полициското началство во Костур, тамошниот јавен обвинител како претставник на судот при изборната единица во Горенци под број 195 од оваа година, испратен е заедно со другите акти на овдешниот обвинител. Не преминувам преку тоа да не ве информирам дека ниеден друг случај од ваква природа не се појави во делокругот на мојот округ, според досегашните известувања од мојата служба.

Наредба УТРЕ Командант
IX пограничен сектор (м. п.)
И. Франгу - мајор

*

Број 6 - Покана

КРАЛСТВО НА ГРЦИЈА

Јавниот обвинител на селото Долно Котори, врз основа на членот 143-145 го повикува Георгиос. Ј. Митруси жител на селото Неред, лично да се јави пред овој суд на 15 мај 1939 година, ден понеделник во 9 часот претпладне, за да му се суди,

бидејќи на 19 февруари истата година беше фатен од органот на полицијата да говори со други лица на словенски јазик.

За прекршок на членот 697 н. н. во врска со Указот на полицијата број 15/36.

Доколку истиот не се јави ќе му биде судено во отсуство.

Село Неред 24.IV.1939 година.
Печат
Јавен обвинител на Долно Котори
Јавен обвинител
(потпис нечитлив)

6 Весник “Македонско дело” од 10.VII.1931 година.
7 “Ризоспастис” (Радикал) орган на Комунистичката партија на Грција.
8 Приложено писмо на Министерството за надворешни работи под бр. 5551. од 15 мај 1930 година.
9 Димитар Митрев “Пиринска Македонија” во борбата за национално ослободување, стр. 244.
10 Посебна брошура со текстови од дискусиите во грчкиот Парламент од 25 април 1936 година, четири месеци пред да биде прогласена диктатурата на Метаксас (4 август 1936).

I
МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ВО АНТИФАШИСТИЧКАТА БОРБА (1941-1944)
I

ГЛАВА ЧЕТВРТА - Борбата на Македонците во Егејска Македонија против тројната окупација и за национална слобода

По волјата на хитлеровските окупатори, кон крајот од месец април 1941 година, Егејска Македонија е поделена на три окупациони зони: Источна Македонија од реката Струма на исток заедно со Западна Тракија и е доделена на фашистичка Бугарија, западниот дел со Костурско, Кожанскиот и дел од Леринскиот округ им се отстапени на Италијанците, додека Централна Егејска Македонија со Солун е окупирана од Германците. Меѓутоа, целата оваа територија од Централна и Западна Македонија, каде живееше и поголемиот дел од македонското население - преку 200.000 жители, е ставена под јурисдикција на грчката квислиншка влада на генерал Чолакоглу.

Безвласната ситуација, што завладеа во Егејска Македонија во првите два месеци од окупирањето на земјата, наскоро ја замени реставрацијата на стариот државен апарат. На окупаторот му беа потребни луѓе и апарат што ќе ги исполнуваат неговите наредби. И луѓето што до вчера и служеа на Метаксасовата диктатура, сега безрезервно се ставаа во служба на новите господари. На местото на жандармеријата, сега по напатствија на окупаторот се формираа таканаречените екатондархии, кои му беа неопходни на окупаторот за собирање на десетокот од селата, за шпионирање и апсење на родољуби, кои би се изјасниле против окупацијата и режимот, за вршење на реквизиции и сл.

Запоседнувањето на жанармериските станици од новите сили за безбедност - екатондархиите и првите мерки на реквернрање дел од реколтата на селаните, беше првото раскривање на она што и народот го очекуваше од окупацијата и од слугите на окупаторот. И првите стапки на спонтаниот отпор против окупаторот започнуваат со спротивставувањето на реставрацијата на државниот апарат и на првите насилнички мерки - одземањето на дел од реколтата уште есента од 1941 година.

1. Отпор против реставрацијата на стариот административен апарат

Реставрацијата на стариот грчки државен апарат во Егејска Македонија (Централна и Западна, оти Источна Македонија беше окупирана од Бугарија) со негодување беше примена од македонскиот народ, особено од оние села што најмногу настрадаа во времето на Метаксасовата диктатура, кога околу 5.000 Македонци беа казнети со тешки глоби, други интернирани, заради тоа што говореа на својот мајчин јазик. Тие луѓе во лицето на новите џандари, кои доаѓаа во селата за запоседување на бившите џандармериски станици, го гледаа воскреснувањето на стариот диктаторски и дискриминаторски режим и почетокот на нов терор и истезување.

Во село Саракиново, Мегленско, есента 1941 година три дена селаните ги држеа опкружени вооружените џандари и не ги оставија да се доближат до зградата на станицата, дури не им притекна на помош на опкружените цела една чета џандари од Субоцко. Во село Баница, Леринско, селаните отворија огин од оружје на џандармеријата, која се обиде да ја запоседне џандармериската станица и таа беше спасена од сигурното уништување само благодарение на интервенцијата од Германците. Својот револт против реставрацијата на бившата Метаксасова администрација жителите од Баница го платија со тоа што Германците уапсија 60 души од Баница, Цереово и Горничево и од трите села стрелаа по едно лице во град Лерин: Дине Љаков од Баница, Ставре (Кице) Станголев од Горничево и Мијале Ташонов од Церово. И случајот во Баница, впрочем, говори дека грчките националисти не можат да говорат за наклоност на германскиот окупатор кон Македонците, бидејќи окупаторот ги толерираше само оние што му служеа на неговите интереси.

Сличен отпор како во Баница и Саракиново на џандармеријата и беше организиран и во селата: Нерет, Герман и Зеленич, во Леринско, како и во Тресино пак Магленско во Кономлати, во Костурско и во други места. Овие неколку случаи ги споменуваме како најтипични примери за отпор и негодување на македонскиот народ против крвавиот режим на диктатурата.

Грчката шовинистичка реакција се обиде да го карактеризира овој отпор на македонскиот народ како бугарофилско движење, повикувајќи се на бугарската кампања, што во тоа време се шириле и во Егејска Македонија, без да ги анализира подлабоките причини, што го тераа македонскиот народ на отпор. Но, што би имала да рече грчката реакција за настаните во село Крмско – Калјарско, што се случија во истото време на 1941 година?

Село Крмско, во Калјарско, (Грците во 1926 година го нарекоа Месовуно) после 1924 година беше населено од доселеници од Понт и Кавказ. Во времето на грчко-италијанската војна 1940-41, до Крмско, на западната страна од планината Каракамен, беше организирана втората одбранбена линија на гчката армија за албанскиот фронт, која се протегнуваше од Кајмакчалан до Каракамен (Вермион). Со повлекувањето на грчката војска, во близината на селото беа оставени складови со оружје и муниција. На селаните сега им се даде прилика да се снабдат со ново оружје. Во овие припреми на селаните од Крмско учествуваа учителот Алексо Хаџи Ташков од Катраница, Македонец и стар комунист, заедно со комунистите од селото Георгиос Петридис и Неофитос Антопулос. Овие, на своја иницијатива се зафатија околу организирањето на вооружените селани од Крмско во воени формации, кои изведуваа дури и воени вежби, со цел да бидат готови за денот на револуцијата.

Есента 1941 година беа формирани екипи од службеници при земјоделските банки и земјоделските кооперативни сојузи со задача да обиколуваат по селата и да реквирираат од селаните пченица, пченка и од други производи, што ги предаваа на окупаторските и квислиншките власти. Една таква екипа, поткрепена од група џандари отиде и во Крмско. Селаните ги разоружија џандарите и заедно со екипата за собирање жито ги истераа од селото, предупредувајќи ги дека во случај повторно да дојдат, ќе бидат убиени.

Антифашистите од Крмско уште повеќе ги предизвика акцијата на окружниот гувернер од Кожани, кој го замени стариот претседател на општината во Крмско, Јанис Мурена со Павлос Константининис, што изгледа, го сметал за свој човек.

(Окупаторот во целата окупирана територија за кметови поставуваше луѓе од своја апсолутна доверба.) Оваа мерка на окупаторот и на квислиншкиот гувернер од Кожани, уште повеќе ги предизвика селаните од Крмско, зашто новиот кмет за зафаќање на претседателско место побара помош од џандармеријата и германската војска. Со решение на партиската организација од селото новиот кмет беше ликвидиран како окупаторски агент. На утрото, 11 октомври 1941 година, група џандари од Катраница на чело со еден подофицер се појавија во Крмско со цел да ги уапсат сомнителните лица за убиството на кметот. Меѓутоа, џандарите беа нападнати од наоружаните селани и обезоружени.

На 16 октомври во Крмско навлезе германска војска, која уште надвор од селото се судри со групата борци од ова село. По кратка престрелка Германците се вратија во Кожани. Неколку дена подоцна, на утрото од 23 октомври, изненадно Крмско се најде опколено од сите страни од германска војска. Целото машко население од 15-60 години, 146 лица на број беа стрелани во селските ливади.

Сличен колеж го очекуваше и големото македонско село Екши-Су, но од сосем подруги побуди. Закоравениот гркоман од ова село Јанис Папаперос, инаку грчки офицер, во октомври 1941 година се здоговори со други грчки офицери, и со џандарите од Лерин и околните села, да го нападнат ноќе Екши-Су; да ги ликвидираат македонските првенци, а потоа да им јават на Германците дека наводно вооружени Македонци и комунисти го извршија овој напад. Екши - Су беше нападнато, но селаните имаа свое оружје и добро се бранеа. При овој напад од селаните загинаа: Коле Маџов, Кирил Цицков, Романов и Кице Каров. Покрај тоа што провокацијата излезе на бело видело, бидејќи тука беше пронајден трупот на еден грчки офицер, Германците три дена и три ноќи ги држеа селаните без храна и вода во црквата од селото. Триесет души беа одведени во затворот "Једи-Куле" во Солун, од кои Борис Каргов бил осуден на смрт и стрелан. Од Екши - Су при нападот на Германците повеќе од 300 души со оружје излегоа во планината Радуш. Откако поминала опасноста в планина останаа само 12 души: Ѓорѓи и Иљо Турунџеви, Киро Пиљаев, Тривко Попов, Мих. Каргов,

Илија Попов, Минче Алипашов, Трајко Лисичев, Круме Ашелов, Јордан Шапарданов и двајца други. Овие 12-мина екшисулии беа од организираните комунисти во селото. Тие во Радуш формираа мал одред, кој носеше срп и чекан како значка. Од страна на Окружниот комитет на КПГ за Леринско нив им беше предложено да заминат на планината Хасија, во Тесалија, бидејќи во Леринско немаше уште услови за партизанска борба. Борците го одбија овој предлог и останаа во Леринско како илегалци.

По горните спонтани настани во Крмско, Екши - Су и со драмските колежи во Егејска Македонија започна новиот четиригодишен крвав период на окупацијата, кога беспоштедно се лееше крвта на најдобрите синови на македонскиот и грчкиот народ.

2. Организирањето на НОБ во Егејска Македонија

Разбивањето на диктаторскиот Метаксасов државен апарат со влегувањето на германскиот, италијанскиот и бугарскиот фашистички окупатор во Грција, го овозможи оживувањето на дотогаш парализираната од диктатурата Грчка комунистичка партија. Партијата го искористи краткиот интервал од безвластието од првите денови на окупацијата до воспоставувањето на нова власт во земјата и некои од затворените и интернирани комунисти Македонци и Грци се најдоа на слобода. Тие беа упатени секој на предозначеното место веднаш за обновување на партиските организации и подготвување на отпорот против окупаторите. Главна партиска сила во тоа време претставуваше групата од 24 ослободени комунисти од средновековниот затвор Акронавплион со постапките на Јулија Шнајдер, жена на еден од затворениците, Неделко Попнеделков од Солун, која искористувајќи го своето германско потекло, на окупаторската власт ги претстави затворениците како затворени поради нивното словенско потекло.

Меѓу ослободените од средновековниот затвор Акронавплион комунисти беа: Лазо Трповски, Андреа Чипов, Лазо Дамовски, Русалим Харизани, Ѓорѓи Пејков, Андреа Џима, Атанас Зјогас,

Лазо Божинов, Лампро Москов Ставре Ставридис, Петрос Кендрос, Ѓамо Дамјанидис, Трпо Калиманов, Зисо Калиманов, Фоти Урумов, Димитар Лесков, Анастас Караџа, Киро Пилјаев, Неделко Попнеделков, Теодорос Ефтимијадис, Бахчеванов и други.

Овој случај подоцна го искористи грчкиот - шовинистички печат и некои историчари за да "докажат" дека КПГ се стави во служба на окупаторот и "ја продала" Македонија на Бугарите.

Јасно е дека грчките шовинисти на чело со министерот за јавна безбедност Мањадакис нарочно ги оставија комунистите во затворите и му ги предадоа на окупаторот за да ги ликвидира. Ослободувањето на дел од нив, се разбира, не им одеше во сметка, па разбирливо е што со толку бес ја клеветеа КПГ за предавство. Колку одговараат на вистината тие клевети, што во голем дел се фабрикуваа во канцелариите на Гебелс и Гестапо, се гледа и само од фактот што комунистите беа првите заложници кои окупаторот ги фрли во концентрационите логори и ги стрела, одмаздувајќи си за извршените диверзантски и други партизански акции против него.

Особено по хитлеровскиот напад на Советекиот Сојуз на 22 јуни 1941 година, партиските организации во цела Грција и посебно во Македонија се наоѓаа во полн штрек. Во Солун, Воден, Негуш, Костур, Лерин и по сите други македонски градови се обновуваат партиските организации, се прибира старо и набавува ново оружје. Во Воден веќе на 1 јули 1941 година, благодарејќи на активирањето на постарите комунисти постои партиска организација.

Историјата на Воденската партиска организација започнува уште од 1924 година, кога на нејзино чело застанува истакнатиот организатор од овој град Трифун Хаџијанов. По иницијатива на оваа партиска организација, многу рано во Воден се формирани синдикални организации на текстилните работници, на беземјашите и други, кои забележуваат плодна дејност со организирање на штрајкови, демонстрации, првомајски манифестации, организирање фурни за бесплатно

делење леб на безработни работвици во текот на економската криза од 1929 година, на политички затвореници и сл.

Од Воденската партиска организација израснаа доследните и верни пролетерски борци како Анастас Трајанов, Коста Думов, Трифун Каткаданката, Димитар Картов, Горѓи Манчов, Јани Такев, Апостолаки и многу други, кои заедно со својот учител Трифун Хаџијанов ги дадоа и своите животи во борбата против окупаторот или против класниот непријател. (Повеќе податоци за револуционерната дејност на Трифун Хаџијанов читај во "Нова Македонија" од 5. V. 1961 година од Вангел Ајановски).

Во септември истата година, оваа градска партиска организација воспоставува и врска со Покраинскиот комитет на КПГ за Македонија во Солун преку Јанис Тифенгопулос - "Турчинот", стар кадар ва КПГ пребегнат од затворот Акронавплион.

Учени и калени од првакот комунист од Воден и заслужен пролетерски борец, Трифун Хаџијанов, кој во тоа време се наоѓа интерниран далеку на островите, воденските комунисти ја зајакнуваат партиската работа во синдикатите на земјоделските работници, во фабриките, кооперациите и другите еснафски организации, што ги подготвуваат за масовна борба. Зад организираните демонстрации, штрајковите против скапотијата, високите цени и црната берза, што следеа, се наоѓаше Партијата.

Слична активност за прибирање на оружје, складирање муниција и друга воена опрема забележана е и во Леринско од старите комунисти. Во Костурско ваквите акции земаат толку масовен карактер што доаѓаат до ушите на италијанскиот окупатор.

Во подготвителните акции од летото и есента 1941 година во Костурско особена активност пројавува месната организација од родното село на македонскиот првоборец Лазо Трповски, Д'мбени. Од село Габреш, каде се наоѓаа, напуштени од војската складови, беа однесени за Д'мбени преку 300 сандаци со фишеци, бомби и друг материјал. Партиската организација

од гратчето Рупишта, покрај лесното оружје беше сокрила дури и еден противавионски топ.

Летото 1941 година во Гуменџанско постои силна партиска организација во селото Извор. Уште во јули 1941 година на раководството од оваа организација му е дадена задача од Покраинскиот комитет за Македонија да преземе саботажни акции на железничката линија Солун - Гевгелија. За таа цел од комунистите се пренесени големи количини динамит и друг експлозивен материјал од рудникот во Извор и складиран на Кожув Планина.

По сеќавањето на Димитар Димчевски од село Љумлица (Шкра) само во текот на 1941 година, три пати беше минирана линијата Солун - Гевгелија. Заплашен од овие први саботажни акции германскиот окупатор со помош на грчката полиција од градот Гуменџе ја спроведува првата акција за апсење на старите комунисти во септември 1941 година.

Во септември 1941 година еден џандармериски одред од Гуменџе го опколил селото Плагја со намера да ги уапси познатите комунисти Цангарас, Христо Козакис и Никос Вафијадис. Тројца џандари влегле во куќата на Козакис и го уапсиле. Но, пред излегување од дворската врата, Козакис успеал да се добере до својот пиштол и го убил едниот од џандарите. Вториот го ранил, а третиот толку многу се исплашил што го оставил оружјето и побегнал. Од тој ден тројцата комунисти од село Плагја Гуменџанско, преминале на левата страна од Вардар, во Кукушко како илегалци.

Поголемо омасовување на организационото движење е забележано во цела Егејска Македонија по 27 септември 1941 година по формирањето на ЕАМ, (Национален ослободителен фронт).

Програмата на ЕАМ: прогонување од земјата на германо-италијанскиот и бугарскиот окупатор, воспоставување интегритетот на Грција итн. со својата потенцирана национална платформа – го привлекува мнозинството од грчкото население во цела Грција. За Македонците меѓутоа, единствена утеха,

иако минимална, се решенијата од Седмиот пленум на ЦК на КПГ од септември 1941 година и од Осмиот пленум (декември 1942 година), каде во однос на националните малцинства се вели: “Националните малцинства, посебно словеногласните Македонци треба да ја обединат својата борба со национално-ослободителната борба на грчкиот, српскиот и бугарскиот народ против бандитската фашистичка оска за победата на Советскиот Сојуз и подјармените народи, зашто само таа претставува гаранција и за нивното национално и социјално ослободување”. (“Десет години борба”, Атина 1935-1945, стр. 126-169.)

Во овој судбоносен момент за разгорот на Народно-ослободителната борба, меѓутоа, вака општиот и непрецизиран став на КПГ по македонското прашање, не можеше да претставува фактор за масовно мобилизирање на македонскиот народ, кај кое што антинародните режими во Грција со децении создаваа чувство на недоверба. И сега со отворањето широм редовите на ЕАМ, подоцна и на ЕЛАС на довчера непријателските елементи од редовите на бившиот диктаторски апарат, беше природно таа вродена недоверба кај македонското население уште повеќе да се зголеми. Раководството на КПГ, самозадоволено од првите успеси на ЕАМ, го потцени тој факт, а тоа неминовно подоцна ги имаше своите негативни последици за целото народно-ослободително движење во Грција.

Од повеќето македонски стари комунисти индиректно се уочуваше недостатокот од револуционерен став на КПГ по македонското прашање и тие се повикуваа на линијата на КПГ до Шестиот конгрес на ЦК КПГ (јануари 1935) за самоопределување до отцепување на македонското национално малцинство. Оваа линија од споменатиот конгрес е заменета со ставот “полна рамноправност” на малцинствата. Израз на таа желба за формирање и на одделни македонски организации и раководства претставуваат подоцнежните поодделни иницијативи за формирање на МАО (Македонска ослободителна организација) и македонскиот реон во Воденско, на македонската партизанска група и СНОФ во Леринско и Костурско, што ќе видиме подоцна.

3. Први репресивни мерки на непријателот

Преку реставрираниот државен апарат, новите одреди на џандармеријата, наречени екатондархии, преку стариот кадар од безбедноста и преку други лица, окупаторот е информиран за движењето на комунистите и другите патриоти. Во зоната окупирана од Германците отпочнуваат акции за наводно откривање на скриено оружје, при што се уапсени повеќе лица и егзекутирани без никаква судска постапка. Еве неколку вакви егзекуции: на 29 август 1941 година во Леринско се стрелани Кон. Љаскос, Ставрос Стангулис и Мих. Тесијанос. На 24 септември во Солун се стрелани Стефанос Христифоридис и Костас Класидис. На 5 октомври во село Гостољуби, Мегленско, стрелани се Јеремијас Стефанидис, Кирјакос Чотилис и Костас заради поседување на оружје. На 30 октомври во Енидже-Вардар е стрелан Панајотис Јаламас, на 4 ноември во Нигирита е обесен Михаил Војаџопулос, заради учество во движењето на отпорот. Со слични обвинувања во Солун стрелани се македонскиот студент Илија Капешев и Сократ Џјарирос на 13 ноември, а на 27 декември 1941 година само во окупираната од Германците Егејска Македонија (Солунско, Кукушко, Гуменџанско, Воденско и дел од Леринско) се стрелани 496 лица, обвинети за сокривање на оружје, или како учесници во саботажни акции и други напади против окупаторот, како што беа акциите во Нигритско на одредот "Андруцос", во село Крмско, Калјарско и други.

Весникот "Македонија" во Солун од 19.II.1959 година во Записникот од процесот на воениот злочинец Макс Мертен во Атина го објавува списокот на егзекутираните комунисти.

Истовремено од германскиот окупаторски апарат преку грчката полиција, која ги поседуваше списковите на старите комунисти, уапсени се многу Македонци комунисти и фрлани во логорот "Павлос Мелас" во Солун. Од Воден беа уапсени Јани Такев, Динко Делевски, Зиси Месимерчето, Ристо Петлев, од Русилово Фоти Типев, Ѓорѓи Димовски, Јани Шеретов, Христо Попов, Димитар Лесков, од Чеган.

Слични акции на разбивање на партискиот апарат во исто време се преземени и во Костурско, територија под италијанска окупација.

Еден специјален баталјон под командата на мајорот Де Прима се раздвижи низ Костурско во акција за скриено оружје. Како повод за започнување на оваа акција послужи ликвидирањето на шпионот Даилакис од месните комунисти од селото Жупаништа: Мичо Шишков, Вангел Танков, Зико Кољовски, Теохар Вуричков и Атанас Поплексов на 5 октомври 1941 година.

Блокадата на село Д'мбени е извршена на 28 октомври 1941 година, кога се уапсени голем број организирани комунисти и симпатизери на Партијата. И по другите села: Нострам, Дреновени, Рупишта итн. апсењата се вршени спрема списковите што на окупаторот му ги достави грчката полиција од Костур, а во повеќе села Италијанците ги придружуваа и одреди од самата џандармерија.

Од фамозните италијански "батаљони за претрес" од село Дреновени во декември 1941 година беа стрелани во градот Волос, Тесалија: Љондо Попвасилев, Андон Бита и Атанас Лазаров; од село Д'мбени беа уапсени и испратени во затворот "Аверов" во Атина 16 души. Оттаму во пролетта од 1942 година пренесени се во логорот во Кардица, Тесалија и стрелани: Журков Наум, Москов Наум, Андриовски Христо, Кенков Живко, Скивинов Стасо и Чекров Никола. Во ноември 1942 година фатен е и секретарот на д'мбенската организација Коста Трповски и испратен во затворот "Аверов", додека други осуммина беа одведени во злогласниот логор "Хајдари" надвор од Атина. Тука беа затворени и други комунисти: од Нестрам 19 души, а од нив беа стрелани: Паскал Луврадов, Нико Попјанов, Славе Тодоров, Јане Чакуровски и познатиот партиски првак од ова гратче, Верверис, кој под необјаснети околности беше најден мртов надвор од логорот. Во истиот логор беше стрелан и Бугев од Леринско, над кого долго време беше вршен притисок да направи декларација за покајување и тој секогаш одбиваше да го направи тоа.

Окупаторот преземаше жестоки мерки за да го ликвидира народноослободителното движење уште во стадиумот на неговото раѓање. Ударот што го претрпуваат партиските организации во цела Егејска Македонија ги доведува во безизлезност откриените кадрови. Тие се гонети од Германците, Италијаните и Бугарите и од грчката полиција, а самата КПГ до пролетта од 1942 година не беше определена дефинитивно за вооружена борба. Дел од патриотскиот кадар излегуваше во илегалност, во прво време на своја лична иницијатива, други пак преминуваа во бугарска окупациона зона со цел да ги сокријат своите траги.

4. Првите вооружени групи на НОБ

Првата партизанска група во Костурско е образувана од илегалците на село Жупаништа, кои, како што рековме погоре, на 5 октомври 1941 година го ликвидираа шпионот Лаки. Кон средината на април 1942 година, во манастирот "Св. Тројца" покрај противењето на окружниот секретар на КПГ, Атанас Џјогас (Влав од Костур) беше формирана првата партизанска група во Костурско, која веќе доби и одредени задачи. На формирањето на групата присуствуваше лично и инструкторот на Покраинскиот комитет за Македонија, Лазо Трповски. (За револуционерниот лик на првоборецот од Костурско Лазо Трповски читај во Гласникот на Институтот за национална историја од Христо Андоновски, година IV. бр. 1-2 од 1960 година.) За командир на групата беше поставен Наум Пејов, а за комесар Коста Трповски, кој во ноември истата година е фатен од Италијаните и испратен на доживотна робија во затворот "Авероф".

При формирањето на групата - пишува Наум Пејов, искрсна прашањето, какви значки ќе носат борците. Лазо Трповски предложи борците да носат на левиот ракав лента со македонско знаме. Тоа го прифатија сите борци со воодушевување, а само секретарот Џјогас не беше согласен и упорно настојуваше на ставот борбата да се води под грчко знаме како грчка национално-ослободителна борба. Под услови на постојано интригување и клевети, ставена од една страна под ударите на окупаторот, а од друга под шовинистичкиот

притисок на Зјогас, групата не можеше да опстане повеќе од два месеци. (Наум Пејов, “Прилози кон односот на КПГ по македонското прашање”.)

Во другите околии во ова време движењето за излегување в планина не покажува тенденции на македонска обоеност, туку се одвива заеднички од Македонци и Грци преку ЕЛАС.

Во декември 1941 година од ЦК КПГ и ЕАМ е решено да се формира ЕЛАС (Грчка народно-ослободителна војска), а во јануари 1942 година со решение на ЦК на ЕАМ е формиран ЦК на ЕЛАС, кој во февруари истата година го издава првиот проглас до народот и бившите офицери, во кој ги изнесува и целите на своето формирање.

Првите акции на ЕЛАС се изведуваат против даночните служби, против некои разбојнички банди, се обезоружуваат џандармериските станици и горат архивите на бившата диктаторска власт. Со овие први акции против квислиншката власт, ЕЛАС набргу ги спечали симпатиите на народот и неговата доверба како народна војска.

Во Централна Егејска Македонија во текот на летото од 1942 година е забележана активноста на првиот одред на ЕЛАС на планината Пајак. Во тоа време на теренот на Пајак Планина по селата вршеше разбојништва една банда по некој си Јованика, чии злосторства џандармеријата и реакцијата им ги припишуваше на комунистите од овој крај. И под изговор дека треба да се уништи разбојништвото, џандармеријата откај Гуменџе организира акција против партиските организации од источната страна на Пајак. Но намерите на полицијата и реакцијата пропаднаа, а партизанското движење уште повеќе се развиваше.

На 3 декември 1942 година во Гуменџанско е изведена првата партизанска акција против окупаторот. Беше решено да се нападне германската стража и грчкиот џандармериски пост на Боемички мост. Во оваа акција учествуваа 120 редовни партизани и повеќе доброволци од околните села на градот Гуменџе, на број околу 250 души. Мостот беше уништен и сите

џандари заробени. При нападот на мостот минуваше еден германски воз, кој исто така беше нападнат. Беше убиен машиновозачот и еден гемански мајор.

Оваа прва значајна акција на борците од пајачкиот одред не можеше да ја игнорира нити буржоаската историографија и за неа Атанасиос Хрисохоу, бележи: “На планината Кожув во Меглен една вооружена група на ЕАМ ја појави својата ослободителна активност вечерта спрема 3 декември 1942 година со нападот на железничката станица во Гуменџе, кога беше разоружена џандармериската станица, составена од еден подофицер на полицијата и пет џандари и беше отепан еден германски машиновозач. Исто така, беше стрелана од далеку германската караула на мостот, кога беше ранет еден германски војник и пет работници Чеси. Истата партизанска група на 7 декември вечерта го нападна и рудникот “Мавродендро” (Црно дрво) близу до селото Фанос, кога беше пленета голема количина намирници и динамит”. (А. Хрисохоу “Окупацијата на Македонија” кн. I стр. 40, Солун 1950 година.)

На 9 декември Германците преземаа акција за чистење на Пајак и Кожув Планина против партизанските групи. Уапсени беа голем број селани од околните села и повеќето од нив испратени во концентрационият логор “Павлос Мелас” во Солун. Само од село Љумница беа испратени 12 души, од кои еден, на име Фринц, веднаш беше застрелан. Од Германците беше пронајден партизанскиот логор врз село Н’те, на Кожув и изгорен заедно со складираната храна и муниција. По познатиот окупаторски начин, во Солун како противмерка заради нападот против германската композиција и караулата на мостот на Вардар, на 31.XII.1942 година беа стрелани 25 заложници, претежно комунисти”. (В. “Македонија” од 20.II.1959 година од записникот од процесот на Макс Метрен.)

Партизанската група од Пајак и Кожув Планина водеше николку борби со германската војска, но пред надмоќноста на непријателот партизаните се повлекоа од Кајмакчалан и на Каракамен (Вермион) Планина. Есента од 1942 година веќе партизанското движење вивнува во целиот воденски округ. Од Воден на Кајмакчалан излегуваат првите Македонци партизани:

Коста Симади, Гито Салахоров, Коста Цирончков, Алеко Црвенката, Вангел Кордалов, Христо Почепов, Колокотронот, Атанас Провата и други. На Пајак Планина во 1943 година се формирани одредите на капитан Герафис и Никитарас, а во нив учествуваа и истакнатите борци од градот Гуменџе Алеко Зеленков, Алеко Пишута, Атанас Попстојанов, Томо Садразанов, Вангел Караѓорѓев, Иван Ковачев, Клеархос Димчевски од Љумница, Апостол Симовски од Извор, повеќе момчиња од селата Црна Река, Баровица, Крива и други. Голема група партизани есента од 1942 година се наоѓаа и на планината Вермион (Каракамен).

5. Во Леринско формиран одредот "Вич"

На 28 февруари 1943 година во село Лаген беше формиран првиот леринси одред "Вич", од постојните мали илегални групи. Меѓу првите борци на одредот беа: Илија Димовски - Гоче, Кочо Калинов, Ламбе Поповски, Милтијади Попниколов, Ѓорѓи Калинов, Ѓорѓи Русов, Јани Чочев, Христо Сахидис - Панделис Масиотис, Ѓоргос Гавриилидис, Пасхалис Пападопулос - Спартакос, Атанас Фуртунас, Стојан од Лерин. Неколку дена подоцна во одредот стапија и други борци како Ристо Коленцев од Лерин и други, така што одредот порасна на 35 души.

Меѓу првите акции на одредот "Вич" е обезоружувањето на џандарите во село Воштарени, Леринско. Беа обезоружени 20 џандари. Осем оружјето, муницијата и храната одземена од овој участок, моралниот ефект од акцијата беше неоценлив. Окупаторот и неговите домашни слуги во градот Лерин беа обеспокоени во голема мера. Уште на другиот ден по акцијата, беше пренесен глас, дека 5.000 партизани дејствуваат во околината на градот, а германската команда се забарикадира во Лерин и заведе строги контролни мерки.

На 20.V.1943 година организиран е напад на возот на линијата Лерин - Воден, за ослободување на политичкиот затвореник Хараламбос Хараламбидис - Атанатос. Акцијата беше изведена со успех, при што беа убиени 4 Германци, тешко ранет

германскиот шпион Папатанасиу, запленето доста оружје и опрема, а самиот затвореник ослободен.

Одредот "Вич" заедно со одредот "Даме Груев" од Битолско изведоа заеднички акции за обезоружување на Македонските села од Костурско, наоружени од итилијанскиот окупатор и заведени од бугарската фашистичка пропаганда. По четири месеци од своето формирање одредот броеше повеќе од 80 борци. На 20 јули 1943 година беше донесено решение од овој одред да се формираат 4 помали одреди и тоа: одредот "Вич" одредот "Кајмакчалан" со командант Гоче, "Бигла" со командир Мичо Топурков - Титан и "Даули" крстени по имињата на планините, каде би дејствувал секој од нив.

6. Одредот "Лазо Трповски" од Костурско

Покрај негаторскиот однос на партизанското раководство од Покраинскиот комитет на КПГ за Македонија спрема тежненијата на македонскиот народ од Егејска Македонија за формирање на сопствени политички и воени организации, во септември 1943 година сепак беше дозволено во Костурско да дојде до формирање на одредот "Лазо Трповски". Одредот го доби името на заслуженият борец и политички раководител од овој крај Лазо Трповски, кој во меѓувреме загина во селото Имера, Кожанско, од банда на колаборационистичката организација ПАО.

Формирањето на одредот го диктираа следните причини: Населението од оваа околија чисто македонско, со недоверба гледаше на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС, кои Народноослободителната борба ја водеа врз пренагласена национална платформа. Тоа подозирање кон се грчко, кое одамна беше фатило корени кај македонското население, сега беше уште повеќе зголемено и од нетактичните шовинистички истапи на повеќе раководители на ЕЛАС по македонските села. И токму ваквите екстремности на ЕЛАС беа искористени од окупаторот и бугарската пропаганда за вооружување на дел од населението на страната на окупаторот. Овој најнов елемент впрочем, беше и судбоносен, раководството на Партијата да пристане на формирањето на одделен македонски одред. Во случај тука на овој терен да

завладеаја наоружените контраши, Корешчата, територија што ги поврзува планините Вич со Грамос, која од друга страна служеше и како неисцрпен извор за храна и нови борци за Движењето на отпорот, ќе беше изгубена за ЕЛАС. Пред ваквата опасност беше дозволено формирањето на одредот, кој за кусо време придонесе повеќето од македонските села да бидат вклучени одново во НОБ.

Одредот "Лазо Трповски" одигра голема мобилизаторска улога во Корешчата и поради фактот што борците носеа на капата петокрака ѕвезда наместо значката на ЕЛАС и агитацијата ја развиваа врз македонската национална основа. Меѓутоа, како што ќе видиме понатаму, животот и на оваа македонска оружена формација траеше многу кусо време, зашто пролетта од 1944 година и овој одред беше расформиран.

Во меѓувреме, и некои надворешни фактори, како разбивањето на германската армија под фон Паулус кај Сталинград, напредувањето на сојузниците во Северна Африка итн. придонесуваат уште повеќе да се прошири движењето на отпорот во цела Грција. ЕЛАС веќе како масовна воена организација прераснува во силна народна војска, која забележува во својата активна борби како тие во Бугази, кај Сјатиста, Каица, Доменико, Цанкарадес и други, каде непријателот имаше големи загуби. Според податоците објавени во "КОМЕП" (орган на ЦК КПГ) од декември 1944 година во споменатите битки од 1943 година Италијанците имаа 235 убиени, 880 ранети, еден генерал и 20 офицери исто така убиени. Во исто време Германците имаа околу 1.000 убиени и ранети и 1.200 заробени.

Бидејќи курсот на раководството на движењето на отпорот за цело време на окупацијата е организирање и концентрирање на силите во градовите за политичка борба, во текот на 1943 година во градовите од Егејска Македонија од ЕАМ се организирани повеќе штрајкови и други манифестации против скапотијата, непласирањето на извесни индустриски производи, како свилени кожурци, тутун итн; против црната берза и мерките на грабеж на селското производство од органите на квислиншката власт. Во Воден на неколкуте организирани

митинзи учествуваа повеќе од 10.000 работници и граѓани, во Ениџе-Вардар преку 8.000 граѓани и селани од околијата, во Гуменџе преку 5.000 души. Во Лерин беше организиран масовен митинг во август 1943 година, на кој учествуваа преку 15.000 демонстранти. Слични штрајкови и демонстрации беа приредени и во градовите Костур и Рупишта. Незаборавен ќе остане митингот во градот Субоцко од ноември 1943 година каде преку 20.000 жители од целата околија со црни знамиња и транспаренти демонстрираа на градскиот плоштад.

Најмасовен карактер земаа демонстрациите против влегувањето на бугарската окупаторска војска и западно од реката Струма во градот Нигрита, на кои учествуваа околу 30.000 души. Во Солун, Негуш и Бер, беа организирани уште почести демонстрации и штрајкови со учество на голем број граѓани, а пред се работници. Окупаторот знаеше дека зад сите овие манифестации стои ЕАМ и КПГ и неговиот одговор беше засилување на репресивните мерки, егзекутирање на повеќе родољупци и масовното испраќање на луѓе во концентрационите логори. Германскиот окупатор беше повеќе озверен особено по капитулацијата на Италија на 8 септември 1943 година.

ГЛАВА ПЕТТА - СНОФ во Леринско и Костурско и Македонскиот Реонски Комитет во Воденско

СНОФ (Словеномакедонски народноослободителен фронт) како одделна антифашистичка организација на македонското население од Леринска и Костурска околија се појавува во есента 1943 година, во еден решавачки период за развојот на Движењето на отпорот, кога во исто време и окупаторот преку разни колаборационистички организации и воени формации се подготвуваа за ликвидирање на отпорот. СНОФ дојде како плод на тригодишната борба на Македонците од овој крај против окупаторот и претставуваше израз на вековната желба на македонскиот народ да ги оствари своите национални идеали во заедничката борба со грчкиот народ и преку победата на сојузниците и целата антифашистичка алијанса.

Во последната војна грчкиот националистички печат и историографијата вложија големи напори СНОФ да го претставуваат пред домашната и светската јавност како автономистичка организација. Целта на ваквото тенденциозно пишување беше само една: да се претстават КПГ и ЕАМ како предавници на грчкиот народ, бидејќи тие го покровителствуваа СНОФ. Таквото клеветење на организациите од Движењето на отпорот им беше потребно на националистите за да го оправдаат и своето отсуство од антифашистичкиот фронт, па дури да измислат и причини за својата соработка со окупаторот. (Грчкиот универзитетски професор во Виенскиот универзитет П. Енепекидис во трудот “Тајните архиви на Вермахтот” објавуван во весникот “Вима” од 1963 година, изнесе низа автентични документи кои сведочат за колаборирањето со окупаторот.) Треба да се истакне дека и раководството на КПГ, било заради притисокот од буржоаските партии и владата во емиграција, било од шовинистички побуди на одделни раководители, не толку радо го дозволи формирањето на СНОФ. Во секој случај македонската организација, СНОФ се појави како неминовно и праведно барање на македонското население и како најнужно решение во еден одреден период, судбоносен за целото народноослободително движење во Северна Грција.

Во текот на 1943 година, паралелно со развојот на Народноослободителното движење и на теренот на Егејска Македонија се појавија некои националистички и колаборационистички организации како ИВЕ (Заштита на Северна Грција), ПАО (Сегрчка ослободителна организација) и ЕКА (Национална и социјална преродба) и други, кои претставуваа отворена опасност за антифашистичкото движење. Од друга страна, кај дел од македонското население не беше уште изживеана илузијата за "ослободителна мисија" на Бугарија во Македонија, факт што и овозможи на бугарската пропаганда тука да создаде гнездо на едно антиреволуционерно и реакционерно движење под паролата за "Автономија на Македонија". Под вакви, впрочем, околности Покраинскиот комитет за Македонија немаше друга алтернатива, освен таа да му излезе во пресрет на македонскиот народ и да го задоволи неговото барање да учествува во заедничката борба со своја организација.

1. Формирање на СНОФ во Леринско

Формирањето на СНОФ во Леринско има извесна предисторија. Тука до 1936 година, кога во Егејска Македонија од КПГ беше прифатена линијата за формирање на ВМРО (Об.) постоеше силна организација. Само во селото Екши – Су имало 110 члена на оваа организација, некои од кои и подарија дури и по десетина златни фунти (една фунта тогаш околу 250 драхми) за купување на литература од областа на ослободителните борби на македонскиот народ, за која тие многу беа заинтересирани.

На првиот состанок од Покраинскиот комитет на КПГ за Македонија - според тврдењата на Ѓорѓи Турунџов, еден од ослободените затвореници летото 1941 година, тогаш член на привремениот Комитет, беше поставено прашањето за обновување на ВМРО (Об.). На овој состанок беа присутни: Леонидас, Стрингос, Апостолос, Џанис, Лазо Трповски, Андреас, Џимас, Русалим, Харизани, Коста Пердуши и Керасидис. Џимас кој во тоа време вршеше должност на привремен секретар на ЦК, рече дека "сега не е најпогодно времето за покренување на вакво прашање, зашто може да доведе до расцеп помеѓу Грци и Македонци". Требаше,

меѓутоа, да поминат цели две и пол драгоцени години и ПК најпосле да увиди дека само од полза на Народноослободителното движење ќе биде да му се дозволи на македонскиот народ да има свои политички антифашистички организации, па и своја војска.

Во септември 1943 година по иницијатива на политичкиот секретар на Окружниот комитет на КПГ за Леринско, Танос, беше свикан состанок со македонските кадрови од овој округ, Киро Пилјаев, Ѓорѓи Турунџов, Ставро Кочевски, Трифко Поповски и Вангел Којчев во селото Баница. Киро Пилјаев беше определен за политички секретар на новата македонска организација СНОФ, Ѓорѓи Турунџов за организационен секретар, а Ставре Кочевски за одговорен на АГИТ-ПРОП. Тие тројцата го претставува првото раководство на СНОФ за целиот Лерински округ, но под заеднички Окружен комитет со ЕАМ.

Прва задача пред раководството на СНОФ се постави организирањето на илегална техника, што ќе издава македонски весник. Интересна е потрагата по словенска машина, на што се потсетува преживеаниот борец Ѓорѓи Турунџов. Машина за пишување со словенска азбука немаше. Ѓорѓи со својот брат Илија и Ѓорѓи Букчев одлучија да отпатуваат илегално до Битола и да се поврзат со тамошната партиска организација, која ќе можеше да ги снабди со пишувачка машина. Тие успеаја да се поврзат со еден член од раководството на битолската организација на КПМ, Крум Хололчев, кој ги упати до партиската организација во село Новаци, Битолско, каде ќе им била дадена машина, бидејќи кметот од ова село беше Македонец од Охрид и организиран. Меѓутоа, откако тука не успеаја да се снабдат со машина, идната вечер, со помош пак на битолската организација дигнаа една машина и материјал за пишување од Популарната банка во градот.

Бугарските власти, кога на другиот ден дознаа за провалата во банката и бидејќи лесно можеше да се констатира дека не се работи за земање на пари туку на машина и материјали за пропаганда, заклучија дека тоа е акција на комунисти и 7 души службеници од оваа банка беа затворени.

Како што раскажува истиот Ѓорѓи Турунџов, бидејќи во АГИТ-ПРОП немаа циклостил, тие сами направија таков од стакло и платно. Наскоро излезе првиот број на органот на СНОФ за Леринско, “Слобода”, и тоа на македонски јазик.

Организацијата СНОФ во Леринско за кусо време проникна во сите македонски села од овој округ, така што бројот на членовите на организацијата од 4 реони изнесуваше преку 10.000. Окружната конференција на СНОФ, одржана во февруари 1944 година во село Бапчор, на Вич Планина, беше најсилната манифестација за љубовта на македонското население од Леринско кон својата национална ослободителна организација и на неговата желба да се бори до крајната победа рамо до рамо со демократскиот грчки народ.

2. Одделен македонски реон на КПГ во Воден

СНОФ во Воденоко не се јавува како одделна македонска народноослободителна организација, како што тоа беше во Леринско и Костурско, но како одделна македонска реонска, организација на КПГ. Во прво време во таа организација, која влегуваше во рамките на Градскиот комитет на КПГ, беа опфатени организираните Македонци од градот Воден и постепено се прошируваше и во други македонски села од Воденска и Мегленска околија, каде беше водена агитација за целите на антифашистичката борба на македонски јазик и преку весникот “Црвена Ѕвезда” пишуван на македонски јазик со грчка азбука.

Македонската реонска партиска организација посебно издаваше и билтен со вести за антифашистичкото движење во земјата и за воените операции по сојузничките фронтови. Но, според тврдењето на раководителот на македонската реонска партиска организација во Воден, Вангел Алјанов, уште во почетокот при формирањето на реонската организација, таа наидуваше на многу потешкотии, причинувани од разни раководители на КПГ и ЕАМ од Окружниот комитет. Особено кога преку весникот “Црвена Ѕвезда” беа објавени некои многу важни статии со македонска национална содржина, Окружниот

комитет го забрани понатамошното излегување на весникот, поради наводно “националистичко скршнување”.

Есента од 1943 година и во Мегленско е забележана слична иницијатива за вршење агитација на македонски јазик среде македонското население. За таа цел беше покренат месниот весник “Искра”, како македонско издание на весникот “Флога”, орган на Окружниот комитет на КПГ. Но, по третиот број од своето излегување “Искра” престана да излегува, бидејќи Околискиот комитет на КПГ сметаше дека излишно е излегувањето и на друг весник, штом постоеше весникот “Флога”.

Слична недоследност и незрело мислење е изразено и при водењето на долгите разговори за формирање на одделен македонски одред во Воденско уште во месец април 1944 година. Меѓутоа, се предлагаше од страна на Окружниот комитет овој одред да носи значка од срп и чекан и да го носи името “комунистичка војска”, додека предлогот на македонските кадрови беше војската да се наречува македонска војска и како амблем да го има македонското знаме. Предлогот на Окружниот комитет беше уште посомнителен заради тоа што со него се предвидуваше иницијаторите за формирање на одредот откако ќе привлечат извесен број борци на планината, да се вратат во градот, што значи дека тие ќе послужат само како мамец за привлекување на борци од македонското население. Од сето ова произлегуваше дека Окружниот комитет не мислеше сериозно за задоволување на една историска потреба. Така предлогот беше осуден на пропаѓање.

3. СНОФ во Костурско

Органот на Окружниот комитет на КПГ за Костурско “Лаикон вима” од 10. I. 1944 година по повод формирањето на СНОФ во овој округ пишуваше: “Зрелата политичка мисла го наложи како неопходно создавањето на СНОФ - Македонски народноослободителен фронт, кој за Словено-македонецот е исто што и ЕАМ за Гркот. СНОФ како инструмент за борба ќе ги води Словено-македонците со поголем фанатизам и

поголема љубов заедно со братскиот грчки народ за реализирање на заедничките цели".

Слична оценка за значењето и улогата на СНОФ малку подоцна даваше и весникот "Ефедрикос Елас", орган на Дивизиската команда на резервниот ЕЛАС за Западна Македонија, кој на 2 април 1944 година истакнуваше: "ЕАМ и СНОФ се организациите кои се борат за истата цел, истите желби и стремежи. Грци и Македонци цврсто обединети решително ќе чекорат за реализирање на барањата на народот..."

Весникот "Ефедрикос ЕЛАС" истакнувајќи ја понатаму активноста и широкото учество на Македонците од Леринско и Костурско во заедничката борба против окупаторот, пишуваше: "Учеството на Македонците на првата конференција на резервниот ЕЛАС за цела Западна Македонија, покрај тешките услови, невремето и теророт, беше масовно. Словено-македонците од Леринскиот и Костурскиот округ беа претставени од значителен број делегати. Ова покажува сосем јасно до колкава мера Словено-македонците се убедија во праведноста на целите и стремежите на денешната сенационална борба".

Оценувајќи го значењето и улогата што СНОФ ја одигра во шесте месеци на своето постоење и дејноста како мобилизатор, водач и просветител и како верен толкувач на идеалите на македонскиот народ, весникот "Славјаномакедонски глас" - орган на Окружниот одбор на СНОФ во Костурско, во бројот од 3 април 1944 година меѓу другото пишуваше:

"СНОФ е единствената народноослободителна организација, што ќе ги исполни националните и социјалните барања на македонскиот народ. СНОФ е новата ВМРО на Македонците што ќе го доведе до крај делото на илинденците..."

Разбивајќи ги клеветите на непријателот за наводната врска на СНОФ со автономистичкото движење на контрачетничкиот комитет во Костурско, "Славјаномакедонски глас" продолжува: "Автономистите се фашисти кои сакаат да му го подјармат на фашизмот нашиот народ. СНОФ како наследник на вистинската

ВМРО, роден од стремежите на народот за слобода, ќе ја продолжи борбата за истерување на окупаторот и ќе истреби секој предавник, кој има намера да го одржи во живот фашистичкото тиранство, извикувајќи на крајот: “Смрт на фашистите и искоренување на предавниците Калчев и компанија”.

Во својот краток живот (само 6 месеци) СНОФ се истакна како вистински раководител на македонскиот народ и уште од првите денови од неговата појава во Костурско ги оживе деновите од легендарното минато на Илинденското востание. Целиот народ од селата во Корештата и во другите околии од овој округ беше организиран во СНОФ, а тие села што беа вооружени од окупаторот започнаа едно по друго да го предаваат оружјето и преминуваа на страната на СНОФ. За постигнување на таа цел - мирното приоѓање на заведените од автономистичката пропаганда во редовите на СНОФ и на ЕЛАС, многу придонесе СНОФ со својата агитација преку печатот на македонски мајчин јазик и со својата тактика на убедување. Во еден повик, на пример, од Окружниот одбор на СНОФ до вооружените контрачетници се вели:

“Фашизмот се наоѓа во своите последни минути. Црвената армија се наоѓа веќе во Романија и Чехословачка и бргу ќе почне новата офанзива за ослободување на Балканот. Имено, затоа и се дава последната шанса; сега е време како што се вели и во повикот на Деветата дивизија на ЕЛАС - да го предадете оружјето на политичките организации, или на воените единици од ЕЛАС. Организацијата СНОФ ви гарантира за вашот живот и вашиот имот. Ви дава збор дека никој нема да пати ништо од оние што ќе го предадат оружјето, или што ќе дојдат со нас. Инаку подоцна кога ЕЛАС ќе почне со чистењето, не ќе може со ништо да ви помогне, зашто тогаш ќе се сметате како непријатели на народот. Ние сме ваши браќа, се грижиме за последиците и за доброто на словено-македонскиот народ, кој треба да го доврши делото на Илинден, да не ја изгаснеме нашата славна историја, туку да напишеме други уште пославни страници. Не ги слушајте оние што сакаат да ви попречат да тргнете по правиот пат...”

Уште во првиот месец од создавањето на СНОФ, неговото членство се покачи на 6.000 организирани припадници, од кои 1834 жени. Не само мажите, туку и жените членки на резервниот ЕЛАС ги оживуваа херојските традиции од времето на Сирма, Ирина, Ѓурѓа и други храбри Илинденки и со пушка в раце стражареа по селата, земаа учество во заседи и преземаа акции во пренесување на оружје и храна преку окупаторската територија.

Дело на СНОФ, преку вооружените групи на ЕЛАС беше обезоружувањето на голем број наоружани од контрачетничкиот Комитет или осуетувањето плановите на бугарскиот фашизам преку Калчев и другите Ванчомихајловистички агенти, кои се обидоа да создадат свое жариште во Костурско. Со својот печат, повици и усмена агитација СНОФ придонесе да се разбуди националното сознание и кај оние Македонци кои под влијание на грчката или бугарската асимилаторска пропаганда ја затемнија својата национална свест.

Широко преродбенска и плодоносна беше дејноста на СНОФ и во културно-просветното издигнување на масите со предавањата, уметничките програми и забави по селата и на прославите на Илинден и други национални манифестации. СНОФ покрај водење на борбата на политичко поле, застана на чело на народот и во борбата за подбрување животните услови на селаните. Со масовното слегување на селаните во градот Костур, беа извојувани дажби на шеќер, масло, сапун и други продукти. Во врска со сестраната политичка дејност на СНОФ многу убедлив беше извештајот од 29 март 1944 година на Поптрајков - реонски раководител на СНОФ, испратен до Окружниот одбор на СНОФ, во кој се вели:

“Со својот масовен протест селаните од Брештени (Фтеља) - стои во извештајот - тие успеаја да добијат 700 оки грашок и 27 оки шеќер. Дреновчани земаа 560 оки грашок и си ги вратија личните карти што им ги задржаа во градот. Селаните од Добролишта и тие зедоа извесна количина грашок. Тоа беше резултат од масовниот протест на селаните до окружниот гувернер и до владиката на Костур. На овие протести во градот

беше направена постапка и манифестација против теророт од окупаторот и колаборационистите".

"Духот и борбеноста на населението се наоѓаат на висина. Младината настојува да се образува угледна младинска група во ЕЛАС, додека резервниот ЕЛАС бара оружје. Реакцијата е ограничена само во две села и тоа во Четирок и Тиквени. Од првото село 40 комити отидоа во градот Костур и со поткрепа од Германците дојдоа во селото и преку застрашување наоружаа околу 180-200 души. Оружје разделија и во Тиквени..." (Цитираниот документ се наоѓа во личната архива на Лазо Дамовски.)

Во продолжение на истиот извештај се зборува и за ситуацијата во Костур во врска со тешкотиите причинувани на македонската организација СНОФ од некои фанатизирани грчки раководители:

"Во Чука и Стена се обидов да формирам СНОФ, но во работата ме спречи Јоанис Пападопулос - се вели во извештајот - заради тоа што му побарав објаснение, ми запрети дека ќе бидам казнет и дека треба писмено да се објаснам пред Окружниот комитет на КПГ".

СНОФ се грижеше за обработување на нивите на партизанските фамилии, даваше помош намирници на бедните фамилии, лекови за болните по селата. Не беше редок случај раководителите на СНОФ да решаваат спорови меѓу селаните многу подобро и поправедливо од професионалци судии.

Треба да се смета како заслуга на СНОФ што само од селата каде постоеше оваа организација, преку 500 Македонци стапија во редовите на ЕЛАС, а повеќе во резервниот ЕЛАС, многу придонесе и во разоружувањето на комитските села и со оружената помош на редовните единици.

Учеството на македонското население од Костурско во СНОФ и во другите антифашистички организации е масовно, додека непријателот покрај бесниот терор и обилната пропаганда не можеше да продре кај македонскиот народ, со исклучок само на

неколку села, од кои повеќето беа наоружани од непријателот со терор или со лажната парола за независна Македонија и слично, експлоатирајќи ги патриотските чувства и длабоката желба на нашиот народ за слобода.

Горниот факт го потврдува со својот извештај од 17 јануари 1944 година и реонскиот раководител на СНОФ, Колчо, кој изнесува: "Во мојот реон од 9 села во 7-те имаме свои основни организации на СНОФ. Само во Блаца и Сетома немаме, зашто таму реакцијата е голема. Тука имаме организирани членови 200. СНОФ го сметаат за своја организација, меѓутоа, кај нив постои и извесен страв да не би биле пак измамени од грчката пропаганда. Бугарофилството е во помала мерка, освен во споменатите села Блаца, Сетома и Черешница, зашто тука се фрли паролата за "независна Македонија". (Оригиналот од овој извештај се наоѓа во необјавената архива на Лазо Дамовски).

4. Околиската конференција на СНОФ

Една од големите, но и последни масовни манифестации на СНОФ во Костурско беше одржаната окружна конференција на СНОФ, на 12 април 1944 година во селото Д'мбени што ја покажа силата на Организацијата, нејзината масовност и популарноста кај македонското население од Костурско. Конференцијата остана како светол датум и како важен документ на народноослободителното движење на грчкиот и македонскиот народ од Егејска Македонија. Тука беа разобличени сите махинации и интриги на реакцијата и окупаторот да создаде расцеп меѓу македонскиот и грчкиот народ поради македонското прашање, сузбиени сите клевети за наводно автономистичко движење, што тогаш и подоцна му се импутираше на СНОФ и македонските раководители.

На околиската конференција, одржана во село Д'мбени присуствуваа преку 500 делегати од месните и реонските организации на СНОФ, гости од братските организации ЕАМ, КПГ, ЕЛАС, од Западно-македонското биро на КПГ дури и делегати од британската воена мисија во слободна Грција. Политичкиот секретар на СНОФ Лазо Дамовски поднесе реферат за организационите прашања и нивното решавање.

Организационио секретар Паскал Митровски говореше за организационата положба во округот, а претставникот на Западно-македонскиот одбор на ЕАМ, Ригас (Костас Сидиропулос) говореше за меѓународната воено-политичка ситуација и конкретните задачи на движењето на отпорот во Грција.

Дел од работата на конференцијата беше посветен на односите меѓу ЕЛАС и СНОФ и народот, на улогата на ПЕЕА (Политички комитет за национално ослободување) итн.

Од записникот од конференцијата (кој е зачуван во архивата на Лазо Дамовски) се дознава составот на новоизбраниот Окружен одбор на СНОФ, во кој влегуваа 21 член: Лазо Дамовски, Паскал Митревски, Андон Калчо, Благој Пандули, Кокинос Пеев Наум, Бошко Хаџиев, Евдокија Балева, Шишков, Гулев, Москов, Поптрајков, Василка Галева, Хрисанта Чочева, Ристо Димитриев, Караџов,Калиманов, Пандели и Љуба Балсамова. (Имињата ги даваме како што стојат во оригиналот на документот, кој се наоѓа во спомената необјавена архива на СНОФ).

Во телеграмите испратени од конференцијата до големите сојузници, до ПЕЕА, до Одборот на ЕАМ за Западна Македонија и IX дивизија на ЕЛАС, македонското население преку СНОФ ја изразуваше својата цврста вера во победата на антифашистичките сили, во која тој би нашол задоволување на своето право за самоопределување. Во телеграмата до ПЕЕА се побиени сите оние клевети од реакцијата со кои се целеше да се претстави СНОФ како автономистичка агентура, кој наводно бара автономија на Македонија и сл. Во спомената телеграма стои:

“Ние петстотини делегати на СНОФ од Костурско на првата наша историска конференција, преполнети со ентусијазам, доверба и решеност за крајната победа на народот, од се срце го поздравуваме Политичкиот комитет на националното ослободување. Се ставаме рамо до рамо со него и ќе му помогнеме со сите наши сили во неговото дело и за формирањето на влада на национално единство, убедени дека

во една народно-демократска Грција и ние Македонците ќе најдеме апсолутна социјално-политичка и економска рамноправност заедно со Грците”.

5. Расформирање на СНОФ

Раководството на КПГ, кое за цело време на СНОБ правеше најневеројатни отстапки пред грчките буржоаски партии и настојуваме по секоја цена да се оствари националното единство за да ја благонаклони кон себе реакционерната буржоазија, по примерот на буржоаските националисти и раководството на КПГ не се поколеба да му го одземе на македонскиот народ правото на посебни организации, народноослободителни одбори, народна војска, македонски училишта итн. Првата жртва на таквата капитулантска, опуртунистичка политика, политика, што подоцна од самите луѓе на КПГ беше окарактеризирана како многу штетна, беше СНОФ.

На претставниците на КПГ и ЕАМ, кои на 12 април на окружната конференција на СНОФ, се восхитуваа со успесите на македонската организација, ништо не им пречеше само по неколку дена да изјавуваат, дека СНОФ треба да се слее во ЕАМ, бидејќи не се “потребни две организации со едни исти цели”, а од друга страна “не можело да се постигне национално единство, бидејќи реакцијата се сомневала во патриотизмот на КПГ, при постоењето на СНОФ”.

На партиската конференција во село Могила - Костурско” во почетокот на мај 1944 година беше донесено конечно решение за расформирање на СНОФ. Слично решение беше донесено и на конференцијата во село Лаген и за СНОФ во Леринско, како и за македонскиот реон во Воден.

Но, ваквиот антиреволуционерен акт не би можел ни така лесно да се спроведе. Македонскиот народ не можеше да се откаже од извојуваното право за своја организација, која во тоа време дури и не ги задоволуваше наполно желбите и стремежите на Македонците. Тие знаеја дека нивните браќа од Вардарска Македонија не само што можеа да формираат свои единици со

Главен штаб и други антифашистички општествено-политички организации, туку дека и Второто заседание на АВНОЈ им го призна правото на самоопределување, третирајќи ги Македонците како одделна нација, која како рамноправен член влегуваше во федерацијата со другите југословенски народи. Освен тоа, за македонските кадрови (не се мисли на оние што не се чувствуваа и мислеа како Македонци) беше сосем несфатливо тоа: како за Северен Епир и Додеканезите можеше да се почитува правото на самоопределување, додека за Македонците КПГ ветуваше само една неодредена рамноправност, која ја признаваа порано и некои буржоаско-демократски партии, а сега со расформирањето на СНОФ, КПГ и од неа ги лишуваше.

Со расформирањето на СНОФ во исто време се ликвидираа и воените групи на оваа организација и се слеваа во единиците на ЕЛАС. Но, сето тоа имаше лоши последици. Од една страна, предизвика расцеп во самиот антифашистички фронт, а од друга, создаде благопријатни услови автономистичката фашистичка пропаганда да заведе приличен број Македонци и одново да ги вооружи.

Негативните последици од ваквата политичка тактика на КПГ по македонското прашање уште во јануари 1944 година му беа уочени на Покраинскиот комитет на КПГ за Македонија од секретарот на Окружниот одбор на СНОФ во Костурско - Лазо Дамовски. Тој на 24 јануари 1944 година пишува до Западномакедонското биро (оддел на Покраинскиот комитет) меѓу другото:

“Во условите на Втората светска војна, народноослободителното движење во сите окупирани земји на Европа и на Балканот отвори еден нов пат, тоа е самоопределувањето на народите. Сосем е оправдано и Македонците, кои толку крв пролеаја во Илинденското востание 1903 година и кои денеска се борат против фашистичките напаѓачи давајќи нови жртви, да ја бараат својата слобода. Во Вардарска Македонија другарите направо одат кон тој правец...”

“Македонците во територијата на Леринскиот и Костурскиот округ претставуваат мнозинство од населението (70 отсто). Тие денес се борат рамо до рамо со грчкиот народ. Дали по истерувањето на окупаторот врз основа на Атлантската повелба и тие ќе го имаат правото на самоопределување? Дали тие заедно со своите браќа од српскиот и бугарскиот дел на Македонија ќе може да создадат една македонска Народна Република, бидејќи и економски, и географски, и етнички претставуваат една целина?”

“КПГ им вети на Македонците рамноправност во рамките на една Народна Република во Грција, додека за Додеканезите и Кипар, поставува прашање на самоопределување врз база на принципот за самоопределување. Оправдано Македонците се прашуваат: Зошто тогаш нас не не оставаат слободно да ја создаваме својата национална култура и да се бориме за нашите идеали, кога и ние составуваме нешто одделно, кога не сме Грци, туку Македонци? Да не би Партијата се плаши од реагирањето на шовинистите? Или го нема доволно проучено тоа прашање поради немање на документи? Ако се случува првото, како тогаш Партијата ќе ни обезбеди рамноправност? Не ќе реагираат ли пак шовинистичките елементи? Но, Партијата се бори против шовинизмот и “големата идеја”. Значи, се случува второто, за кое треба Партијата во најскоро време да направи анализа на денешната стварност и да го даде правилното решение по македонското прашање...”

Меѓутоа, опортунистичкиот и крајно попустлив став на КПГ и ЕАМ пред владата во емиграција и спрема Англичаните доведе до ликвидирање на македонските политички организации СНОФ во Костурско и Леринско и одделниот македонски реон во Воденско. Тоа предизвика голем револт кај македонските комунисти, нешто што го најде својот израз во отцепувањето на група од околу 40 македонски партизани од редовите на ЕЛАС во Костурско. Тие на чело со Наум Пејов образуваа одделна група, која поради притисок од ЕЛАС премина на југословенска територија на Караорман. Слично нешто беше направено и од група македонски борци во Леринско, кои со Ѓорги Турунџов преку Преспа заминаа и тие за Караорман, а во Воден Вангел Ајанов, еден од оние македонски кадрови, кои настојуваа да се

формираат македонски одреди, беше уапсен и одведен на Пајак Планина.

Од Костурско беа уапсени од ЕЛАС раководителите на СНОФ Лазо Дамовски, Паскал Митревски и Лазо Поплазов. На Кајмакчалан на нечесен начин беа убиени македонските реонски раководители од Островска околија Пандо Циков, Димитар Лесков и 10-мина други од село Чеган и тројца од Русилово.

За создадената положба КПГ не се потруди да ги пронајде причините во сопствената немарксистичка политика по македонското прашање и на место таа самата да се подложи на една искрена, смела и подробна анализа и критика за своите сопствени грешки по ова прашање, го избра најлесниот пат: се обиде вината за расцепот да ја префрли на македонските единици од Вардарска Македонија, кои наводно ширеле автономистички идеи среде Македонците во Грција.

ГЛАВА ШЕСТА - Формирање на Македонски баталјони

Со пребегнувањето на групата борци од Костурско во Караорман, кои и беа вклучени во македонските единици на НОВ во Вардарска Македонија, се судираа две тактики на две комунистички партии. КПГ настојува да и бидат вратени "дезертерите" за да бидат "примерно" казнети и никако не се потруди да ги проанализира подлабоките причини за оваа ситуација.

КПЈ од друга страна, отцепувањето на групата го сметаше како природна последица и одговор на една опортунистичка тактика, која не му дозволуваше на македонскиот народ да се бори од свое име против фашистичките окупатори. Мораше да се дојде до преговарање, кога и беше решено пребегнатите борци да се вратат во ЕЛАС и КПГ да го дозволи формирањето на одделни македонски единици во Воденско и Леринско - Костурско. Во тој дух беше напишано и испратено до македонските единици од Вардарска Македонија и познатото писмо од делегатот на Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ на Југославија, Орце - Добривоје Радосавлевиќ, кое беше прочитано на партиските конференции на околиските организации на КПГ во Воденско, Леринско и Костурско.

Времето, меѓутоа, минуваше во дискусии, дали да се формираат македонски единици, до какви формации ќе се развијат, какви значки ќе носат. Во тоа време непријателот кој ги знаеше тежненијата на македонскиот народ, преку Калчев (бугарски офицер за врска кај Германците во Воден, Лерин и Костур) се обиде да го искористи незадоволството и недовербата на Македонците спрема движењето на АЕМ и ја протури паролата за "Независна Македонија".

Лозунгот "Независна Македонија" беше лансиран од окупаторот и неговите помагачи, кој истовремено и на романо-власите од Пинд им ветуваше влашка држава и на Шиптарите Велика Албанија. Решенијата од Второто заседание на АВНОЈ, каде на дело веќе се признаваше правото на македонскиот народ на одделна нација, која има право на формирање своја

држава, и Хитлерова Германија за да реагира на историските решенија од АВНОЈ и да створи конфузија на Балканот, помисли за формирањето на една "независна" македонска држава со престолнина во Солун, од типот на НДХ и Словакија се разбира, како германски сателит.

Во врска со горното, Валтер Хаген меѓу другото пишува:

"Во 1941 година Хитлер малку беше заинтересиран за Македонија. Дури кон 1943 година тајната служба со еден свој меморандум успеа да го обрне вниманието на Хитлер за предностите што би ги имала Германија од формирањето на независна македонска држава со престолнина во Солун, пријателски расположена спрема Германија и преку оваа држава Германија би се добрала до Егејско Море. Тоа би могло лесно да се оствари во 1943 година. Но беше сосема доцна во 1944 година, кога Германија дојде во контакт со Ванчо Михајлов, кого го доведе со авион во Македонија да го запознае народот со своите врски со Германија и со нејзиното решение да создаде независна македонска држава. Тој сметаше дека е веќе доцна и изјави дека не може да преземе такви чекори кои сега многу мачно можат да се реализираат".

И Ванчо Михајлов во својата книга "Македонија Швајцарија на Балканите" пишува дека биле воспоставени врски меѓу бугарската влада и Дражa Михајловиќ преку Германците за создавање на автономна македонска држава.

Од пропагандата на Калчев и Димчев, (овој последниот специјално испратен од Софија со задача за формирање на автономистички банди), кон средината на јуни завербувани се извесен број Македонци и во Воден е формирана автономистичката формација "Охрана", додека во Костур - Леринско одново е засилено вооружувањето на оние села што во март 1943 година беа наоружани од Италијанците по иницијатива на шефот на италијанската известувачка служба, Равали.

"Охраната" беше воена формација со седиште во Воден, која оперираше заедно со германските единици. Во текот на еден

месец бројот на вооружените контрачетници во Воден се качи на околу 700 души, повеќето дојдени од Гуменџанско и други места. Поедини припадници на "Охраната" охрабрени од своите организатори се истакнаа како големи злочинци. Го тероризираа населението во градот и по селата каде што обиколуваа. Петтото училиште во Воден беше претворено во вистинско мачилиште за комунистите и патриотите - Грци и Македонци. Првите жртви на Охраната во Воден беа пензионираниот мајор Атанасоглу, Сиганидис, Георгиос, Ипократис, Аспалидис, учителот Лазарос Вафијадис, Каравасилис, Василиос, Наско Печинаров, Георгиос Акритидис, Ставридис Кариофилис и други. Сите основни организации на отпорот во градот беа разбиени. Македонската група од смелите диверзанти во градот: Христо Кардалов, Алеко Црвенката, Туши Керамитчиев, браќата Ѓашареви, Христо Почепов, Леонида Пројов и други и задаваат успешни удари на реакцијата и Охраната, ликвидирајќи некои од поактивните соработници на Охраната.

ЕЛАС за да го спречи стапувањето на Македонците во Охраната по селата ги гори куќите на наоружените. На неколку пати го напаѓа вооруженото село Јаворјани, но без успех. КПГ пред настанатата ситуација не може да го избегне она што и беше најповеќе непожелно - формирањето на одделни македонски единици во рамките на ЕЛАС. Но, ако најпосле Покраинскиот комитет на КПГ за Македонија нареди да се формираат македонски единици во Воденско и Леринско - Костурско, тоа го направи под притисок на настаните и повеќе како маневар за привлекување на македонскиот народ дури да биде ликвидирано контрачетништвото. Дека на раководството од Покраинскиот комитет не му беше до формирање на одделна македонска народно-ослободителна војска особено по преземените обврски од Либанската конференција, сведочи острата критика направена од П. К. на човекот од Деветтата дивизија на ЕЛАС, Ренос, кој божем по своја иницијатива допушти да се формираат батаљони во Костурско и во Воденско. Карактеристичен е следниот дијалог на претставникот од П. К. со Ренос:

Претставникот од П. К. (Стрингос): зошто си формирал баталјони кога наредбата беше да се формираат само по една чета во Костурско и Караџова.

Ренос: - А која ќе беше штетата ако беа формирани дивизии?

Претставникот од П. К.: Ти си наивен. Ако Македонците имаат дивизии, тогаш ние немаше да се наоѓаме во Македонија... (Од едно писмо на Ренос до Добривое Радосавлевиќ - Орце. Текстот се наоѓа во воениот историски архив на ЈНА).

На 16 јули 1944 година на Кајмакчалан е формиран македонскиот батаљон од Павле Раковски - Гоце и Ѓорги Атанасов - Блаже, а подоцна од Окружниот комитет во Воден, беше испратен и организациониот секретар на Окружниот комитет на КПГ за Воденско Ѓорги Урдов - Џоџо, како комесар на батаљонот. Овој настан во Воденско од македонскиот народ беше поздравен со масовно стапување на македонската младина во македонскиот батаљон. Батаљонот логоруваше над селото Горно Родиво на Кајмакчалан и секој ден десетина младинци тргнуваа од своите далечни села со единствена желба - да бидат борци во македонската војска. Историјата не памети таква масовност, како што беше случајот со селата во Мегленско, Баово и Пожарцко, од кои излегоа веднаш преку стотина борци, а многу од нив и со свое оружје што старите го криеја како нешто свето по куќните скривалишта.

Кај населението во Мегленско и Воденско на голем одзив наиде првиот повик на македонскиот батаљон, напишан на македонски јазик и во кој се изнесуваа целите на антифашистичката борба. Содржината на прогласот гласеше:

“Браќа,

Свестете се и разберете: оваа голема борба не е борба на Грците против Бугарите, не е борба на Бугарите против Србите тука на Балканот, туку е борба општа на народите против проклетите фашисти. Иста работа се прави по целиот свет. Здружени со Црвената армија сите народи водат борба на живот и смрт против тираните фашисти. Додека беше силен германскиот

фашизам и беше жив италијанскиот фашизам, народните сили тука на Балканот само против нив се бореа. А откако фашиските орди се строшија по фронтовите и италијанскиот фашизам псојса, германскиот фашизам ги наоружи Грците фашисти и за да тргне наши деца Македончиња испушти едни фашисти кучишта измеќари на фашизмот Калчев, Димчев и др. како нив. Они излажаа и собраа, неколку деца, му дадоа оружје ги правија измеќари на германските фашисти.

Така нашата македонска народна војска здружена со грчката народна војска се бори сега тука против Германци и Грци фашисти и против нашите деца!

Грците фашисти и нашите излажани деца од с'штиот магазин зеја оружје...!

Грците фашисти, Грците џандари знајме зашто се борат... А и нашите излажани од Калчев, Димчев и др. здружени со Грците џандари под германскиот фашизам се борат не за Македонија, а за фашизмот против македонската народна војска, против македонскиот народ!

Македонски народе!

Нашиот пат не е со фашистите. Само здружно со грчкиот народ тука и со другите народи ќе си ќариме човечки живот и вечна слобода.

Фашизмот ќе умре... Италијанскиот народ стана против него. Руманскиот народ с'што. Чехословачкиот, францускиот, филанцкиот и б'лгарскиот народ с'што...

Деца на Македонија!

Напред во редовите на народната македонска војска против фашизмот. Здружено со народната војска на грчкиот народ, против проклетите тирани, против Грците фашисти, против сите фашисти!"

Само во рок од неколку дена беше екипирана првата чета од македонскиот баталјон на Кајмакчалан со командир Петар Тануров и комесар Парикли Јовчев и веднаш заминува на акции против окупаторот. Оваа чета зема учество во огорчените борби со Германците и грчките фашистички банди што им служеа на Германците, во Ениџе Вардар, Крија Вриси (Пласничево) во Солунско и во борбите во Кукуш, покажувајќи насекаде примерен хероизам и самопожртвуваност.

Длабок беше одјекот од формирањето на македонски единици и во редовите на "Охраната". Командантот на "Охраната" во Воден, Димчев, побара да дојде во врска со штабот на македонскиот баталјон на Кајмакчалан со цел неговата единица да премине на страната на партизаните, извлекувајќи го истовремено од градот лесното и тешко оружје. Во август 1944 година беше организиран состанок во с. Теово, Воденско, каде се сретнаа Димчев - и Џоџо - комесарот на македонскиот баталјон, за преговарање. Условите на Џоџо беа: Сите Македонци да ја напуштат "Охраната" и да се приклучат кон народната војска. Во борбата против окупаторот тие ќе можат да го измијат срамот од своите лица и да им се прости грешката што беа заведени од непријателската пропаганда. Беше подвлечено дека на оние лица што ги извалкале своите раце во народната крв ќе им се суди спрема нивните дела. Со прифаќањето на овие предлози ќе се разоружеше "Охраната" а македонскиот баталјон ќе се снабдеше со неопходното тешко оружје и муниција од кое имаше огромна нужда; ќе ослабеше силата на окупаторот и на тој начин ќе се создадеа благопријатни услови за ослободувањето на градот.

Димчев се јави со предлог, целата негова сила да премине на страната на партизаните, но да си го задржи правото на одделна формација со заеднички штаб. Овој предлог не беше прифатен од Џоџо од сосем разбирливи причини; македоскиот баталјон на ЕЛАС располагаше со оружје одвај за една чета и тоа во поголемиот дел од стари дефектни пушки. Во случај на некаква несогласност македонскиот баталјон би се нашол во незавидна положба, додека "Охраната" располагаше со сосем ново модерно оружје. Освен тоа, во случај "Охраната" да се придружеше како одделна формација во редовите на ЕЛАС, тоа

ќе беше погоден материјал за реакцијата против Народноослободителна борба. Овие преговори беа забележани од некои луѓе во “Охраната” вистински злочинци, кои го претчувствуваа својот крај и јавија на Гестапо, кој презема строги мерки за оневозможување секаков контакт и атитација за ликвидирање на “Охраната”. Сепак со агитацијата на македонскиот баталјон голем дел контрачетници од “Охраната”, кои не извршија некој злочин против народот, го фрлија своето оружје, други со оружје се приклучија кон партизаните и скоро сите се бореа и повеќе од нив загинаа чесно, борејќи се против окупаторот.

На 20 јули 1944 година, на состанокот во с. Поздивишта - Костурско, беше формиран и костурско-леринскиот македонски баталјон на ЕЛАС со командант Аминдас и комесар Илија Димовски - Гоче од Лерин. Јатката на овој баталјон беше составена од македонските борци кои по спогодбата меѓу Главниот штаб на НОВ за Вардарска Македонија и ЕЛАС се вратија од Караорман во Костурско. И во Леринско и Костурско како во Воденско стапувањето на македонската мдадина во редовите на македонскиот баталјон беше масовно. Дури реакционерниот историчар Полис Јоанидис признава: “Одењето на Славофоните во војската беше масовно и 300 од нив беа упатени во Ланга, седиште на 28 бригада на ЕЛАС, за да бидат наоружени. Но, командантот на бригадата Лазаридис Хр. по своја иницијатива наоружува само 50, кои ги растурува во единиците на 28 пешадиска бригада, а на другите им дава привремен отпуст...” (“Мистеријата на Гоче”, одломка 169 во в. “Елиникос Вордас” од 4.VII.1955).

Веднаш по своето формирање баталјонот заминал на акција за разоружување на наоружените од Комитетот села.

Само за 15 дена беа обезоружани селата Прекопана, Черешница и други села; запленети преку 200 пушки, неколку тешки митралези и муниција.

Нападот од македонскиот баталјон на градот Лерин имал голем успех. Беше запален германски склад со бензин, еден склад со муниција уништен како и целата даночна администрација. Во

огорчените улични борби во градот, каде борците дојдоа гради в гради со непријателот, беа убиени 80 германски војници. Од заседа на баталјонот во август 1944 година беа изгорени 10 германски камиони, заробени 15 германски војници и ослободени од германски раце 110 пленици Црвеноармејци (Арменци). Во овие неколку акции во август 1944 година беа исфрлени од строј и убиени 220 Германци. Баталјонот водеше против окупаторот постојани борби во подрачјето на Бигла Планина, уништувајќи ги неговите комуникации. При една битка во с. Каменик по патот Лерин - Битола беа убиени други 60 германски војници.

Одвојување на македонските баталјони

Уште во почетокот на формирањето на македонските баталјони на Кајмакчалан и Вич Планина изникнаа некои прашања, што беа лоши предзнаци за исходот на борбата а уште повеќе ги натераа македонските раководители да се сомневаат во добронамерноста на Компартијата и раководството на ЕЛАС.

Масовното пристапување на македонската младина во овие македонски единици не само што не го одушеви раководството на КПГ и ЕЛАС, туку напротив длабоко го вознемири и не помина многу време кога дојде до израз првото реагирање.

За Кајмакчаланскиот баталјон лекарската комисија што ги прегледуваше доброволците беше сместена на растојание од 8 часа од штабот на баталјонот во с. Манастир. Младинците кои идеа за во баталјонот минуваа од лекарската комисија, која голем број од нив ги одбиваше да стапат во партизани, бидејќи се констатирало дека “не биле способни” и дека требало да се вратат по своите домови. Оние македонски младинци што покрај “советите” од лекарите упорно настојувале да стапат во партизани, ги праќаа не во македонскиот баталјон на Кајмакчалан за каде беше нивната желба, туку во многу далечни единици во XVI бригада во Негушгко итн.

Исто се случуваше и при мобилизацијата на македонски партизани во Леринско - Костурско. Кога 200 македонски младинци се јавиле во с. Д’мбени за партизани, лекарската

комисија категорички им забранила да стапат во македонскиот баталјон. По неколку дена на овој како и на Кајмакчаланскиот баталјон му е наредено да држи под оружје само една чета, а другите две чети да седат без оружје во моментот кога во село Поздивишта постоел организиран склад, кој располагаше не само со голем број пушки, туку и со минофрлачи и митралези. Тоа за македонските раководители од баталјоните и за сите македонски борци беше сосем несфатливо, во момент кога сите сили на народот требаше да бидат мобилизирани против окупаторот за неговото уништување дури и надвор од земјата.

По неколку дена пристигнало од 28-та бригада писмо до македонскиот баталјон во Костурско сите офицери и борци, кои имаат пиштоли да ги предадат, бидејќи биле потребни за "ОПЛА" (диверзантите) во Солун. Потоа штабот на дивизијата барал да му бидат испратени 5 пушкомитралези, колку што ги имаше баталјонот, знаци кои јасно говореа дека се оди кон обезоружување на баталјонот. Со друга една наредба се бараше од баталјонот да испрати една екипирана чета во с. Флабуро (Негован).

Подозирањата во намерите на раководството на КПГ - ЕЛАС се зголемија по дознавањето на содржината на едно поверливо писмо наменето за комесарот на 28-та бригада на ЕЛАС, Захаријас, во кое се подвлечувало следното: "По секоја цена ќе треба баталјонот на Гоце да се премести на југ, во краен случај да се нападне и обезоружи, бидејќи тој претставува опасност". Пред да се дознае содржината на ова строго поверливо писмо, Гоце беше примил и друго писмо од дивизијата, баталјонот да биде преместен во гр. Сјатиста. Зошто сето ова? Не постоеше веќе никакво сомневање дека се одеше кон ликвидирање на македонските единици. Сега не постоеше Комитет, и контрачетници, и следователно на КПГ и ЕЛАС му "сметаше" постоењето на македонските единици, бидејќи за некој ден пристигаше во Грција и владата на "националното единство" на Папандреу и КПГ би требало да му удоволи на министер-претседателот на владата на "националното единство", кој по радиото изјави дека "за Грција не постои македонско прашање".

Македонскиот баталјон од Леринско - Костурско пред ваквата ситуација презема мерки за своето обезбедување. Ги запоседнува стратегиските височини на Бигла Планина и без да ги прекине борбите со Германците, подозира и напад од единиците на ЕЛАС. Во тоа не се излагаа македонските борци. По неколку денови баталјонот беше нападнат од 28-та бригада на ЕЛАС на чело со Јанулис. Баталјонот не беше изненаден и во судрувањето 28-та бригада ќе беше поразена, но раководството на македонскиот баталјон се надеваше се уште дека ќе се пронајде заеднички јазик да се разберат како луѓе со иста идеологија и стремежи. Пред големата концентрација на сили од ЕЛАС и за да би се избегнало пролевањето на братска крв, баталјонот, на 13.X.1944 година се повлекува во територијата на Вардарска Македонија и од таму ја продолжува борбата против германските сили, кои од Лерин се повлекуваа кон Битола - Прилеп.

И Воденскиот баталјон пред опасноста да биде расформиран, преку Кожуф Планина се повлекува во Кавадарско на 16 октомври 1944 година.

На 17 ноември 1944 година од Леринско-костурскиот и воденскиот баталјон во веќе ослободената Битола е формирана Првата македонска ударна бригада на Македонците под Грција со командант Илија Димовски - Гоче и комесар Михаил Керамитчиев, а по неколку дена бригадата замина на теренот на Шар Планина во борба против балистите.

Отцепувањето на македонските баталјони се должи првенствено на погрешната тактика на КПГ и ЕЛАС по македонското прашање; се должи на шовинистичкото слепило и опортунизмот од кои беа нагризени поголемиот дел од раководителите на КПГ. Од друга страна, тоа отцепување беше израз на негодување и протест на македонскиот народ, на кој не само му се оспоруваше правото за самоопределување, туку дури и формалната рамноправност, да се бори заедно со грчкиот народ за слобода во рамките на самата Грција.

Покраинскиот комитет на КПГ за Македонија наместо да го ревидира својот став, или барем да направи совесна анализа на

настаните, издава директива од окружните комитети за Воденско, Леринско и Костурско да го квалифицираат отцепувањето како антиреволуционерен акт на издајници. Преку целиот партиски печат раководителите од македонскиот баталјон се наречувани комитаџии, автономисти, продадени на Интелиџенс-Сервис и што најувредлив збор постои во грчкиот речник, беше употребен во нечуената клеветничка кампања.

Во позивот на окружниот комитет на КПГ за Костурско од 13.XI.1944 година еве меѓу другото што се вели:

“Многу Славомакедонци од баталјонот на Гоце свесно или несвесно продолжуваат со расцепувачката тактика, која е осудена од нашата Партија. Ја одделуваат борбата на Славомакедонците од борбата на Грците и така стануваат органи и поткрепувачи на туѓиот и домашниот фашизам. Со тоа им штетат на Грците, но ги упропастуваат и Славомакедонците. Го продолжуваат старото дело на комитаџиите во Округот”.

“Уште за еден пат овие луѓе ги осудуваме како предавници на заедничката борба”.

“Ги каниме сите членови на партијата, сите ЕАМ-ити, сите чесни патриоти Грци и Славомакедонци да станат против нив, против нивните лаги и пропаганда, против нивните предавнички планови, против гнасната авантуристичка клика што ги раководи...”

Но, кампањата против македонското раководство не се водеше само преку печатот. Од единици на ЕЛАС и ЕП (национална милиција) се уапсени и малтретирани родителите, жените дури и роднините на македонските раководители на македонските баталјони и се фрлени во логорите заедно со соработниците на окупаторот.

Со отстапувањето на македонските единици од територијата на Егејска Македонија, за да се избегне излишно крвопролевање и во одговор на клеветничката кампања на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС против македонскиот народ, Привременото македонско раководство на двете обединети единици испрати до

Покраинскиот комитет на КПГ за Македонија протест, во кој на кусо е изложена безпринципиелната политика на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС спрема македонскиот народ и неговата борба.

Во протестот меѓу другото стои:

"...Не избегавме за да се претвориме во измеќари на фашизмот - како што сосем злонамерно не клеветите пред народот, туку постапивме така, точно зошто сме борци, борци Македонци, зашто сакавме да се бориме против фашизмот, зашто баравме, врз основа на принципите на големата Сојузничка војна, да му бидат признати националните права на нашиот народ и да се остави слободен патот за нивното остварување".

"Но, на сегде, сретнавме само на одрекнување, омраза и недемократски однос спрема сите прашања на македонскиот народ. И еве еден краток осврт на настаните:

Уште во 1941 година излегоа првите македонски партизански групи. Партијата не само што не се загрижи да ги организира и раководи, туку ги остави на својата судбина. Тоа им овозможи на италијанските и германските окупатори да ги разбијат македонските антифашистички групи и обезглават од своето раководство. Во Костурско такво поведение 1941-42 година покажа Атанас Зјогас - секретар на Окружниот комитет во Костурско, како и Периклис, Лефтерис и други.

Во 1943 година излегоа првите грчки андарти, фанатизирани националисти, познати предавници и џелати на нашиот народ, како Коларас, Баскакис, капетан Стефос, Кирчидакис и други. Македонскиот народ неупатен уште во организацијата, се исплаши да не би за него се понови трагедијата како со старото грчко андарство. Бугаро-фашистичката пропаганда во соработка со окупаторите најде погоден терен да го создаде Комитетот. Но непријателската пропаганда сепак не му попречи на поголемиот дел од нашиот народ да го најде своето место во антифашистичкиот лагер.

Вие наместо да кинисате по патот на убедување, отидовте по патот на насилието, на уништување на оној дел од

македонскиот народ, кој беше повлијаен од непријателската пропаганда. Во март 1943 година партиските раководители Периклис и Лефтерис го горат селото Старичани и убиваат 35 души, од кои само 2 беа виновни. Капетан Коларас во април 1943 година закла 8 Македонци од с. Горенци од кои повеќето беа готови да стапат во ЕЛАС.

Периклис под влијание на фашистот и германски шпиун Јанис Дајлакис - десна рака на Периклис, осудува на смрт и ги стрела 5 невини селани од Лудово во март 1943 година. Истиот месец во с. Брештани (Авги) без да се замешани Македонците во Комитетот, им ги горат куќите и ги опљачкуваат. Четата на Папафлесас ги уапсува сите мажи и жени од с. Галишта и ги тепаат до смрт; жените ги соблекуваат голи и ги малтретираат, мачат дури и малолетни деца. Ги блокираат македонските села Жужулци, Молени, Езерец и Нестиме и невините селани ги подложуваат на нечуени маки, без никој од нив да имал врска со Комитетот. Од село Калевишта се фатени и стрелани 5 Македонци во мај 1943 година од кои само 2 можеби да беа заврбувани од бугарската пропаганда. Во Воденско и посебно во Мегленско ги вршат своите самоволија одговорните раководители Ларас, Ренос и Киријакос, испоапсија и стрелаа десетини Македонци од Тресино, С'боцко, Пребадишта, Чеган и од други села без никому да даваат сметка.

Во ова време на секаде се појавува еден антимакедонски поход. Офицери и борци од ЕЛАС шовинистички настроени, крстарат по македонските села, говорејќи секакви гадости и подложувајќи ги Македонците на нечуени понижувања. И за нив, како порано за Метаксас, Македонците се "полјовулгари". Влегуваат во село Добролишта и претепуваат до смрт старци Македонци, чии синови се наоѓаа во редовите на ЕЛАС. Ги заплашуваат со заканите: "Вие сте Бугари, мислевте дека ќе дојде Бугарија. Тука се Грци, тука е Грција и секогаш под неа ќе лежите". Пљачкаат куќи, кршат џамови и застрашуваат. Голем број Македонци се уапсени без никакво стварно обвинение и се фрлаат во логори. Што се однесува до политичката линија, националното македонско прашање воопшто не се поставува. Се зборува само за стариот став: "Македонците се малцинство, тие ќе добијат рамноправност во

една Народнодемократска Грција", без да се зборува за самоопределување. За Додеканезите и Кипар постои Атлантска Повелба, постои Москва, Техеран и самоопределување, додека за македонскиот народ сето тоа не се однесува, во моментот кога и веќе почна да се говори за формирање на македонска држава во Вардарска Македонија.

И покрај сето тоа македонските партизани со самопрегор се бореа против окупаторите и самите ја зедоа на себе си задачата да го обезоружат Комитетот. Никој не може да го оспори фактот дека ликвидирањето на контрачетниците не е дело на македонските борци. Македонските борци од резервниот ЕЛАС во Костурско обезоружија 45 села, од каде зедоа преку 3.000 пушки. Но, во моментот кога работата напредуваше и се ќе беше ликвидирано со Комитетот, резервниот ЕЛАС е обезоружан од ЕЛАС па и групата е расформирана.

Се формира СНОФ, но уште од првиот ден, започнува непријателска и клеветничка кампања против него. Се поставуваат од самото партиско раководство пречки СНОФ да не го опфати целиот народ. Раководителот Тријандафилис отворено агитираше: "Будалите влегуваат во СНОФ и ќе видат..." После малку СНОФ се расформира и неговите кадрови се уапсени.

По долги преговарања одвај беше формиран СНОВ, Словеномакедонска народноослободителна војска. На јавни конференции помпезно се фрлаат паролите: Напред за формирање македонска војска СНОВ. - Сите Македонци во СНОВ. Напред за бригади и дивизии на СНОВ. – Одредот "Трповски" да стане бригада...

Но сето тоа се покажа тактички трик. Се расформира СНОВ и сосема природно кај народот се создаде впечаток дека Партијата го формира СНОВ само за измама и како прашина зе очите на Македонците.

"Еве зошто нашиот пат не е пат на предавство, туку чесен револуционерен пат кој би го избрал и самиот грчки народ, ако би се нашол во нашата положба." (Оригиналот од документот

се наоѓа во архивата на Гоче, командант на првата ударна бригада на Македонците под Грција).

Леринско-Костурскиот баталјон излезе и со повик за да би го запознал народот со создадената ситуација и да го побие клеветничкиот поход на раководството на антифашистичкото движење во Грција против македонските баталјони.

Во повикот на баталјонот со дата 15. X. 1944 година се вели:

“Не можеме да замолчиме и да не одтовориме за правата и задолженијата на нашиот потиснат народ, што толку години се бори против окупаторите хитлерофашисти и не можеме, а да не го разобличиме како сосем лажлив и подал повикот што 28 полк го издаде против нас. Сите наши партизани знаат оти се борат за слободата наша. Сите знаат оти нашата борба беше заедничка со партизаните на ЕЛАС и оти ние никојпат досега не избегавме од линијата на ЕАМ и ЕЛАС и денеска пак сме готови да умреме заедно со чесниот грчки народ”.

“Категорички изјавуваме пред цел свет:

1) Дека не сме разбојници како што кажува 28-от пеш. полк во неговиот повик од 1. X. 1944 година. За тоа ли 1500 македонски партизани го претставуваат целото население од Костурско и Леринско? Ако сите вие партизани, чеда на Македонија сте бандити, како што ве наречува 28-от пеш. полк, тогаш и целиот наш народ е разбојнички и бандитски.

2) Голема лага и измислица е, оти ние подло го оставивме нашиот положај. Ние зедовме мерки против намерите на ЕЛАС против нас. Сите знаете оти се фати и се обезоружи наша чета од грчки андарти на ЕЛАС. Знаете оти тргнаа воени единици на ЕЛАС од Костурско и Преспа за да не заобиколат и не обезоружат. Затоа ние зедовме мерки за да го избегнеме братоубиството и да го осигуриме спокојството на сите наши браќа. Наредија да не префрлат во стара Грција само и само за да го растурат македонското партизанско движење. .. ЕАМ и ЕЛАС досега никојпат не ни кажаа оти во Атланската карта и во преговорите на Техеран и Москва се кажува, оти сите

поробени народи кога одговараат на 5-те принципи имаат право да се борат за својата национална слобода и да си формираат своја држава. Ние денеска го зедовме оружјето в рака за да го добиеме правото како да се ослободиме од досегашниот ропски живот.. . Ќе гинеме до последниот Македонец и не ќе оставиме никој да не разделува како досега.

Како да му веруваме на ЕЛАС, кога министер од денешнниот кабинет на Папандреу, пред целиот свет изјави по радиото, дека за Грција не постои македонско прашање, а постои само прашање за Додеканезите и Кипар? Не можеме да трпиме повеќе да не мамат. Ја сакаме нашата правда, сакаме и ние да живееме слободни, како што сака да живее и грчкиот народ. Не сакаме нови диктатори и не желаеме да имаме туѓи господари. Токму затоа ќе се бориме сите ние, како што се борат нашите големи Сојузници да го смачкаме Хитлер и неговите чираци и да донесеме слобода на целиот потиснат народ". (Документот е земен од личната архива на Гоче).

И одделни раководители на македонското движење од Леринско, со цел да се разбие клеветничката кампања од ЕАМ, ЕЛАС, КПГ против македонските борци, испратија до народот во Егејска Македонија отворени писма, во кои ги изнесуваат вистинските причини за одвојувањето на баталјоните.

Во отвореното писмо на Ѓорги Турунџов и Попдимитров од 10. X. 1944 година до населението во Леринско меѓу другото се вели:

"...Решение на IX Дивизија беше во Леринско да формираме бригада во редовите на ЕЛАС со офицерски кадар од Македонци. Но, од страна на ЕЛАС беа преземени мерки тоа наше барање да не биде задоволено. И тоа му е познато на секој наш другар дека беа ликвидирани нашите одреди, а беше подоцна земено решение и за расформирање и на Баталјонот на Гоче. Тоа не натера да побараме да се свика конференција во Костур на 7. X. 1944 година со делегати од цела Западна Македонија и од IX дивизија на ЕЛАС.

На конференцијата беше земено решение да се формираат не само баталјони, туку и дивизии македонски, за да можеме да им го зададеме последниот удар на окупаторот и на месните продадени елементи.

Штом се вративме во нашата околија и им соопштивме на одговорните лица од регуларниот и резервниот ЕЛАС, некои несовесни луѓе организираа илегална група за да не уапсат. За да не стане нешто лошо, ние решивме да преминеме во нашата слободна Македонија и оттука да се бориме против окупаторот..."

Но, покрај големиот број шовинисти и отворени непријатели од редовите на Покраинскиот комитет на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС спрема македонското прашање, не отсуствуваа и луѓе – за жалост многу малку – кои правилно и марксистички ја оценуваа целата работа и до негде се бореа да ја исправат положбата. Но, нивниот отпор не можеше да го победи страотниот опортунизам на мнозинството од раководството.

Ценет документ за потврда на горното претставува извештајот на комесарот од IX дивизија на ЕЛАС, Ренос до штабот од групата дивизии во Егејска Македонија.

Во извештајот на Ренос до групата дивизии (Биро II) од 13. XI. 1944 година по македонското прашање, меѓу другото, се вели:

"Прочитав во интервјуто на др. генерал Бакирџис – во в. "Лајки Фони" - почнува Ренос - за партизанското движење во Македонија еден израз неприфатлив за народноослободителниот речник, изразот "Бугарофони Грци".

"Долгжен сум да протестирам како партизан на ЕЛАС и следствено како народен борец, и по овој повод гледам дека е неопходно да ви ја изложам атмосферата што владее во баталјонот на Гоце (II/28), бидејќи неговите облаци, изгледа, дека ја покриваат вистината и тоа не за доброто на Сојузничката и Балканската борба. Треба исто така да се одбележи дека, се споменува Бугарскиот комитет, без да се одбележува и соодветната дејност на грчкиот комитет (грчката

реакција н. б.) среде овој несреќен народ; не се споменува воопшто херојската дејност на самите славомакедонски партизани за разбивањето на Комитетот".

"Претставува неправда без преседан да се третира овој народ како бугарофон Грк, жртва на бугарскиот комитет, без јавноста да се информира за неговите борби за ликвидирање на Комитетот и општо за неговата борба против Оската..."

"Должен сум да подвлечам дека, ако бев славомакедонец партизан ќе барав објаснувања и до колку не ми се даваа, единствено нешто што би ме задржало во ЕЛАС ќе беше само сознанието дека, иако не признат во ЕЛАС, ми се дава можноста да се борам против фашизмот и неговите патрони не како рамноправен, туку како работник со неблагодарен работодател..."

"Черчил рече дека Тито го реши примерно националното прашање. Впрочем, на тој Илинден се колнат Македонците од Југославија и продолжувачите на таа борба од Илинден ја доцелија денешната македонска држава во Југословенската федерација. Тоа е една стварност. Ако ги затвораме очите пред неа изгледаме слепци и самиот живот го заслепуваме на штета на мирот и братството на Балканот и на народите воопшто..." (Документот се наоѓа во лична архива на авторот).

Ренос, што во тоа време правеше вистински исклучок од другите раководители, прашањето на баталјонот не го гледаше просто како изолиран инцидент во еден баталјон, туку како протест на еден народ кој од 1912 година наваму учествувал и давал жртви во сите војни на Грција и за сето тоа, наместо признание му се давала титулата на "Бугари".

Ренос не се сложува и со нападите од КПГ против баталјонот и по повод повикот од ЕЛАС од 10. X. 1944 година во кој се обвинуваат борците на баталјонот како автономисти и комитаџии, во извештајот, вели: "Сето тоа го велиме пред овој народ. Кој може да поверува дека кадровите од баталјонот се автономисти и комитаџии, кога тие лееја крв во борбата против

Комитетот, за единството и борбата. На тој начин може ли ЕЛАС да спечели авторитет?”

Но Ренос, со својот став по македонското прашање не само што не успеа да ги убеди шовинистите од Покраинскиот комитет на КПГ да го променат својот став, туку падна во немилост и по малку беше ослободен од секаква функција. Тоа можеа да го направат само затруени националисти, или во поблата мера, луѓе самозаборавени и прекумера занесени од тоа што Германците се повлекуваа од Грција и тие мислеа.дека власта ја држат во рацете.

Меѓутоа и покрај тоталното игнорирање на националните чувства и правата на Македонците во Егејска Македонија од страна на раководството на Движењето на отпорот, тоа население не само чесно ги поднесе сите тешкотии на окупацијата, но и самопрегорно се бореше на страната на антифашистичките сили во Грција.

Ако треба да се даде еден биланс за учеството на Македонците од Македонија под Грција во антифашистичката војна достатно е да се рече, дека само од окрузите Костурски, Леринскиот, Воденски и Солунски во редовите на ослободителното движење, беа организирани околу 90.000 души. Во ударните единици на ЕЛАС учествуваа околу 6.000 борци, а во редовите на Резервниот ЕЛАС повеќе од 7.000 души. Само во македонските единици, вклучувајќи ја тука и Првата ударна бригада, учествуваа 1.700 Македонци. Во борбите се убиени преку 3.000 Македонци и изгорени 4.094 куќи. Во концентрациони логори беа одвлечени 4.150 мажи и жени и уништени имотите на 38 села и градови.

Прво место во списокот на жртвите имаат големите македонски села Катраница со 380 жртви, Ранци, Нестрам, Влахоклисура со преку 200 жртви, Граматиково, Ениџе-Вардар со преку 100 жртви како и селата Ноте, Лугунци, и Љумница во Мегленско, додека во логорите “Павлос Мелас” во Солун во Кардица и Волос, на сувите острови Ајстратис и по други места најубави и најсветли страници од заедничката борба на грчкиот и

македонскиот народ ја напишаа со својата крв десетини,
стотини и илјади најдобри синови на македонскиот народ.

I
ВО ВИОРОТ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА (1945-1949)
I

ГЛАВА СЕДМА - Терор

Склученият договор на Варакиза (12. II. 1945) меѓу претставниците на ЕАМ-КПГ и владата на генерал Пластирас, која дојде на власт по падот на Папандреу по декемвриските настани во Атина од 3. XII. 1944 година, не ги оправда очекувањата на раководството на движењето на Отпорот за нормален политички развој во земјата. Се покажа дека беа илузорни агитациите на КПГ-ЕАМ на интерпартиските состаноци и конференции, дека Варкиза претставува победа на демократскиот фронт, победа на ЕАМ-КПГ. Никос Захаријадис, генералниот секретар на КПГ, на годишнината од потпишувањето на Варкиза (12. II. 1945) повторно тврдеше дека потпишувањето на тој договор беше најразумното решение. На вториот пленум на ЦК КПГ од 2 февруари 1946 година во својата уводна реч, Захаријадис, конкретно изјави: "...Денес точно се затвора една година од денот кога во Варкиза беше реализиран познатиот договор со објективната од наша страна цел - Грција да навлезе во патот на една мирна демократска еволуција, што ќе го обезбедеше слободното изразување на народната волја на слободните избори, за да би можела и нашата земја да навлезе во патот на спокојството и изградбата. Тоа беше нашата тенденција и нашата цел. Таа тенденција беше правилна. Без никакво сомневање денес ќе треба да кажеме уште за еденпат дека договорот на Варкиза беше правилен, зашто одговараше апсолутно на демократските и националните интереси. Потпишувањето на договорот на Варкиза беше единствениот правилен чекор што можеше да се направи во тие услови..." (Од рефератот на Никос Захаријадис на Вториот пленум на ЦК КПГ од 12. II. 1946 година (посебен отпечаток)).

Единствено од таквите илузии за Варкиза беа ослободени уште од првиот момент комесарот на Главниот штаб на ЕЛАС (Грчка народно-ослободителна војска) Арис Велухјотис, офицерите на ЕЛАС Орестис и Захарјас, членот на ЦК на КПГ Јанис Пецопулос и раководството на македонските партизански баталјони од Егејска Македонија. За оние кои без заблуда гледаа на развојот на политичката ситуација во Грција договорот на Варкиза доаѓаше како логична последица на компромисната, капитулантска политика на раководството на

ЕАМ-КПГ спрема националистичката влада во емиграција и Англичаните: резултатот на договорите од Либан (јули 1944) и на Казерта (септември 1944), подоцна оквалификувани и од самото раководство на КПГ како предавнички и капитулантски што му го отворија патот за реставрација на стариот десничарски, националистички режим во Грција, а на Велика Британија и обезбедуваа правна основа дури и за вооружена интервенција во внатрешните работи на Грција. (Никос Захаријадис: "Десет години борба на КПГ" (прв дел) во списанието "Неос космос" од август 1950 година.)

Споменатиот Јанис Пецопулос договорот на Варкиза го нарече "Безусловна капитулација, која на високото раководство му обезбеди слободно движење и дозвола за носење на оружје, додека борците од движењето на отпорот ги предаваше незаштитени во рацете на националистите. "Што ни пружаше договорот на Варкиза - пишува Пецопулос - заради кое што го потпишавме тој договор, кој на Черчила му го даде уверението што со толку агонија го очекуваше за да се оправда пред Рузвелта и Сталина и за да се обезбеди со правото за управување со внатрешните работи на Грција? Со тој договор Черчил би докажал дека и со согласноста на грчката левица решенијата од Кримската (Јалта) конференција веќе се спроведуваа од Англичаните во Грција. И што ни даде овој договор? Принуден сум да го кажам без нараквици. Ни обезбеди амнестија за политичките кривични дела, а простото учество во отпорот се оквалификува како политичко кривично дело. Значи, на прост јазик, раководството, за да го обезбеди правото на имунитет и амнестија се согласи да потпише еден договор што Грција ја лишуваше од правото за спроведување и во неа на решенијата од Јалта; и служеше на британската политика во Грција, го озаконуваше инсталирањето на фашизмот во Грција и борците ги предаваше во рацете на џелатот како обични злосторници". (Јоанидис Пецопулос (Вистинските мотиви за моето исклучување од КПГ) стр. 442-451.)

Арис Велухјотис не се потчини на договорот од Варкиза и со еден одред од стотина борци одново излезе в планина. ЦК на КПГ го прогласи за "малодушник" и "дезертер", а на 25 јуни

1945 година Арис се најде убиен на планината Пинд. Околностите под кои загина прославениот комесар на ЕЛАС, Велухјотис досега ниеден партиски функционер не ги објасни, а повеќе буржоаски грчки историографи оставаат да се разбере дека Арис е убиен од луѓе на Партијата, зашто само тие ги знаеја неговите јатаци и движењата. Пецопулос, Орестис и Захарјас беа протерани од редовите на Партијата, а против раководството на македонските баталјони од раководството на КПГ беше отпочната една клеветничка кампања, што по жестина ја надминуваше Гебелсовата пропаганда. Македонските раководители, иницијатори за отцепување на македонските баталјони беа наречени "Автономисти", "продадени на Интелиценс сервис" и слично: "Сомнителните и анархистички елементи, наречените автономисти, што со својата авантуристичка дејност им нанесоа само штети на Словеномакедонците, последново време се појавуваат со нови пароли. Далеку од провокаторите кои се појавуваат како ваши заштитници, кои со своите акции ја предизвикуваат фашистичката десница за нови посурови насилства против вас Словеномакедонците..." - се вели во еден леток на О. К. за Воденско од 10.X.1944 година. Сите оние членови на ЕАМ или на КПГ што се принудени да употребат најелементарни средства за своја лична одбрана се наречуваат предавници и партиското раководство отворено им сугерира на членовите да претпочитат да отидат во интернација или в затвор наместо да излезат в планина. Захаријадис обидот на Велухјотиса да се излезе повторно в планина го наречува, "обид да се помине со вчерашниот билет". По тоа прашање конкретно еве што вели Захаријадис: "Голем број членови и кадрови не можеа веднаш да расчистат што сакаме и каде да одиме во новите услови по Варкиза. Таа конфузија имаше резултат што се појавија извесни малограѓански предомислувања во Партијата. Некои од нив, како случајот со Велухјотис, можеа да бидат опасни, но Партијата решително им се спротивстави. Оние појави што не ги предизвика непосредно класниот непријател, беа резултат на идеолошка слабост. Таквите членови на Партијата сакаат да ги задржат пушките и да продолжат герилска војна. Сакаат, наиме, со вчерашната влезна карта да поминат и денеска. Партијата го удри и го нападна тој дух, бидејќи тој ја води целокупната борба до жалосни последици" (Од рефератот на Никос

Захаријадис поднесен на Пленумот на ЦК КПГ од 1 јули 1945 година.).

Така, впрочем, не е ни чудно што Окружниот одбор на ЕАМ од Лерин ги осудуваше како “општи злосторници” оние Македонци и демократски граѓани, кои беа принудени да ликвидираат двајца џандари-џелати, кои се претворија во страв и трепет за македонското население во Леринско. Раководството на Коалицијата од ЕАМ за Леринско отиде до таму што ги изедначи групите на прогонетите Македонци со реакционерните националистички банди, кога во летокот по повод на споменатите двајца крволоци подвлекува дека: “Биле тоа монархофашистите или Гочевци, тие се непријатели на народот, непријатели на демократската еволуција и развиток и како такви ќе треба да бидат посретнати од народот...” (Од летокот на Околискиот одбор на ЕАМ за Леринско. Оригиналот се наоѓа во личната архива на авторот.)

Каква е политиката на КПГ по Варкиза, на кои предуслови се базираше таа во тој период? По Варкиза раководството на КПГ застана на становиште дека во конкретните услови КПГ може да развие масовна политичка борба во градовите, да го преземе раководство во сите масовни организации и на идните парламентарни избори ќе може да смета на голем успех, бидејќи смета дека нејзиното влијание врз масите е големо. Некои манифестации во тој правец, како на пример, изборите во работничките синдикати му дадоа огромно мнозинство на ЕРГАС, што се движеше од 88-100%. Исто така и изборите во земјоделските кооперации претставуваа голема победа за демократските сили. Влијанието на КПГ и ЕАМ во првите месеци по Варкиза беше големо и во занаетчиските здруженија во интелектуалските организации, ЕПОН итн. Грчката буржоазија беше свесна дека преку политичка борба не ќе може да го придобие мнозинството на народот. И додека КПГ се бореше за натамошното влијание кај масите, буржоаската реакција, помогната од британската влада, систематски работеше на организирањето на својот државен апарат, на организирањето на воената сила (редовна војска, одреди за безбедност, наоружани банди итн.) И кога владата и реакцијата проценија дека се доволно јаки за пресметнување, го

обезглавија работничкото движење, фрлајќи ги в затвор или интернации повлијателните кадрови на ЕАМ-ЕЛАС-КПГ преку нечуениот терор во внатрешноста на земјата. Раководствата во некои од масовните организации, синдикати, здруженија насила беа узурпирани од власта и на тој начин уште еднаш политиката за масовна политичка борба на КПГ претрпуваше неуспех.

Настаните покажаа дека реакцијата не живееше со заблуди. Штом таа се добра до власта и го постигна разоружувањето на силите од Отпорот, беше решена до крај да ја експлоатира благопријатната за неа ситуација. Со вооружување на десничарски банди - бивши соработници на окупаторот, преку џандармериските одреди и преку новооформените баталјони на Националната гарда (Етнофрура) во цела Грција е започнат теророт против сите учесници во НОБ без преседан. Во текот на целата 1945 и почетокот од 1946 година во Грција и посебно во Егејска Македонија владее законот на насилието, на убиствата и злопоставувањето на секој демократски граѓанин, а затворите и местата за интернации се преполни со борци од движењето на отпорот.

Според официјалната судска статистика, во 1945 година во затворите се наоѓаа "поради прекршок на кривичното право" 17.985 лица, од кои осудени 2.388, а неосудени 15.596. Со висечки обвинителни акти 18.401, а гонети како членови на ЕАМ-ЕЛАС 48.936. Значи бројот на затворените и прогонетите според официјалните податоци во споменатото време е преку 80.000 души. Теророт како средство за ликвидирање на политичките противници на десницата секој ден зема такви застрашувачки размери, што предизвикува обеспокојување и реакција кај видни луѓе од демократскиот Центар. Тие со остри интерпелации до владата го обвинуваат државниот апарат како инспиратор и потстрекнувач на дивјачките акции. Во една ваква интерпелација на грчките политички лидери: Софулис, Кафандарис, Пластирас, Цудерос и Милонас од 5 јуни 1945 година вака се опишува ситуацијата во Грција: "Отпочнатиот по декемвриските настани терор од крајната десница секој ден зафаќа се поголеми размери и го прави неподнослив животот на неројалистичките граѓани... За жалост државата не е без

одговорност за оваа жалосна положба... Терористичките организации на крајната десница, од кои повеќето беа наоружани од Германците со кои и на многу начини соработуваа, не само што не се обезоружија, не само што не се прогонуваат, туку секојдневно соработуваат со органите на власта за задушување на секаков демократски дух. На тој начин, државниот апарат, се стави во служба на организираниот терор на десницата, а секој ден се множат злосторствата против слободните граѓани, како апсења, затворања, насилства над жени, убиства и друго, злочини што претставуваат црна дамка за нашата цивилизација...” (КОМЕП (комунистичка ревија), орган на ЦК КПГ, јули 1945 стр. 47.)

Слична е содржината и во апелот на Окружниот гувернер за Кожанско до Министерството за внатрешни работи во кој стои: “Од гледна точка на јавниот ред Округот се наоѓа во дивјачка положба. Не постои никаква сигурност. Се случуваат одвратни убиства и се ослободува од затвор познат злочинец, кој во својата актива има регистрирано редица убиства, извесен соработник на Германците, под чие раководство ја разви својата крволочна дејност...” (Пак таму.)

Националистичката влада и нејзиниот апарат за да ги камуфлира злосторствата над демократскиот народ во цела Грција, ги обвинуваат комунистите и другите мирни граѓани за наводни убиства на националисти, за скриено оружје, за “предавање на Македонија на Словените” и со други слични клевети. Меѓутоа, разуздувањето на провладините националистички банди, на џандармериските одреди и Националната гарда зема такви размери, што дури и највештиот пропаганден апарат не беше во состојба да ги камуфлира тие недела и да ја залаже светската јавност.

1. Терор, убиства и масовни погроми во Егејска Македонија

На територијата на Егејска Македонија по склучувањето договорот на Варкиза непречено ја продолжуваа својата разбојничка дејност познатите соработници на окупаторот и опасни главорези Михалагас (Михалис Пападопулос) и Коларас во Кожанско - Гребенско. Коларас, чија предавничка дејност во

времето на германската окупација стигна дури во Леринско и Кајларско, по Варкиза многупати беше виден да се вози во истиот автомобил со британскиот капетан Еванс, претставник на британската мисија на подрачјето на Вич за време на окупацијата. Тој стана надалеку познат со своите зверски методи за ликвидирање на своите жртви.

Во Кукушко резервниот потпоручник Костас Пападопулос, кој за време на окупацијата држеше цел одред од предавници облечени во воени униформи, закла преку 500 родољуби. Таа своја дејност Панадопулос ја продолжи и по Варкиза.

Од систематскиот терор, силувањата и прогонувањата и убиствата, животот, посебно на македонскиот народ во Егејска Македонија, е претворен во вистинска трагедија. Сите напади против македонските села во прво време се вршени по упатствата на британските окупациони сили и во соработка со џандармеријата, одредите на Националната гарда и провладините националистички банди.

Националната гарда е првата владина грчка војска формирана по склучувањето договорот на Варкиза (12. II. 1945) исклучиво од војници со декларирани националистички убедувања. Такви единици на Националната гарда во Егејска Македонија во 1945 година ги имаше: Под воената команда во Солун беа: 115, 150, 163, 165, 183 и 605 баталјон; под воената команда во Бер: 111, 103, 305 баталјон; под воената команда во Серес: 145, 158 баталјон и под воената команда на Драма: 101, 147, 159 и 167 баталјон на Н. Г.

Одредите на Националната гарда заедно со британските воени единици од февруари до септември 1945 година, кога таа се претвори во регуларна војска, извршија низа препади по селата и операции по планините, убивајќи и малтретирајќи ги мирните граѓани, обвинети како симпатизери на ЕАМ, КПГ и ЕЛАС.

Како и Националната гарда и првите формации на џандармеријата се обучувани од британската мисија под генералот Чарлс Ујкам, познат непријател на комунистичката идеологија уште од времето кога беше шеф на британските

воени сили -интервенционистички во Советскиот Сојуз. Летото од 1945 година бројната состојба на џандармеријата износуваше 27.000 души, од кои 14.000 во Егејска Македонија. Од овие џандармериски единици подоцна беа формирани "ловечките чети", кои заедно со "четите за брдски операции" (ЛОК) извршија многубројни изненадувачки напади против силите и позициите на Демократската армија на Грција. Нивната оданост кон националистичкиот режим, фанатизмот и закоравеноста им беше до таква степен, што само единиците на џандармеријата во текот на граѓанската војна претрпеа загуби од 2.450 убиени и 2.600 ранети. Во текот на 1946 година, кога демократското население во Грција и Егејска Македонија посебно, е принудено одново да се фати за оружје, мета на одредите на ДАГ најмногу се џандармериските станици и џандарите, најсвирепи прогонувачи на учесниците и симпатизерите на НОБ за време на окупацијата.

2. Теророт во Водепско

Уште на првиот ден од доаѓањето на Националната гарда во градот Воден од населението се дадени првите 4 жртви. Една мирна манифестација на населението против едностраните акции на терор од владините органи е растурена со пукање од националгардистите на масата народ, при што беа убиени четворица мирни граѓани. Во прво време од страна на реставрираниот режим се врши притисок против македонското население и неговиот мајчин јазик. Во извештајот на секретарот на воденскиот комитет на НОФ, Пеци, се наведуваат следните акции на терор против македонското население:

"Луѓе од безбедноста - се вели во извештајот, се обидоа да го уапсат Коста Чорлинов зашто го слушнале да говори на македонски јазик. Истиот ден е фатен Петар Саракинлиев со обвинение дека на јавно место говорел на словеномакедонски јазик. В затвор го држеа 24 часа и беше пуштен откако беше претепан до смрт".

"Еден ден припадници на Националната гарда се обидоа да ги уапсат воденчаните Трајо Сапунџиев и Анастас Акрепов, во моментот кога тие се наоѓаа во своите бавчи во "Л'гот". Во

дожд од куршуми Анастас Акрепов успеа да побегне. До овој момент не се знае каде се наоѓа. Трајо Сапунџиев го одведоа в затвор каде беше подложен на нечуени мачења. Беше пуштен дури по шест дена, осакатен од ќотек...” (Оригиналот се наоѓа во архивата на авторот.)

Во истиот извештај се редат и другу акции на малтретирање на македонското население во Воденско. На 25 јуни, на пример, еден заставник со пиштол в рака ги гонеше малите деца во махалата “Ќуприја” во Воден, зашто децата при играњето си зборувале на македонски јазик. Јавните шпиони - фашисти Јанис Перчемлис, Геримџес и Фотијадис денонoќно кружеа низ улиците и извикуваа пароли: “Софија - Москва”. Често ги пуштаа гласовите дека “направени се списоците за оние што наскоро ќе бидат уапсени”.

3. Теророт во Мегленско

На 10 јули 1945 година од џандармеријата во село Луковиц без никаква причина се уапсени четири девојки од истото село и одведени под стража во градот С’боцко, каде се подложени на неопишани маки. Од истото село по само неколку денови од првиот препад се уапсени 14 деца на возраст не поголема од 15 години и се претепани до смрт. На 15 август во Луковиц навлегува и бандата на фашистот Сократис Тупанидис од село Драгоманци, која уапсува 10 лица и ги води во Драгоманци. Тука селаните од Луковиц се подложени на sверско мачење за да се изнуди од нив злато. Најмногу е тепан и мачен Никола Марков пак од Луковиц, кому под мишките му ставија врели јајца и сол на раните.

На 19 август 1945 година од џандармеријата во село Саракиново се уапсени 25 селани. Во село Тресино еден капетан од стационираната војска, заедно со неколку војника изнасилува една Македонка пред очите на нејзиниот свекор. Во село Пожарцко на најсвиреп начин е отепан Јован Доков и уште жив фрлен во ископаната дупка и затрупан со земја. Во Струпино изгореа 13 куќи, меѓу кои и куќата на Ташо Бојчев, а неговата жена убиена и фрлена во оганот. Истиот ден стрелани се и две деца од бандата на Герасимос Пападопулос.

4. Теророт во Леринско

Летото 1945 година во Леринско се појави со својата банда фамозниот соработник на окупаторот и познат крвник Андон Чауш, од Драмско, кој тука вршеше секакви насилства. Неговата криминална природа измисли едно ново малтретирање за македонското население од Леринско, со тоа што наредуваше од 6 часот попладне да се запечатуваат со восок куќите на Македонците и домаќините не можеа да излезат од дома цели дванаесет часа. На тој начин тие се наоѓаа во домашен притвор.

Во селото Попожани припадници па Националната гарда една вечер ги осрамотија жените на уапсените демократски граѓани. Во Сетина изнасилија две млади јатрви. Една девојка од истото село ја држеа цела една ноќ во касарната и откако ја силуваа утредента им ја предадоа полумртва на родителите.

Во село Петораци силувана е една девојка, заради тоа што беше организирана во ЕПОН. На 6 јуни 1945 година припадници на Н. Г. од 165 баталјон во село Горничево силуваа 4 жени, чии мажи служеа во Југословенската армија. Препади се вршени и во селата Горно Клештина, Елово, Соровиќ, Рудник од каде се ограбени златници и други скапоцености.

Во извештајот на раководителот на НОФ од Леринско, Балкански, од 10 јуни 1945 се наведува дека припадниците на Н. Г. од селото Екши-Су грабнале 250 овци, од Зеленич две стада овци, 6 волови и 6 свињи. А од село Мокрени 3 стада овци.

Притисокот и теророт над македонското население уште повеќе се засилува спроти парламентарните избори од март 1946 година. Така, на 5 март 1946 година припадниците на Н. Г. од село Нерет уапсија 10 селани. Сите ги испратија пред судовите како припадници на ЕАМ - ЕЛАС. Истото се повторува во селата Неокази, Попожани, Борешница, Секулево. Од село Петораци на 13 март 1946 година беа осудени од леринскиот суд 10 селани на казни со затвор од 10-15 години. Меѓу

осудените беа: Витко Мијалев, Лазо Дамјанов, Насто Жунзов и Васил Попов. Од село Сетина од истиот суд беа осудени на казни со затвор 8-12 години 18 селани. Како сведок против нив се појави учителот Милтијадис Дулукас. На 6 март 1946 година во 9 часот вечерта издадени од Ирини Мечкари беа уапсени од џандарите на Воштарени селаните: Димо Кратев и Ване Аламчев од Крушоради. На 15 март водени од шпионот Јанис Апостолидис, џандарите од Воштарени влегоа во село Крушоради и ги уапсија селаните антифашисти: Петар Доневски, Пандо Весев, Спасе Џаџов и Ѓорѓи Мајнов, кои на другиот ден под спровод ги одвеле во леринскиот затвор.

Режимот истовремено се обидува да сее раздор меѓу селаните подмитувајќи ги некои наклонети кон шпионажа и сребroљубие. Така од село Крушоради беа поткупени Ѓорѓи Буковски, Методи Мечкаров и Спасе Румелов, кои станаа агитатори на националистичкиот режим. Тие постојано ги тероризираа другите селани и им велеа: "Дојде крајот на сите комунисти". Тие беа одредени да ги делат продуктите од УНРА. На селаните не им даваа ништо, земаа се за себе и потем го продаваа на црна берза.

Како светол пример на чесни борци и како револуционери ќе служи држењето пред судот во Лерин на осудените Македонци од с. Сетина: Алексо Гаштаров, Свето Чаркев, Ѓорѓи Чакалов, од кои, Јордан Витков беше осуден на доживотна робија, Катерина Ц. Шабалова на 3 години и другите на затвор од 8-12 години. Тие му изјавија на судот: Ние сме Македонци и затоа не ни е мачно што ќе лежиме в затвор. Тоа е данок за нашата слобода. Македонците се научени да лежат по занданите, но и за нас еднаш ќе изгрее сонцето".

5. Теророт во Костурско

Слично, како и во другите околии, терор и масовни прогони против македонското население владее и во Костурско. Во билтенот "Новините на денот" на Околискиот одбор на ЕАМ за овој округ од 6. VI. 1945 година, се изнесуваат некои случаи на терор, апсења и убиства против македонскиот народ, чии актери се националистичките банди и самата Национална гарда.

На 17 мај 1945 година ,националистичката банда од село Инои (Цакони) го опколија селото Полипотамос, ги претепа селаните, а Живко Поптрајанов полумртов од ќотек го одведоа во Костур. На 19 мај банда од 200 вооружени од селата Шијаки, Четирок и Горно Папрецко повторно се обидоа да го нападнат истото село со намера на пљачкање. Овој пат селаните од Четирок не се исплашија туку наорухжени со дрва и камења ги сретнаа и не им дозволија да се приближат до нивното село. Во овој напад од селаните во Полипотамос беше ранет само Лазар Антонопулос. На 23 истиот месец селото беше блокирано од припадници на Н. Г. кои претепаа многу селани со мотивација дека се комунисти. При овој препад l5 селани беа тешко претепани. Беа опљачкани сите куќи и одведени три стада со овци.

На 31 мај група од 15 насилници од село Загоричани, облечени во воени униформи и вооружени со пушки на чело со Андреас Пападопулос го блокираа македонскиот дел од селото, ги собраа селаните и почнаа да ги тепаат до смрт. Неколку селани ги врзаа како коњи за еден стожер и тепајќи ги со камшици ги тераа да трчаат околу стожерот.

Селскиот поштар Мице Попјованов толку беше тепан што животот му се наоѓаше во опасност. Во истиот месец мај 1945 година вооружени бежанци од Мала Азија (Маџири) националисти нападнаа во селото Брест, грабнаа стадо од 1.200 овци, од Долно Папрецко ги грабнаа сите овци, а од селото Сетома 300 глави овци. Кога оштетените селани се обратија до окружниот гувернер во Костур за интервенција, тој ги истера најбрутално од канцеларијата велејќи им: “одете по ѓаволот”.

На 1 јуни 1945 година вооружената банда на познатиот дерикожа Андреас Пападопулос го опколија селото Брештани. Ги собраа сите селани на селскиот мегдан и ги претепаа до смрт. Три жени паднаа во несвест. Жената на Лазар Пандули ја соблекоа гола и четворица од бандитите ја силуваа. Потоа ја затворија во една соба, па потоа побараа од селото магаре со намера качена на магарето да ја шетаат низ селото за да ја засрамат јавно. Меѓутоа, човекот што ја чуваше се сожали и и

дозволи да избега и се сокрие. На 2 јуни истата банда влезе во селото Цакони каде изврши слични насилства. Селанецот Андон Сјула, кој не сакаше по нивна наредба да стане кмет во селото и да биде предавник, го истепаа безмилосно и од тешките повреди умре. Од истото село беа безмилосно тепани селаните Василис Суклидис, Наум Нартеа, Андреас Ставридис и Петар Чочо.

Во село Тиквени од националисти беше заклан Павле Сјагари и ограбени 15 глави крупен добиток. Во село Изглеби беше убиена Дафина Валтова. Од селото Граци припадници на Н. Г. нападнаа 20 жени и цела една ноќ вршеле гадости врз нив и дури утредента ги ослободија.

Владата на Вулгарис и Софулис во текот на 1945-1946 можеше да се пофали само со грабежите, насилствата и убиствата над мирните граѓани. Во цела Егејска Македонија од Костурско до Кукушко и Драмско беснееше дивиот терор на националистичките банди, на Н. Г. и џандармеријата. Во село Постол-Ениџе-Вардарско со нечуени мачења е ликвидиран старецот Палајков стар 70 години. Во селото Микрокамбос, Кукушко, бандата на германскиот колаборационист Кисабаџак рани 8 селани, од кои Андреас Георгијадис и Христос Георгијадис биле ранети со пиштол во главата.

6. Теророт во Гуменџиско

Многу долга е крвавата листа на апсењата, на затворениците, малтретираните и убиените Македонци од Гуменџиско. Од извештајот на раководителот на НОФ од оваа околија Христо Балканов, под заглавие “Блокади, апсења, интернирања по Варкиза наваму”, ги извлекуваме следните покарактеристични податоци:

а) Апсења: на 12. II. 1945 година од градот Гуменџе се уапсени 18 демократски граѓани и одведени во Солун. Тоа се Ѓорѓи Костраки, Вангел Костраки, Јован Попниколов, Костадин Коров, Трајо Калинов, Христо Мичјоров, Христо Хаџиѓорѓов, Вангел Хр. Ничев, Димитар Шалдев, Христо Чјаков, и други.

На 18. III. 1946 година под обвинение на “Охраната” уапсени беа граѓаните Ристо Костарски и Стамат Љапа, и одведени во Солун. Од селото Петгас на 8.III.1946 година уапсени беа: Петрос Хаџикармелис, Јанис Хаџикармелис, Костас Хаџикармелис, Јанакис Костас, Димитар Узунов, Христо Узунов, Стамат Стаменов, Тодор Васков, Глигор Тумбов. Од село Крива интернирани се 35 души мажи и жени, меѓу кои: Вангел Јанакев, Атанас Јанков, Јован Ропков, Тано Јанакев, Јован Младев, Петар Хаџикармелис, Тано Цегли, Христо Сјагли, Ѓорѓи Јанаков, Паскалина Миткова, Анастас Караџа, Елисавета Гаци, Катерина Стоју, Марика Пулка и други.

Од јануари до август 1946 година само од Гуменџе беа уапсени преку 100 граѓани, меѓу кои и сите членови од фамилијата Менчеви. Од селото Баровица беа уапсени: Јован Чутра, Христо Сјули, Христо Ајта, Ѓорѓи Ќосев, Јован Гата, Катина Кута, целата фамилија на Вангел Шошов, Паскалина Гарти и Ѓорѓи Тодоров Шошов. Од село Карпи: Ѓорѓи Текни, Христо Пејков, Христо Кирков, Христо Кјоска, Ѓорѓи Кјоска, Ѓорѓи Џаров, Ѓорѓи Попниколов, Атанас Бетов, Марија Бета, Анета Бенова, Ѓорѓи Егов, Анета Тумба, Димитар Попјанов и Јован Попјанов. Од Мандалево уапсени и интернирани: 16 души, од Исиклар 50, од Боемица 15, од Горгопик 50.

б) Силувани 4 жени.

в) Убиени и егзекутирани: во јуни 1945 година од потера на британски војници, предводени од предавникот Христо Пеци во костените над село Крива беше убиен Петар Стаменитов, жител на село Пендалофос. На 25 август 1945 година во месноста “Кромви”, Енџевардарско, од војската и џандармеријата и башибозук беа убиени: Коста Џина од село Лака, Атанас Коровешов од село Смрдеш, Атанас Лувчев од Кастанери. На 17. XI. 1945 година во месноста “Сехово” кај селото Баровица од Н. Г. беа убиени: Ѓорѓи Шашев, од Кастанери, Христо Г. Тартев, Трифун Ајта, Димитар Парлапанов, Христо Гацов, Ѓорѓи Губев, Петар Карамутев и Александар Василев, од Крива - Гуменџиско. Овие Македонци од Гуменџиско беа предадени од соработникот на окупаторот Димитар Дојара од селото Кастанери.

На 14. VIII. 1946 година во село Извор беа убиени: Христо Сима, Василиос Кусталидис. На 15 истиот месец во Гуменџе беа убиени: од џандари и националисти Ѓорѓи Хаџипопов, Димитар Караџа од Гуменџе, Коста Попјанов од Карпи, Лазо Пројчев од Гуменџе, Ѓорѓи Тампов од Кастанери, Петар Даутис, Јован Шашов, Трифун Минов и Тано Митанов од Карпи. На 16. IX. 1946 година со дрво се убиени од џандари и башибозук Јанис Асаридис од Геракона и Никос Караманлис, како и Јанис Сидерис од Аксиуполис.

г) Пљачкање и опожарувања: На 20. IX. 1946 година одред од џандари од бандити навлегоа во селото Баровица и ги изгореа куќите на браќата Трифун и Ѓорѓи Курлеви, им зедоа две мазги, 300 кози, сирење, маст и се друго скапоцено што пронашле во куќите. Истото го повториле и во куќјата на Христо П. Курлев. Исто така, биле опљачкани и оштетени и куќите на Петар Ајта, Коста Пројчев, Тано Гацев, Коста Гацев, Ѓорѓи Таретев, Јован Ковачев, Христо Даутов, Васил Даутов, Димитар Чолаков, Христо Чолаков, Ѓорѓи Поппетров. Од истите селани биле одземени овци, кози, мазги и друг добиток.

7. Теророт во Преспанско

Во извештајот на реонскиот раководител на НОФ во Преспанско, Петар Аспров од 23. XII. 1945 година се изнесени некои од злосторствата што врз македонското мирно население од оваа област ги извршија органите на власта и националистите од овој крај. Така, на 5. X. 1945 година припадници на Н. Г. го блокираа селото Штрково и уапсија 7 Македонци, кои откако ги претепаа ги одведоа во Лерин. Тоа се: Јоше Грозданов, Божин Костов, Пандо Костов и Ставре Катиелов. На 10 истиот месец било блокирано селото Рудари и уапсени 15 селани и одведени во леринскиот затвор. Од уапсените најмногу беше тепан Јоше Цакларовски и Михаил Михаиловски. Полициските началници Гизас во село Герман и Сарандопулос во Попли по реставрирањето на државниот апарат, до пролетта од 1947 година, кога Преспа беше ослободена од демократската армија на Грција, своите участоци ги претворија во места на инквизиција за Македонците.

8. Одјекот од теророт во странство

Секојдневните сцени на ужас и крвав терор во Грција, особено против македонскиот народ во Егејска Македонија страшно ги погоди слободољубивите чувства и предизвика бран на револт кај прогресивното човештво. Покрај своите обиди преку својот печат и радио националистичката влада не успеа да ја дезинформира светската јавност во обидот да се прикаже себе како жртва на организациите на отпорот во Грција и на северните соседи, кои наводно го загрозуваа националниот интегритет на Грција. Реакционерната грчка пропаганда не можеше да ги спречи објективните посматрачи да го искажат своето негодување и одвратност од злосторствата на провладините националистички банди и органите на самата власт.

Еден британски офицер, кој во времето на теророт служеше во Грција, во в. "Њу стејцмен ент Нејсон" од 22 ноември 1947 година, накратко вака ја опишува ситуацијата во Грција: "Една недела по потпишувањето на договорот во Варкиза ги видов најужасните и најнечовечни постапки вршени од новоформираната Национална гарда - составена главно од бивши соработници на окупаторот. Сите оние кои поверуваа на словото на Договорот (кој го беа гарантирале и Англичаните) и не побегнаа благовремено, беа затворени и малтретирани. Во еден подземен затвор во големина на една кујна од мал стан видов 16 мажи, жени и деца. Двајца од мажите беа спрострени на подот и онесвестени пливаа во сопствената крв. Секој затвореник имаше право да оди в клозет само еднаш во три часа и само за три минути. Еден старец заради тоа што продавал весници на ЕАМ беше врзан и тепан цел еден час. Ниеден од овие затвореници не беше информиран за причините на своето апсење. На ниеден од нив не му беше судено, а во затворот се наоѓаа веќе девет месеци. Ова не беше изолиран случај во времето кога не постоеја нити комунистички групи, нити левичарска дејност, дури и од оној вид што и е дозволен на секоја политичка партија". (8 Кони Зилјакус: "Интервенции во Грција", Одломка 2 во "МАХИ", од 9.V.1950 година.)

Весникот “Дејли мирор” објави неколку карактеристични слики и еден опис од еден британски водник, личен сведок на сцените што ги приредуваа грчките владини сили. Во овие слики прикажани се тепања, мачења, масовни колежи, сечење на глави, дури и на едно девојче од 16 години, кои ги обесуваа на седлата од своите коњи, или ги набодуваа на колови.

Кони Зилјакус пишува дека јавната управа и војската не беа подобри од полицијата и џандармеријата, организирана од англискиот генерал Чарлс Ујкан, кој служеше од почетокот до крајот во редовите на британската воена мисија за време на интервенцијата во Советскиот Сојуз. “Четири петини од силите во јавната управа, на правосудството и во полицијата се наоѓаат во рацете на Хитосите. Бандите на Сурлас владеат во провинцијата и имаат наложено своја управа. Тие се добро наоружени и прават што сакаат”. (Кони Зилјакус, “Интервенциите во Грција”, одломка 7).

Британскиот полковник Шепард во в. “Нова демократија” од 8. XII. 1947 година пишува: “Баталјоните на безбедност, германски колаборационисти, денес го составуваат грбникот на кралската џандармерија”. А Ричард Мауер од Американската прекуокеанска информативна агенција соопштува од Атина, дека “еден голем дел од бившата џандармерија што им служеше на Германците, сега ги употребува списоците што ги беа оставиле Германците за гонење на сомнителните лица...” (пак таму).

Во текот на 1946 година Грција ја посети комисија од британските лабуристички пратеници: Солеј, Тифанис и Доде, кои подробно ја испитаа политичката ситуација во оваа земја. Тие на враќање за својата земја на 17 јуни 1946 година во Париз изјавија дека Грција во деведесет проценти е фашистичка земја, додека бившиот британски претседател на лабуристичката партија на Велика Британија Ласки, пророчански изјави: “Враќањето на крал Ѓорѓи во Грција ќе ја претвори оваа земја во втора Шпанија...”

9. Националистичкиот печат инспиратор и поттикнувач за терористичките акции

Особена улога во заострувањето на внатрешната политичка ситуација во Грција, во повампирувањето на великогрчката политика на грчката буржоазија и на нејзиниот патрон во тоа време - Велика Британија тука на Балканот и за респирувањето на расна омраза спрема соседните словенски народи, му припаѓа на грчкиот националистички печат. На политиката на Велика Британија и на грчката плутократија им пречи фактот што како резултат на победата над фашизмот и на народната револуција во соседните земји: Југославија, Бугарија и Албанија, се воспоставени народни републики. Кампањата за наводна "Словенска опасност" од север станува знаме на грчката реакција. Сигналот за тој антисловенски поход беше даден од најголемиот експонент на империјалистичката политика на Балканот, Винстон Черчил со неговиот подбуцнувачки говор во американскиот град Фултон, во летото 1946 година.

Две главни цели си беше поставил грчкиот националистички печат со подгревањето на кампањата за "словенска опасност": да го заплаши грчкиот народ, всадувајќи му ја помислата дека ќе биде нападнат и ликвидиран од Словените. Тоа пак би имало за последица да се создаде недоверба и се наруши братството и единството што во годините на четиригодишната борба беше со крв создадено меѓу грчките и македонските борци. Се одеше кон тоа Македонците да се претстават како агентура и истурена позиција на соседните словенски земји и против нив да се отпочне поход за физичко ликвидирање или протерување од родната земја. Таквите намери на грчката шовинистичка буржоазија и на воените кругови најмногу беа изразени во весникот "Елиникос Ворас" од 13 јуни 1945 година, (бр. 114), кога сите Македонци ги оквалификува за соработници на окупаторот и на бугарската фашистичка пропаганда, па додаваше: "Ако за нив толку многу се интересираат денешните антифашисти во Југославија и Бугарија никако нема да се противиме; им ги подаруваме. Нека им бидат алал. Нека ги земаат во нивните богати полиња и нека се исчисти нашиот крај. Нашите "демократски" сограѓани и наши смртни

пријатели најмногу изнесуваат до 30.000 души. Нека се истребат и нека не остават на мира и нас и нивните задоцнети заштитници. Тие се “плевелот и каменот на скандалот”. “Елиникос Ворас”, впрочем, и не се мачи да ги сокрие своите желби, тој го повикува грчкиот народ да ги протера Македонците, без задоцнување, кај нивните северни собраќа. Врз основа на кое морално и меѓународно право се вршеше тој геноцид против населението, кое од дедо прадедо го населуваше тој дел од Македонија, тоа најмалку го интересира и за тоа воопшто не води сметка “Елиникос Ворас”.

Органот на Наполеон Зервас, еден друг соработник на окупаторот, но под британска заштита, “Етники флога” (Национален пламен) од 23. XII. 1946 година, го развева знамето на антисловенскиот поход и им дава сигнал на грчките националисти да отпочнат со терор против демократските граѓани и антифашистите во Грција. “Опасноста е трајна и постојана - се вели во уводната статија на “Етники флога”. Ќе не вознемерува и ќе претставува опасност за животот на нашата држава се додека Советска Русија не се повлече во своите граници. Додека руските караули ќе се наоѓаат во растојание помалку од 30 км. од Егејското Море и ќе се обидуваат да излезат на неговиот брег, тоа секогаш ќе ги поттикнува за напад. Русите со запаливи дрва се снабдуваат од своите филијали: Србија, Бугарија и Албанија, а раката што се користи да ја потпали нашата земја, тоа е Комунистичката партија, замаскирана под разни форми. Излезот од тоа е само еден – наполно уништување на бандитизмот кој газејќи го законот на правдата го овозможува предавството. Лозунгот е: војна без милост и колебање. Војна додека непријателите, издајниците не се претворат во храна на дивите sверови и орлите, или да се оковат во занданите што го носат името народни републики...” (Весник “Етники флога”, орган на Наполеон Зарвас, бивш лидер на ЕДЕС, од 23.XII.1946 година.)

Грчките вековни аспирации на север во таа антисловенска клима уште повеќе ги потхранува “Неа алитија”: “Грција војуваше, пострада и се жртвуваше - пишуваше овој националистички весник на 8. VIII. 1945 година. Таа денес е победничка. Има национални барања на север, барања кои не

можат да бидат игнорирани…" Автономистичкото движење и словенска опасност е најомилената тема на "Елиникос Ворас" и постојано измислува настани и обиди за "грабнување" на Македонија. До какви размери се разви таа негова фантазија сведочи и следниот коментар: "Од сигурни извори се дознава - пишуваше "Елиникос Ворас" на 24 март 1945 година - дека капетанот Аминдас Авгеринос (И. Пападопулос од село Песошница) од 28 бригада на ЕЛАС, во поголемиот дел составен од словеномакедонци, не ја признава спогодбата на Варкиза, туку формира вооружена група и сега обиколува по селата Песошница, Лесковец, Попожани, Врбеник, Каменик и Воштарени, каде ги застрашува селаните и ги тера да заминат за Битола и да стапат во редовите на бугарските одреди, командувани од Гоче, кои се борат за Автономија на Македонија..."

Дека ваквото пишување на весниците од типот на "Елиникос Ворас" е само измислица, доволно е да се споменат следните неколку факти:

Прво, Аминдас Авгеринос не беше едно и исто лице, туку двајца ЕЛАС-ови раководители, кои не само не испраќаа борци за македонската бригада ами, како верни и дисциплинирани членови на КПГ послушно ја спроведуваа линијата на КПГ во тоа време и дури се познати нивните напади против македонското ослободително движење. Второ, "Елиникос Ворас" на македонските одреди им импутира автономистички тенденции, кога нему му беше добро познато дека токму македонските борци крваво се пресметнаа со автономистичките контрачетнички групи во Костурско и Леринско и со "Охраната" во Воденско. Македонците преку народноослободителните организации ЕАМ, ЕЛАС и НОФ доследно се бореа против сите појави на автономизам. Беше општа тајна дека во текот на 1945-1946 година британската влада и грчката безбедност преку препредениот полициски офицер Бафас беа оние што најмногу се интересираа за создавање на автономистичко движење во Леринско, преку разни соработници на окупаторот. Конците на целиот тој заговор ги држеше британскиот вицеконзул во Лерин, Хил, за чија дејност повеќе светлина фрли леринскиот лекар Јоанидис

пред Анкетната комисија на ООН во март 1947 година и таа своја смелост човекот ја плати со сопствениот живот.

Не помалку брутален беше нападот против македонското население во Егејска Македонија и преку страниците на атинскиот печат и во таа антимакедонска кампања челното место го задржаа "Елефтерија" и "Етникос кирикс". Во една статија на "Елефтерија" од 28.I.1946 година отворено се бара прогонување на македонското национално малцинство од неговата родна земја. "Нека одат од наша Македонија славомакедонците. Нека одат каде сакаат. Треба да исчезнат оттука, тие треба да се иселат веднаш и задолжително. Тесна е за нив и тесна ќе и им биде грчката земја" – пишуваше "Елефтерија".

Во ист тон како "Елефтерија" и националистичкиот "Етникос кирикс" го сондира теренот за погроми и насилно протерување на Македонците, кога бараше: "Што поскоро од Грција треба да се протераат 180.000 Словеномакедонци, а бившиот окупаторски колаборационист, Периклис Илијадис во в. "Фони тис Касторијас" и во "Етнос" уште погрубо ги нападна Македонците: "Во грчка Македонија - вели Илијадис - нема повеќе место за Грци и Македонци..." (Види: "Етникос кирикс", орган на Папагосовото движење Синагермос.)

Под условите на најостра антимакедонска кампања, која се претвори во најдив терор против словенското население во Егејска Македонија, македонскиот народ сега се соочуваше со дилемата: Да остане пасивен, што значеше да подлегне на судбината што му ја одредуваа националистичките банди на Коларовци и Андончаушовци. Или пак да се напушти се - дом, имот, па да се премине преку граница. Македонскиот народ реши да не остане пасивен, туку да се бори за својата егзистенција и во заедничка борба со грчкиот демократски народ, да се бори за воспоставувањето на вистински демократски режим во Грција, кој и нему би му ги гарантирал најосновните човечки права.

10. Паѓање на владите

Беззаконието и грубите истапи на националистичките банди во цела Грција против демократското население, во кои учествуваа или ги поттикнуваа полицијата и Националната гарда, предизвикуваше негодување и кај светската јавност која грчката влада и Британците ги сметаше за директно одговорни за таквата ситуација. Честото паѓање на владите беше одраз на ненормалната ситуација во земјата, бидејќи тие, или стануваа опашка на настаните или пак без никакви скрупули ја земаа страната на националистичките и реваншистичките елементи, со што наполно се дискредитираа пред прогресивната светска јавност.

По декемвриските настани од 1944 година во Атина, што доведоа до паѓање на владата на Папандреу, во Грција беа формирани неколку службени влади - се разбира, секогаш под благословите на британскиот амбасадор Липер, но и со многу ефемерен живот. Владата на генерал Пластирас кој го наследи Папандреу бргу беше минирана од националистичките организации, кои имаа големо влијание врз органите на власта. Реакцијата не можеше да премине преку тоа што владата на Пластирас ги водеше преговорите за договорот на Варкиза со голема толерантност спрема ЕАМ - КПГ, што не настојуваше на полното разоружување на ЕЛАС, туку бараше да се предадат само 42.000 пушки.

Меѓутоа, подлабока причина заради која крајната десница и роjалистите отпочнуваа напад против Пластирас беше стравот да не би овој ветеран на буржоаската демократија го одложи до неодредено време плебисцитот за враќање на кралот. Од друга страна, владата на Пластирас не беше поштедена и од нападите на левицата и коалицијата на ЕАМ заради својата неефикасност во сузбивањето режимот на теророт. Но, сепак, неговиот пад беше предизвикан од десницата, чиј печат стигна до таму да го нарече капитулант и хитлерофил, објавувајќи истовремено едно писмо на Пластирас, во кое тој се залагал за погодба меѓу Германија и владата на Метаксас, (“Етникос кирикс” од 2 ноември, 1952 г.)

Идната по ред влада на адмиралот Вулгарис, послушна марионета на Англичаните - како што пишува генерал Зафиропулос - како своја најголема замисла постави "задоволување на националните права" и тоа по "секоја цена". (Димитриос Зафиропулос "О антисиориакос агон" (Антибандитската војна), стр. 75.) Истата влада поради својата наклонетост кон екстремните десничарски и шовинистички елементи, поради засилувањето на теророт против припадниците на Отпорот, беше обвинета дури и од демократскиот центар за бел терор. Во нејзино време кампањата за заземање на Северен Епир, т.е. на Јужна Албанија, и за анектирање на делови од Пиринска Македонија, за наводно "преуредување" на северните граници на Грција, достигна врвна точка. Регентот Дамаскинос, под чиј благослов дејствуваше владата на Вулгарис, истапувајќи во одбрана на владата, на 9 јули 1945 год. изјавуваше: "Во ниедна земја не постои поголема демократија од Грција. Печатот ужива привилегирана слобода. Се вложуваат големи напори од државата за да се ограничат случаите на одмаздувачки акции, фатални последици на една граѓанска војна". ("БИЛТЕН" орган на Главното раководство на НОФ, од јули 1945 година.)

Но, како што видовме погоре, токму во времето на Вулгарис е забележан најголемиот бран на терор во цела Грција - вистина што го принуди и Софулис да ја обвини оваа влада за тотално отсуство на сигурност во земјата, за непостоење на вистинска држава и за семоќноста на вооружените националистички банди. Решението на политичката криза, според Софулис, можеше да се најде во формирањето на Национална политичка влада "врз основа на критериумите на Грчкиот Парламент, од 1938 година, без учество на КПГ. Демократската левица бараше формирање на репрезентативна влада, а крајната левица се согласуваше со формирање на репрезентативна влада со учество во неа и на организациите од Движењето на отпорот. Продолжувањето мандатот на владата на Вулгарис го поставуваше единствено крајната националистичка десница, која покрај другото бараше и конкретизирање датата за референдум за враќање на кралот. Со други зборови, десницата во лицето на Вулгарис гледаше сигурен човек кој преку терор и

ликвидирање на демократските сили ќе го приготовеше сигурниот терен за враќање на кралот.

Раководството на ЕАМ повеќе пати ја обвинуваше владата за флагрантно кршење и повредување на договорот од Варкиза, за прогонување на борците на ЕЛАС и приврзениците на ЕАМ, поради едностранo организирање и комплетирање на војската единствено од луѓе со крајно националистички убедувања, како и во безбедноста, во која влегуваа лица со проверени националистички убедувања, од кои повеќето беа соработници на окупаторите. ЕАМ преку меморандуми до владите на големите сили - Велика Британија, САД, Советскиот Сојуз и Франција, бараше формирање на сојузничка комисија за надгледување ситуацијата во Грција и формирање на репрезентативна влада, врз основа на спогодбата од Јалта.

На 10 октомври 1945 година, под притисок од левицата и демократскиот центар, владата на Вулгарис е заменета од друга влада под Канелопулос. Нејзиниот живот беше уште пократкотраен, така што наскоро формирањето на влада со "широка коалициона основа" му е доверена на Темистоклес Софулис. Меѓутоа, меѓу владата на Софулис и левицата доаѓа до конфликт по прашањето на амнестија. Беше неизбежно создавањето на две струи и во пазувите на самата влада. Едната под министерот Јоанис Софијанопулос и Георгиос Карталис, која беше наклонета за давање на општа амнестија, а другата за ограничена амнестија.

Во времето на кабинетот на Софулис во затворите се наоѓаа 80.000 затвореници. Владата го изгласа законот 730/45, според кој за кривични дела извршени од 27 април 1941 година до 12 февруари 1945 година преставуваше гонењето, со исклучок на убиствата. Престануваше гонењето и заради морално учество во убиство. При редактирањето на горниот закон беа дојдени до израз следните три гледишта: а) министерот Константин Рендис и Г. Кафандарис беа за престанувањето на гонењата на индиректните учесници во политички убиства; б) министерот Јоанис Софијанопулос беше за давање амнестија за дела извршени во времето на окупацијата и ограничување на казните само за случаите на масовни убиства. Според него, со таквите

чекори Грција ќе добие пријатели во странство и во полза на грчките ревандикации кон соседните земји; в) министерот Г. Карталис стоеше на становиште дека не мора да бидат гонети дури и директни учесници во убиствата на учесниците во непријателските формации, над вооружени колаборационисти на окупаторот, над непријателски агенти.

Покрај противењето спрема политиката за "одлив" на затворите, како и на инсистирањето за формирање на една комисија составена од личности учесници во Движењето на отпорот за давање општа амнестија на чело со Александрос Зволос, владата на Софулис пристапи кон "одливање" од затворите и со таа мерка од ноември 1945 година до октомври 1946 година беа ослободени 5.535 затвореници. Мерката остана половична, бидејќи затворите и логорите и натаму се полнеа со нови затвореници, и логористи, со нови жртви, зашто полицијата и националистите лесно го изигруваа законот 730/45, мобилизирајќи безброј професионални лажесведоци, кои измислуваа убиства и обвинуваа мирни граѓани и чесни учесници во Движењето на отпорот, или за нивно физичко ликвидирање, или за изнудување на пари.

11. Изборна фарса

Во своето приватно писмо до Сталина од април 1945 година, Винстон Черчил меѓу другото пишуваше: "Во Грција не бараме ништо друго освен нејзиното пријателство и нејзината независност и интегритет. А немаме никаква тенденција да и наложуваме монархија или демократија. Единствената политика таму се состои во нормализирањето на работите колку што е можно побрзо и да спроведеме чесни и слободни избори во следните четири до пет месеци. Овие избори ќе одлучат за режимот, а подоцна и за конституцијата. Ќе се наложи волјата на народот во услови на слобода, што е наша желба..." (К. Зилјакус цитирано дело).

Така пишуваше тогаш Черчил. Меѓутоа, сосем обратни беа целите што сакаше да ги постигне Велика Британија. Нејзината тенденција по секоја цена беше да ги задржи своите позиции во Грција. Техеранската конференција и Техеранскиот договор од

декември 1943 година со согласноста на другите двајца партнери - Сталин и Рузвелт, му дозволуваше на Черчила да дејствува на начин што тој ќе го најде за погоден да ја задржи Грција во сферата на влијание на Велика Британија. Либанскиот протокол, потпишан и од претставниците на Движењето на отпорот и од делегатите на грчката влада во емиграција, во мај 1944 година, која беше спроводник во тоа време на британската политика, а подоцна и договорот од Казерта, на Черчила му го обезбедуваа правото да интервенира во Грција дури и во случај да не биде пожелно британското присуство во оваа земја. Последиците од тие грешки на тогашното раководство на Движењето на отпорот - ЕАМ - КПГ - ЕЛАС, што тешко можат да се разликуваат од едно отворено предавство, сега мораше да ги плаќа самиот грчки и македонски народ.

Сите бруталности и мерки на терор од страна на џандармеријата, Националната гарда и националистичките вооружени групи со отворената поддршка на британските воени единици во Грција, од една страна, британскиот Форин офис и британскиот амбасадор во Атина, Липер од друга, сите овие фактори работеа врз истиот план - од идните избори да произлезе влада што наполно покорно ќе им служи на британските интереси; што ќе ја презентира Грција и Грчките национал-шовенисти на идната мировна конференција. Таа влада, поттикната од своите западни патрони ќе ги постави грчките националистички аспирации на штета на северните соседи. Дури и министерот за надворешни работи на Велика Британија, Ернест Бевин на конференцијата на лабуристичката партија од декември 1944 година, одобрувајќи ја Черчиловата политика во Грција, изјави: “Велика Британија не може да ги напушти своите позиции во Медитеранот”. А токму создадената ситуација во Грција 1945-1946 година е резултат на надворешата политика на Бевин, кој по изборите од 1945 година го водеше британскиот Форин Офис.

Режирањето на изборната комедија од 31 март 1946 година, можеби беше успешно изведено по упатствата на Бевин, но тие избори ја претставуваа и искрата што падна во бурето со барут, каква што беше во тоа време Грција и граѓанската војна стана

неизбежна. Теророт и погромите за време на предизборната кампања, што ја достигнаа својата врвна точка на денот од самите избори, го натераа и самиот премиер Софулис да изјави, дека “под вакви услови невозможно е да се одржат непристрасни избори”. Дека сомневањето во фалсифицирањето на изборните резултати не беа измислени од демократскиот лагер, доволно е да цитираме што пишуваше британскиот полковник Шепард во весникот “Нова демократија” од 8 декември 1947 година.

“Еден грчки офицер - пишува Шепард - гледајќи еден британски офицер се осмели да му се исповеда: “Ќе ги дотераме работите вака што луѓето стопроцентно да гласаат за роjалистите. Најмногу пет одсто да гласаат против. Веќе пронајдовме петмина непријатели на режимот. Тоа ќе ни даде прилика подоцна да ги дотераме како им треба...”

Каков монструм претставуваа резултатите од грчките избори од 31 март 1946 година, говорат следните факти: додека во повеќето европски земји, Франција, Италија итн. во текот на војната се намали населението, следствено и бројот на гласачите, во Грција покрај жртвите од преку половина милион од гладот и војната, бројот на гласачите на тие избори се зголемил во споредба со изборите од 1936 година. Така на пример, во 1936 година во избирачките списоци на Грција беа запишани 1.753.000 лица, на изборите од 1946 година бројот на избирачите се зголемува на 2.200.000 лица, иако од списоците беа изоставени околу 250.000 избирачи - демократи.

Вистина е дека тие избори во Грција беа следени од меѓународни набљудувачи, без учество на такви од Советскиот Сојуз и другите земји на народна демократија. Но, тие меѓународни набљудувачи од Запад, не ја знаеја или ја премолчуваа стварноста во Грција. Тие не можеа да спречат да не гласаат дури и умрените и да проверат зашто бројот на оние што гласаа за десницата во некои округи излезе поголем од бројот на запишаните во списоците. Некои странски весници, коментирајќи го ноторното фалсифицирање на изборите од 31 март 1946 година, објавија и вакви интересни подробности: Синот на британскиот министер Ноел Бекер, Франсис Бекер, за

време на изборите во Грција се затекна тука и на сосем лесен начин, иако немаше право, беше запишан во избирачките списоци и гласаше. Еден од француските новинари на име Утрило, од љубопитство сакаше да провери дали може да гласа и тоа право го доби двапати.

Кога се имаат предвид таквите факти, станува јасно зашто министерот Теотокис, -кој го имаше искуството од плебисцитот од 1935 година, специјално беше ангажиран и за спроведување на овие избори, и тогаш станува јасно како изборните резултати можеа да бидат дотерани до таква степен за левицата да гласаат само 9,5 отсто.

Партиите од коалицијата на ЕАМ апстинираа од изборите со мотивација дека под условите на терор без преседан, беше невозможно да се спроведат објективни и чесни избори, мислење што го потврдуваше и њујоршкиот "Хералд трибјун" од 17 октомври 1946 година. Но, наспроти неподносливите услови, кога секој граѓанин што и припаѓаше на коалицијата на ЕАМ е наречуван комунист, во Егејска Македокија и во Солун посебно мнозинство на гласачите гласаа за листата на ЕАМ.

Апстиненцијата на ЕАМ од изборите подоцна во внатрепартиските расправии околу причините за поразот на демократското движење во Грција во 1949 година, даде повод за разни напади и противнапади. Генералниот секретар на КПГ Захаријадис од групата Парцалидис - Караѓорѓис беше обвинет за неправилен став во врска со парламентарните избори од 1946 година. Според нив, апстиненцијата од изборите ја стесни платформата за политичка борба на коалицијата на ЕАМ, зашто во Парламентот ги немаше претставниците на партиите од коалицијата на ЕАМ, кои од јавната трибина би го жигосувале режимот за терор и дискриминација. И во моментот кога политичката линија на КПГ се засновуваше врз ставот за водење политичка борба во градовите, апстиненцијата од изборите, макар и во условите под кои што тие избори беа спроведени, сама по себе претставуваше негација на тој политички курс, а од друга страна, ја вооружуваше националистичката десница со уште еден аргумент, дека наводно КПГ-ЕАМ ја избегнуваат парламентарната легална

битка и се определуваат за нелегални вооружени акции и субверзивна дејност. Значи, настаните потврдија дека апстиненцијата од изборите одеше во прилог на десничарите, на роjалистите и на британската влада, која во тоа време најмногу беше заинтересирана за враќање на кралот Ѓорѓи II во Грција.

ГЛАВА ОСМА - НОФ, АФЖ, НОМС

Појавата на НОФ (Нардноослободителен фронт) во април 1945 година во Егејска Македонија беше искористен за една жална кампања од страна на грчката и светската реакција, па дури и од самото раководство на демократското движење на Грција. Од владиниот и националистичкиот печат оваа нова македонска ослободителна организација е идентифицирана со реакционерното движење, како воена организација, чија цел беше да ја отцепи Егејска Македонија од Грција.

Крајно десничарските кругови во Грција дигаа врева околу НОФ и против него за да се фатат за каков и да било "аргумент" за хистеричната кампања за наводна словенска опасност, пред очите на светската јавност, да ги оправдуваат погромите против македонското население и против учесниците во антифашистичката борба во текот на Втората светска војна во Грција. Факт е дека во текот на 1945-1946 година беа забележани некакви движења за оживување на старите автономистички тенденции. Но, инспиратори и организатори на тоа реакционерно движење беа луѓето од британскиот конзулат во Лерин, вицеконзулот Хил и капетанот Еванс, на кои им ги продаваше своите услуги и познатиот по интригите и мачењата на Македонците во Леринско, полицискиот полковник, Бафас.

Пипките на таа сомнителна британска установа, инсталирана веднаш по завршетокот на војната во непосредна близина на јужната југословенска граница, се протегаа дури и во Социјалистичка Република Македонија, со цел тука да се реорганизираат старите елементи, да се минира социјалистичката изградба и единството на народите во нова Југославија и се реставрира стариот реакционерен режим. Во Југославија, меѓутоа, овие обиди на агентите од империјалистите и на авантуристите од автономистичкото движење уште од својот почеток беа сузбиени, а во самата Егејска Македонија разобличени од печатот на НОФ и КПГ.

Од страна на КПГ и ЕАМ во прво време појавата на НОФ е посретната со слични напади како и од страна на националистите. Во раководството на КПГ уште не беше

осуден капитулантскиот однос спрема британската политика од времето на Втората светска војна на Медитеранот и спрема грчката влада во емиграција и не беше чудно што акциите на македонските единици од времето на НОВ од Леринско-Костурско и Воденско во прво време да не се потчинат на таквата капитулантска тактика на раководството на КПГ и ЕАМ во текот на војната се наречени како авантуристички, антиреволуционерни како сепаратистичка тенденција за отцепување на Егејска Македонија. Раководството на отпорот не можеше или не сакаше да сфати дека македонскиот народ од овој дел на Македонија, кој еднаш се фати за оружјето нема да се задоволи со едно неодредено ветување на рамноправност во рамките на една Грција со исто така неодреден режим во иднина, во која со ништо не би се гарантирала егзистенцијата на македонското население како рамноправна етничка група. Напротив, тоа население со своето учество во антифашистичката војна очекуваше да му биде признаено и правото на самоопределување.

Организацијата НОФ, никната од неумоливата потреба за одбрана на голата егзистенција на прогонуваното македонско население и од желбата за извојување до крај неговите права за национално воспоставување, во текот на цела 1945 година е принудена да се бори на два фронта: да се брани од нападите на разуздените националисти и реваншисти, од една страна, да го убедува грчкото раководство на КПГ и затруените од великогрчки шовинизам кадрови, од друга страна, дека НОФ е сојузник на грчкото демократско движење.

На 2 септември 1945 година НОФ ги даде и првите жртви од своите редови, Атанас Коровешовски и Коста Џина, првиот член на Главното раководство на НОФ, а вториот член на раководството од НОФ во Енице-Вардарско. Тие во близината на село Корнишор, на Пајак Планина беа опколени од една единица на Националната гарда и една чета на англиска војска и при нерамна борба двајцата кадрови на НОФ паднаа како вистински народни борци. Два месеца подоцна, на 17 ноември на два часа надвор од селото Баровица пак на Пајак Планина, преку предавство беа нападнати во една колиба деветмина Македонци и ликвидирани на спиење. Тоа беа: Ѓорѓи Гиуда,

Ѓорѓи Шасов, Ѓорѓи Трифунов Шасов, Трифун Ајтов, Д. Парлапанов, Ѓорѓи Тартов - сите од село Боровица, Гуменџенско, Г. Карлов од Валтово, Алеко Василев од Гуменџе и П. Туфа или Кармута од Крива.

Убиството стана под следните околности: Колибата во која се прибираа деветминатa раководители на НОФ беше позната на бившиот соработник на Германците, Дујама, кој на 17 ноември вечерта на одредот од Националната гарда во село Баровица му го покажа местото. Колибата беше опколена и убиени 9-те македонски борци. Националистичкиот печат триумфално пишуваше за "жестоката борба со автономистите", но фактот дека сите убиени носеа рани на телото само од половината нагоре и уште дека не беше дозволена автопсија врз нивните трупови, на што инсистирало раководството на коалицијата на ЕАМ од Солун, сето тоа говореше само за еден кукавачки акт против ненаоружени политички работници и кадрови на НОФ. (1 Весник "Лаики фони", орган на ПК на КПГ за Македонија, од 24.XI.1945 година.)

Брзото проширување на мрежата на организацијата НОФ среде македонскиот народ во селата и градовите, борбениот дух и високиот морал, херојското држење на првите жртви на НОФ, како и растежот на бројот на македонските партизани на Кајмакчалан, Пајак и Вич Планина – сето тоа беа очигледни факти што не можеше повеќе да ги игнорира КПГ. Најпосле и на раководството на КПГ му стана јасно дека секој понатамошен напад и непријателски став со цел НОФ да биде дискредитиран, оди само во штета на демократското движење во Грција. И дека прифаќањето на таа македонска организација, која веќе е стварност, е само од корист за заедничкото демократско движење. Раководството на КПГ можеше лесно да констатира дека НОФ од ден-наден стануваше се поодлучувачки фактор во економско-политичкиот живот во Воденско - Ениџевардарско, Гуменџиско, Леринско, и Косурско.

Горното го потврдува извештајот на Павле Раковски, член на Главното раководство на НОФ, каде се вели: "Повеќе од 70 отсто од младите работници и работнички во Воден се

вклучени во НОМС. Успеавме да ја преземеме во наши раце управата на Работничкиот центар и преку него ги организираме штрајковите во фабриките. КПГ се исплаши од тој наш успех. Понатамошното организирање на штрајковите го презеде таа, бидејќи како легална партија има можност за понепречено движење пред власта.

На наша страна премина претседателот на занаетчиското здружение како и половината од членовите на здружението на земјоделските работници. Поголемиот дел од кадровите Македонци кои порано работеа во КПГ, сега преминуваат во НОФ, а се случува кадрови од КПГ и ЕАМ да се најдат принудени да се обратат за помош и прехрана на македонските кадрови на НОФ и да наоѓаат гостопримство единствено во македонските села и куќи, бидејќи по договорот од Варкиза повеќето од грчките села преминаа на страната на реакцијата и националистите". (Извештајот во оригинал се наоѓа во архивата на авторот).

Со влегувањето во 1946 година е забележана извесна еволуција во ставот на КПГ во однос на НОФ. Секретарот на Покраинскиот комитет на КПГ за Македонија и Тракија, Леонидас Стрингос, изложувајќи го новиот став на Партијата пишува: "Постои основа за да се обезбеди разбирање и единство меѓу Грците и Македонците, нарушено по договорот на Варкиза. Во последно време националните организации на Словеномакедонците НОФ и ЕНОФ се појавија со позиви, во кои прокламираат: "Нека се обединиме и застанеме на страната на работниците. Да се бориме како и во времето на Движењето на отпорот единствени за ликвидирање на фашизмот во нашата земја, да го смачкаме режимот на квислинзите, да бараме влада репрезентативна со учеството на ЕАМ - КПГ, леб, работа, слобода. Напред сите заедно обединети за народна демократија".

"Ако организацијата НОФ е расположена доследно да ја следи оваа линија, нема никаква пречка за соработка и заедничка пречка". (Списание "Протопорос" (Авангард), месечен орган на ПК на КПГ за Македонија и Тракија, Солун, 7 февруари 1946

година, во статијата: “Нашата борба за демократија и прашањето на Словеномакедонците” стр.9).

Во сличен дух е напишана и статијата на членот на ЦК КПГ Василис Барџотас под наслов “Нашиот идеолошки фронт”, во која пишува: “Последните дни во Воден беше изведено едно судење против НОФ и тука тројца беа осудени на смрт, а другите на строги казни. На овој процес и покрај гнасните обиди на монархофашизмот, беше свечено докажано дека НОФ е ЕАМ на Словеномакедонците, кој бара рамноправност во рамките на грчката народна демократија, со прворазредна задача да се зачува суверенитетот и независноста на Грција...” (Сп. “Комеп” од декември 1946 година). Барџотас понатаму, обраќајќи се кон членовите на КПГ, додава: “Нашите партиски организации со сите средства треба да им помагаат на Словеномакедонците кои најмногу страдаат, да му објаснат на народот во Северна Грција дека клеветите за автономистичко движење на Ноф имаат цел да ги заплашат Грците, да го оневозможат заедничкиот братски фронт меѓу грчкото население на Македонија и Тракија и словеномакедонскиот елемент, а да ја потхрануваат теоријата на “словенска опасност”, а особено да го оправдуваат сомнителното автономистичко движење што го создаваат англиските агенти во Македонија...” (Пак во истата статија на “КОМЕП”).

Генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис на пленумот на Покраинскиот комитет за Македонија и Тракија од 28 декември 1945 година, земајќи повод од содржината на еден леток на Воденската организација на НОФ, карактеристично рече: “Секој грчки демократски граѓанин сигурно ќе се согласи со позивот на антифашистичката организација на Словеномакедонците (НОФ) од Воденскиот округ, со кој се повикуваат сите трудбеници и сите жители од овој округ заеднички да се борат за народни слободи, за политичка правна и социјална рамноправност, за општа политичка амнестија. Со нив ќе тргнеме заедно во борбата за леб, слобода и новогрчката народна демократија”. (в. “Лаики фони”, орган на ПК на КПГ за Македонија и Тракија, Солун 29 декември 1945 година).

Оваа промена во ставовите на КПГ во однос на НОФ се должи на следните фактори: Во почетокот од 1946 година се почесто доаѓаа до израз некои нови гледања и тенденции за ревизија на поранешниот став за "политичка борба" во градовите и за подготвување на членството за новата вооружена борба. На споменатиот пленум е фрлена и паролата со следната содржина: "Го повикуваме народот каде и да се наоѓа, во градовите, во селата на вооружените напади од реакцијата да одговори со масовна народна самоодбрана и со истите средства". (В. "Лаики фони" од 24. XII. 1945). Нова оружена борба бараа обединетите сили од сите демократски граѓани и антифашисти, а македонското население во тоа време не само што имаше значајни партизански групи по планините, но и монолитна масовна организација.

1. Вонредни мерки. - Борбата кај Почепската Шума - Мирка Гинова. - Борбите во Леринско

Владата на К. Цалдарис, која произлезе од фалсификуваните парламентарни избори на 31 март 1946 година, уште во првите денови на своето постоење даде поттик за терор против демократското население во земјата, спроведуван од националната гарда, џандармеријата и провладините организации "Х", "ВЕН" и други.

Кулминација на терористичките мерки, што потсетуваа на хитлерофашистичката окупација од 1941-1944 година, е постигната со изгласувањето на "вонредните мерки" од 7 јуни 1946 година.

Со лишувањето на народот од неговите конституциони права, забранувањето дејноста на политичките и професионалните организации, отворено веќе се одеше кон воспоставување на воена диктатура на воената организација САН.

Вонредните мерки особено беа вперени против Македонците, бидејќи со нив се правеше различен третман на граѓаните од Јужна Грција и оние од Егејска Македонија и Западна Тракија. Додека демократските граѓани од Јужна Грција, кои се бореа против режимот се третирани како елементи кои бараат само

отстранување на режимот, на демократските граѓани од Егејска Македонија им се импутираат тенденции за отцепување на грчки територии и рушење на интегритетот на грција, што повлекува смртна казна. Така, на пример, во член 1 од резолуцијата за вонредни мерки доследно стои:

“Оној што сака да отцепи еден дел од националната територија, или овозможува, давајќи за тоа планови за заговор внатре во државата, или пак се договара со странски лица, организира бунт или оружени групи, или пак зема учество во нив, се казнува со смрт...” (В. “Македонија” од 7 јуни 1946 година).

Со вонредните мерки, кои веднаш беа ставени во сила, беа формирани воени судови, кои се претворија во фабрики што секојдневно испраќаа на стрелање десетици родољуби, борци, кои за време на фашистичката окупација ја лееја својата крв во борбата против окупаторот. Сега достатно беше месната “Комисија за безбедност” некого да го обвини како човек кој се бави со субверзивна дејност против земјата, па да биде исправен пред воениот суд.

За оправдување на бруталните мерки на претреси во куќите во секое време (што се предвидуваше со член 10 од Законот за вонредни мерки - “Македонија” од 7 јуни 1946 година) печатот секој ден фабрикуваше откривање на заговор, влегување преку граница на автономисти и семожни други дезинформации. Така, истиот ден кога во Парламентот се гласаше за вонредните мерки, весникот “Македонија”, ја објавуваше долната информација:

“Последните денови компетентните власти имаа конкретни информации, според кои во првото петнаесетодневие на јуни би требало да се случат безредија од револуционерен карактер, што би се проширале во цела Македонија, толку во внатрешноста колку и во градовите. Сигналот би го дале бандитите кои влегувајќи во селата би ги згустувале своите редови, готови за акција во даден момент...”

“Според истите информации оваа наредба е дадена од НОФ до нејзините банди што дејствуваат во Македонија и кои што во последно време ја зголемија својата дејност...”

“Подалечна цел на ова движење е да се претстави Македонија дека ја бара својата слобода од грчкиот фашистички јарем и за прогласување на Македонија во “Народна Република”, присоединета кон федерацијата на народните републики на Тито...”

Со такви исфабрикувани обвинувања од професионалци лажесведоци, илјадници Македонци дури и цели семејства се испраќани на интернација во егејските суви острови, а многу други осудени на смрт и егзекутирани. (Види весник “Лаики фони” од 24. 11. 1945). Првата жртва на воениот суд во Ениџе-Вардарско беа шестмината македонски кадрови на НОФ заедно со Мирка Гинова, заробени во Почепската шума, Воденско во јули 1946 година.

Ударот против македонската организација НОФ беше голем и се случи под следните околности: Во текот на пролетта од 1946 година македонскиот одред Кајмакчалан претставуваше непријател број еден за државниот апарат во Западен Меглен и затоа џандармеријата ја сметаше за своја прва задача да го ликвидира одредот. Еден ден од средината на јули, додека одредот се наоѓаше на кратка почивка во близината на селото Почеп, преку предавство одненадеж беше нападнат од три страни од џандармериски одреди и тоа откај селата Драгоманци, Луковиц и Саракиново. Во оваа операција учествуваа околу 500 џандари. Одредот ја прифати борбата и храбро се бореше. Но, пред големата непријателска сила беше дадена команда да се повлече. При повлекувањето на одредот групата, од седум души раководители на НОФ, кои тој ден се наоѓаа на конференција на овој терен, заедно со Мирка Гинова го погрешија правецот на повлекувањето од обрачот и наидоа право на непријателската позиција. Од седумминатa само Мирка држеше пиштол. Таа ги испука сите куршуми и на крајот самиот пиштол го фрли против џандарите. Сите седуммина беа заробени (меѓу нив еден Грк) и водени во градот Воден. За да го деморализираат демократското население, особено

македонското, уште пред влегувањето во градот џанармите и облекоа на Мирка партали за да изгледа како плашило. Но, оваа пламена револуционерка чекореше со високо дигната глава и насобраните граѓани ги бодреше со зборовите: “Не плачете, мајки, револуцијата ќе победи!” Една домаќинка - жената на Андон Шупов, што живееше до самата џандармериска станица во Воден, подоцна раскажуваше дека цели три вечери еден моторцикл надвор од станицата и токму под прозорецот на келијата на Мирка постојано брмчел за да не се слушаат пискотниците на Мирка, која ја мачеа џелатите со средновековни инквизиторски методи. Неколку пати ноќе ја водеа во градските гробишта, ја затрупуваа до вратот во отворен гроб и стрелаа во неа со куршуми полни само со барут за да се исплаши и да ја предаде мрежата на целата организација. Меѓутоа, Мирка остана тврда како карпа. На 23 јули Мирка заедно со другите шест лица: Ѓорѓи Пројев, Петре Попдимитров, Ристо Стојанов – сите од Воден, Гркот Алекос Муцакис од село Н’те, Мице Љумбата од Владово и Томо Михајлов од Теово, беа изведени пред воен суд во Енџе-Вардар. Обраната на Мирка ќе остане како најдрагоцен документ за НОФ, за Македонците од Егејска Македонија. Мирка до последниот свој здив ја бранеше својата организација од клеветите за автономизам: “Јас сум раководител на НОФ - извика Мирка пред судот. За време на окупацијата се борев против Германците и џелатите Калчев и Димчев, кои се нафрлија како стрвници, особено против нас Македонците за да не заведат во канџите на “Охраната”. Ги удривме охранитите со фанатизам, како што војувавме и против германскиот окупатор. НОФ не е никаква воена организација. Таа е политичка демократска организација на Македонците, која се бори за рамноправност на нашиот народ во рамките на грчката држава. Се бориме за слобода и демократија!”

Дури и во последниот момент од својот живот, на 26 јули 1946 година изутрина, кога истрелите од пушките ва егзекутивниот одред го пронижуваа нејзиното срце, Мирка ја пееше интернационалата. Ова судење на раководителите на НОФ беше предмет на пишување на голем број весници и агенции. Големи светски поборници на мирот и правата на човекот преку трибината на ООН го жигосуваа недемократскиот режим на

Грција и стануваа во одбрана на Мирка, која беше првата жена во Грција осудена на смрт од воен суд заради нејзините политички убедувања. Нејзиното храбро држење го трогна дури и противникот. Еден воен дописник во едно анонимно писмо испратено до таткото на Мирка го опишува револуционерното држење на Мирка неколку минути пред да биде егзекутирана. Тој меѓу другото пишува:

“Од шест часот денеска, за жал, Ирина прекина со животот. Ви честитам за ќерката што сте ја родиле. Ја пречека смртта со насмевка на устата, смело пеејќи и сите присутни се зачудивме... Беше чудесна, мажествена, ниту пред самата смрт не покажа малодушност. Исто така и другите шестмина, но повеќе таа. Не ви ги пишувам овие зборови за да ја пофалам вашата ќерка, туку ја изложувам самата вистина како што ја видов...”

Овој редок хероизам мораше да го признае и самиот непријател, зашто и во инаку сувопарното соопштение на Врховниот штаб на регуларната војска за егзекутирањето на седумтемина раководители на НОФ (меѓу кои еден Грк одговорен по воени прашања на политичките прогоненици од ЕЛАС), се вели: “Седумтемина егзекутирани го пречекаа храбро егзекутивниот одред и не примија да им се врзат очите. Поголема ладнокрвност покажа учителката Ирини Гини, која ја пееше Интернационалата и извикуваше пароли за КПГ”.

Сличен случај претрпе Организацијата и во Леринско, кога неколку кадри на НОФ во Леринското Поле во нерамна борба загинаа на бојното поле. Новиот бран на терор по изгласувањето на вонредните мерки се проширува во цела Западна Македонија. Вистински вартоломејски ноќи преживуваат селата Черешница, Габреш, Биралци, Буковик и др. Да споменеме само неколку случаи од погромите против македонските села:

На 12 јули 1946 година војската и полицијата од селата Д’мбени и Габреш уште во шест часот наутро го нападна селото Черешница, употребувајќи минофрлачи и митралези. Откако изгореа неколку племни, го собраа целото население сред село.

Од претепаните селани најмногу беа мачени 13-мина, тепани со железа и дрва. Тоа беа: Христо Марков, Васил Ралев, Христо Андреев, Васил Скивинов, Поптрајанов, Андон Терзиев и други. Најмногу беше мачен говедарот од селото на име Димитар Анастасов, кого го фатија во моментот кога ги пасеше говедата и го одведоа во селото Габреш. Во касарната го тепаа до смрт, потоа го извлекоа надвор од селото, го налеаја со бензин и го изгореа. Ова беше втор напад против Черешница, бидејќи истото село беше нападнато и на 9 јули истата година, кога беа уапсени и испратени во затворите на островот Крф следните лица: Ламповица Попфилипова, Олга Трповска, Донка Калкова, Павле Калков, Марко Вивков и Филип Ралев. Нивната вина беше таа, што нивни блиски пребегнале преку граница.

Од село Гафеш бил уапсен Иван Кизов, кој не можејќи да издржи на мачењата уште истата ноќ починал. Џелатите го зедоа неговиот труп и го фрлија пред прагот на неговата куќа, а на другиот ден беа уапсени: Лена Макриева, Никола Ромпов и Христо Робов.

Од селата Биралци, Калјарско, при една рација на војската и џандармеријата биле уапсени 70 селани, од кои 50 жени и 20 мажи, наклеветени од селскиот шпиун Минче Шпиров. Уапсените беа sверски мачени.

На 28 јули, војската стационирања во селото Брезница, го нападна селото Бесфина, од каде ги уапси и интернира следните лица: Димитар Скендеров, Ристана Скендерова, Ѓорѓи и Јане Скендерови, а на другиот ден беше фатена и Донка Дукова, која откако беше жестоко мачена, беше одведена во Леринскиот затвор.

Во затворот во Лерин беа фрлени и sверски мачени следните жени од село Роби, Преспанско: Севасти Димитрова, Барбара Калкова, Методица Јакрева, Митровица Димитрова, Стојаница Димитрова, Јошевица Николова и Софија Бајлова. На 1 август во истиот затвор биле одведени Везо Караванов, Илија Ничов, Доне Лазаров, Митре Гогов и Илија Србинов. Тука биле затворени и многу селани од преспанските села: Буковиќ, Оштима, Герман, Оровник и Орово.

Според грчкиот печат, само во текот на месеците мај, јуни, јули и август 1946 година, во Грција се убиени: 5.246 лица, 415 тешко ранети, 1446 мачени, 1246 интернирани и 3.920 фрлени в затвор. Во истиот период бројот на пребегнатите Македонци преку граница изнесува околу 20.000 души.

2. Засилување на оружените акции. - Борбите на Кожув и Пајак Планина. - Жалба на грчката влада до Советот за безбедност. - Анкетата комисија на ООН пристигнува во Грција

Целата 1946 е година на нечуен терор и тотално газење и игнорирање од страна на официјалните власти на договорот од Варкиза, кој и формално е анулиран од владата и Парламентот на 19.VII.1946 година. Мета и жртва на гангстерските напади од страна на полицијата, Националната гарда и провладините националистички организации и нивните воени формации, во кои најдоа прием сите злосторници и окупаторски колаборационисти, се борците од Движењето на отпорот и демократските граѓани. Пред неподносливата ситуација голем дел од демократското население и бивши борци на НОВ принудени се одново да се фатат за оружјето и од мали групи во почетокот се формираат одреди на политички прогоненици, кои веќе во почетокот на 1946 година преземаат акции. Џандармериските станици и полувоените националистички формации се првите објекти на акциите на борците од новото оружено движење.

Во пролетта 1946 година по нападот на село Литохоро на 31 март 1946 година, на планините Кајмакчалан, Пајак и Вич дејствуваат силни македонски одреди на НОФ, кои не само што му даваат отпор на противникот, туку и самите веќе преземаат одредени акции. Во ова време од одредите на НОФ се водени борби во селото Луковиц, Воденско, во Саракиново и на Вич Планина, во Леринско. Стотина и илјади мобилизирани војници, бивши членови на ЕАМ и КПГ ја изразуваат својата готовност да ја напуштат регуларната војска и да преминат на страната на партизанските единици, и први го дадоа сигналот војниците од стационираната чета во селото Понтокерасија, Кукушко. Исто така, одраз на расположението на војската

спрема новото движење на отпорот е бунтот во редовите на V дивизија во градот Кожани, каде воениот суд осуди на смрт 14 војници и еден офицер, 22 војници на доживотна робија и уште 23 други на помали казни. Сите овие војници беа обвинети за соработка со партизаните. (В. "Врадини" од 6. XII. 1946 г.)

Меѓутоа, раководството на КПГ, иако уште во месец февруари 1946 година ја исфрли паролата за самоодбрана, речиси, во текот на целата 1946 година, а и натаму настојуваше на мирољубиво решавање на политичката криза во земјата, барајќи формирање на коалициона влада со учество во неа и на ЕАМ и повлекување на британските војници од Грција. На VII пленум на ЦК КПГ од 1957 година од мнозинството членови на ЦК главната критика беше вперена против Никос Захаријадис, кој како генерален секретар на КПГ, фрлајќи ја паролата на самоодбрана на Вториот пленум од февруари 1946 година, тој правеше политички трик и маневар дека тогаш тој воопшто не помислувал сериозно на отпочнување оружена борба. Во врска со ова прашање членот на ПК за Македонија и Тракија Панајотис Мавроматис карактеристично вели: "Тука би сакал да укажам на напатствијата што по Вториот пленум ги добивме во Македонија од ПБ за да ја проучиме ситуацијата и да окончаме за колку време и какви сили можеме да мобилизираме. И кога ПК го информира Захаријадис дека во еден месец можеме да раздвижиме 20-25.000 борци, ни рече да престанеме со тоа, бидејќи оружената борба ја замислувал како блеф". (Списание "Неос космос", месечен орган на ЦК КПГ во емиграција бр. 4-5 април и мај 1957 година, под наслов: "Материјали од VII пленум ва ЦК КПГ" стр. 102.)

На споменатиот пленум е речено уште дека 1946 година била идеалната година за да се изврши широка мобилизација на борци и победата би била осигурена, зашто владата во тоа време имала на располагање само 5 дивизии со по 2.000 војници, или вкупно 10.000 војници и 150 митралези. (Генерал Зафирпупулос "О антисиморијакос агон" стр. 220). Со една конкретна политичка подготовка за масовна мобилизација би бил решен проблемот на резервите на Демократската армија на Грција, што во подоцнежните години на Граѓанската војна се

покажа како најосновната слабост на ДАГ, зашто тогаш беше многу тешко да се реши тоа прашање.

Владата ги консолидира своите сили, го обезглави работничкото движење во Грција од поактивните членови, пасивизира голем дел од населението преку терор и интернации и сето тоа имаше за последица голем број симпатизери на КПГ и членови да ја изгубат довербата во КПГ.

Но и покрај колебањата на раководството на КПГ и отсуството на конкретна перспектива за развојот и текот на политичката ситуација во Грција, самите настани водеа кон засилување на партизанското движење и на 28 октомври 1946 година, два месеца по плебисцитот и враќањето во земјата на кралот Ѓеорѓи Глизбург, е формиран Главниот штаб на Демократската армија на Грција.

Пред формирањето на ова врховно тело на ДАГ, на планината Вич е постигната согласност помеѓу ПК на КПГ за Македонија и Тракија и Главното раководство на НОФ за обединување на оружените сили на НОФ и групите на политичките прогоненици од редовите на бившиот ЕЛАС. Спогодбата од 16 ноември 1946 година предвидуваше: еден член од раководството на НОФ, конкретно, Ѓорѓи Урдов - Џоџо да биде назначен како член на штабот на ДАГ за Централна и Западна Македонија. Друг еден човек од НОФ да влезе во ПК за Македонија и Тракија, па дури и НОФ да биде претставен со свој човек и во ЦК на КПГ. Сето тоа ќе претставуваше признание на организацијата НОФ, која во изминатите две години од Варкиза, кога работничкото движење во цела Грција минуваше тешки денови на криза и искушение, единствена во Централна и Западна Македонија претставуваше организирана сила и КПГ можеше да се потпре на неа.

Од сето она што беше здоговорено, единствено Џоџо го зазема своето место во споменатиот штаб, а сето друго остана празно ветување. И не само тоа: Откако на НОФ му беа одземени одредите (оружената сила) на НОФ од страна на раководството на КПГ и ЕАМ и ДАГ му се правени смислено семожни пречки со цел да се дегенерира и ликвидира како одделна

ослободителна организација на македонскиот народ. На НОФ не му остануваше друго освен да се претвори во инструмент за мобилизација на Македонците за пополнување резервите на ДАГ, без да има некој одлучувачки глас во раководењето на борбата.

Самиот развој на настаните искристализира едно вакво прашање: имено, дали за демократкото движење во Грција и Македонија посебно, немаше да биде покорисно ако договорот за обединување од 16 ноември 1946 година беше поставен врз друга основа? Конкретно, ако не се одеше кон тотално потчинување и ликвидирање на НОФ (зашто сите потези на КПГ, ЕАМ и ДАГ кон таа цел беа устремени), туку НОФ да останеше рамноправен партнер во борбата со свои македонски единици и посебен штаб, кој би дејствувал во координација со соодветните органи на КПГ, ДАГ. Ако раководството на КПГ - ДАГ можеше да ја прифати идејата за формирање на одделни македонски единици дури во октомври 1948 година, зошто тоа не можеше да се направи уште во 1946 година, кога НОФ се наоѓаше на врвот од својот развој? НОФ дејствуваше главно во трите македонски округа - Воденски, Леринси, Костурски, во еден дел од Негушко и се до левиот брег на Вардар (се разбира дека имаше извесни бази и во Источна Македонија, во Серско и Драмско) но главно во трите округа македонското население се до 1948 година го претставуваше мнозинството од населението, ги имаше опфатено, речиси, сите Македонци и што беше поприродно и пологично тука НОФ да беше рамноправен на КПГ и ЕАМ, а не како додаток само како мобилизаторско гласило?

Настаните што следеа ги потврдија сомневањата на одделни раководители на НОФ дека “обединувањето” не значеше друго освен смислено ликвидирање на НОФ. Меѓутоа, секој отпор на тоа обединување беше очигледен апсурд, зашто и надворешни фактори сугерираа по секоја цена да се постигне обединувањето на борбените сили во Грција, а тие надворешни фактори се задоволуваа од една општа изјава на Захаријадис (слична на изјавата на Елефтериос Венизелос, кога на прашањето од претставникот на Лигата на народите за правата на македонското население, во 1929 година имаше речено, дека

“Грција ќе ги почитува договорите за малцинствата”, а во стварност го правеше сосем спротивното) дека КПГ никогаш не била против самоопределувањето на малцинствата. Но, НОФ и во услови на очигледна дискриминација ги вложуваше сите свои сили во борбата, надевајќи се дека еден ден ќе ја извојува својата вистинска рамноправност.

Борбите на Пајак Планина од ноември 1946 година имаа голем одјек не само во цела Грција, туку и во целиот свет. Заради нивното значење на кратко ќе се осврнеме на текот на борбите кај Шкра, (Љумница), Ошани и Мандалево, и на последиците од нив.

По формирањето на главниот штаб на Демократската армија на Грција на 28 октомври 1946 година, единиците на младата демократска армија, преземаат сега и посериозни воени потфати. Меѓу првите позначајни борби од ова време беше и нападот од ДАГ на стационарните владини војски во селата од Североисточен Меглен, Н’те, Ошани и Љумница (Шкра) на 17 ноември 1946 година, чиј одглас зеде меѓународни размери. Нападот беше извршен од една поголема група борци и раководители на штабот на ДАГ за планините Каракамен, Пајак и Кајмакчалан под раководството на Панос Капетаниос.

Самиот владин печат од тоа време признава дека овој напад беше многу жесток и дека бројот на жртвите од редовната војска беше поразувачки. Весникот “Македонија” од Солун, од 29 ноември 1946 година, меѓу другото пишуваше: “...Вчера пристигнаа нови подробности за нападот на село Н’те од 17 о. м. кога беше даден уште еден драматичен прилог од војската на олтарот на честа и долгот. Тоа се однесува на жртвите на потпоручникот Каранџас и една десетина од неговиот вод...”. Истиот весник признава дека беше многу тешка ситуацијата на војската и затоа авијацијата беше принудена да земе учество и да ја снабдува војската со муниција и храна. Весникот признава дека во селото Љумница загина и капетанот Силеманис. А според известувањата на американската агенција Асошиетед-прес од 17 ноември 1946 година “две чети од владината војска во борбите кај Љумница претрпеа тешки загуби во судирот со околу илјада припадници на ЕЛАС”.

Овој неочекуван пораз на вдадината војска предизвика страшно обеспокојување и во редовите на атинската влада и целата десница. Премиерот Цалдарис, за да ги прикрие вистинските причини на граѓанската војна, ги обвини северните соседи на Грција - Југославија, Бугарија и Албанија за мешање во внатрешните работи на Грција и помагање на партизаните и побара од Советот за безбедност да испрати анкетна комисија да ги испита овие наоди. Но ваквите тврдења беа демантирани од самите Грци и од сојузниците на Грција - Англичаните. Така, на пример, бившиот грчки министер за надворешни работи Јоанис Софијанопулос во изјавата до францускиот весник "Фран-тирер" од 3 декември 1946 година велеше: "Цалдарис за да се оправда зборува за sверства на македонските сепаратисти, сметајќи дека е згодно да се фрли кривицата врз балканските соседи на Грција". Карактеристична по тој повод беше и статијата во лондонски "Тајмс" од 23 ноември 1946 година, во која се велеше: "Денешната грчка влада им тврдеше на амбасадорите на Велика Британија и Америка, дека надворешното влијание е одговорно за денешните нереди. Овие надворешни влијанија - се тврди - се обидуваат да ја отцепат грчка Македонија и да ја приклучат кон една федерална Македонија. Ова тврдење, меѓутоа, има потреба од големо испитување. И како што може да се подвлече од настаните ваквото објаснување во никој случај не може да ја прикрие вистината. Владата се бори со тешкотии толку од политичките служби, колку и со работничките организации. Екстремистите од десницата предизвикуваат нереди во Пелопонез и постојат обилни индикации дека формираните вонредни судови го спроведуваат законот со особена пристрасност..."

Одјекот на борбите во Скра и Ошани на превојот меѓу планините Кожув и Пајак, како и тие во селата Мандалево и Мавреjново, на јужните поли на Пајак Планина, беше мошне голем во целиот западен свет. Во коментарите на грчкиот и наклонетиот на грчкиот режим западен печат од грчки воени експерти се изнесуваше мислење дека цел на партизаните со овие борби беше да ги стават под своја контрола проодите и ја изолираат Мегленската котлина од Солун и Воден и потоа лесно ќе ја окупираат. И уште дека оваа котлина ќе го реши

прашањето за нивното снабдување. Според истите експерти, оваа околија ќе послужи како отскочна даска за понатамошни акции за "отцепување на Македонија од телото на Грција" (В. "Македонија" од 27.XI.1946 година).

Акциите на ДАГ на Кожув и Пајак Планина предизвикаа сериозна вознемиреност на Запад, што можеше да се види и од контактите меѓу министерот за надворешни работи на САД Бернс со грчкиот амбасадор во Вашингтон, Дијамандопулос. Во британскиот Парламент група од 30 конзервативни пратеници побараа од владата да испрати на лице место анкетна комисија, додека министерот за внатрешни работи на Грција предложи да се испрати војска во Грција од неутрални земји на северните граници на Грција по примерот на Лигата на народите, која во 1925 година испратила свои луѓе на грчко-бугарската граница.

Француската телеграфска агенција телеграфираше на 26.XI.1946 година од Вашингтон, дека владата на САД ја разгледува можноста да испрати своја војска во Грција, додека една ескадрила од британската воена морнарица на Медитеранот се имаше упатено кон Солунскиот Залив. Владата на премиерот Цалдарис, под притисок на опозицијата, што ја напаѓаше за неспособноста да ја обезбеди внатрешната сигурност, се обраќаше до Советот за безбедност со жалба против северните соседи на Грција - Југославија, Бугарија и Албанија, откаде, наводно, беше организиран нападот против Грција.

3. Грчката жалба пред ООН. - Испраќање на Анкетната Комисија. - Настојување на САД и Велика Британија да ги искористат ОН како оружје за својата политика на Балканот

Обраќањето на Цалдарисовата влада до Советот за безбедност секако беше направено по сугестија на нејзините патрони од Вашингтон и Лондон. Со цел сандак "аргументи", што ги сочинуваа стари српски ордени од 1915 година, копчиња од униформи и изјави земени од затворениците под застрашување со смрт, ќе се обидеше пред светската организација да "докаже" дека причините за граѓанската војна во Грција се наоѓаат надвор од оваа земја и дека за грчката политичка криза беа

виновни Југославија, Бугарија и Албанија. Цалдарис за да ја прикаже пред светот Грција како “земен рај”во кој имаат голема благосостојба дури и Помаците, го организира доаѓањето дури во Њујорк на двајца побегнати од Бугарија Помаци, кои зборуваа за големата слобода во Грција и за “пеколот” во Бугарија.

Беше повеќе од очигледно дека и Велика Британија и САД беа живо заинтересирани да ја наклонат светската организација, првата да го оправда понатамошното останување на својата војска во Грција, а втората да ги зацврсти своите позиции во Грција, која традиционално беше британска сфера на влијание. Плановите на американската влада на Труман за интервенција во Грција ги откриваше весникот “Дејли њус” на 29 ноември 1946 година, кога пишуваше: “Во Медитеранот Америка располага со јака морнарица, која таму ќе остане до неодредено време за да го обезбеди британскиот важен пат за Далечниот Исток, доколку тој пат би бил загрозен од Русија... Постои опасност да се создаде во Грција една нова шпанска војна, што ќе ни дозволи и ние да интервенираме онака како што направија Германците и Италијаните и Русите во Шпанија”.

Американскиот претставник во Советот за безбедност, Остин, малку подоцна беше уште покатегоричен кога изјави дека неговата земја ќе интервенира со сила. А весникот “Њујорк пост” ненормалната ситуација во Грција му ја препишува “на антагонизмот меѓу Велика Британија, која во Грција држи на власт еден фашистички режим и на Русија, која од друга страна, држи на власт еден комунистички режим во Полска”.

По долги и жестоки дискусии во Советот за безбедност на крајот дојде до формирање на специјална анкетна комисија, која беше испратена во Грција, се разбира, не да ги испита причините за граѓанската војна исклучиво во Грција – како што се предвидуваше со предлогот на делегатите на Советскиот сојуз и земјите со народна демократија, туку Комисијата по настојувањата на делегатите од западниот блок се здобиваше со правото да изврши анкета и во Југославија, Бугарија и Албанија, чија наводно жртва беше Грција.

Во почетокот на февруари 1947 година Специјалната анкетна комисија, составена од делегати на Австралија, Бразил, Кина, Франција, Мексико, Холандија, Пакистан и на Советскиот Сојуз, Велика Британија и САД и од наблудувачи на Југославија, Бугарија, Грција и Албанија (четирите заинтересирани земји), пристигна во Атина. За седиште на Комисијата, додека таа ги вршеше своите работи во Грција, беше одреден Солун, а потоа, Комисијата крајниот извештај да го состави во Женева, што подоцна ќе го поднесе пред Советот за безбедност и пред Генералното собрание на ООН.

Во главниот град на Грција, Атина, специјалната комисија на ОН беше пречекана со истакнување од страна на антифашистичката организација ЕАМ на една огромна осветлена парола со следниот текст: “ДА СИ ОТИДАТ АНГЛИЧАНИТЕ ОД ГРЦИЈА!”. Тие исти денови со пристигањето во Грција на Анкетната комисија се случи друг еден настан, со кој се разобличуваа сите тврдења на владата во Атина за наводно мешање однадвор во грчките работи. А тоа беше една успешна акција на ДАГ во градот Спарта, на Пелопонез, при што беа ослободени од Централниот затвор 300 политички затвореници.

Комисијата, за побрзо изведување на анкетата формира 4 екипи, кои се ангажираа на по еден сектор во Егејска Македонија, каде ги испитаа станатите инциденти. За непристрасниот наблудувач не постоеше сомневање дека Комисијата со едно мнозинство на членови, послушни на САД, следствено благонаклонети и спрема американскиот штитеник - Грција, немаше да се обиде да ги открие вистинските причини и вистинските виновници за граѓанската војна. Претставуваше вистинска трагикомедија начинот на кој екипите ги “испитуваа” инцидентите на лице место. Пред поаѓањето за означеното место ројалистичката војска, полицијата и џандармеријата го подготвуваа “теренот”, а потоа пристигнуваше групата на ООН за да ги ислуша веќе инструираните од луѓето на режимот лажесведоци и провокатори, кои декламираа однапред приготвени обвинувања против Југославија, Бугарија или Албанија. Доколку некој член од Комисијата имаше и најелементарно чувство на одговорност спрема својата мисија, требаше да си го постави прашањето: кој

демократски граѓанин ќе се осмели пред таква охрана од војска и полиција да излезе пред екипата на ООН и ја изнесе вистината без да помислува,на последиците по својот живот уште на другиот ден од заминувањето на претставниците на ООН? Меѓутоа, и под таквите услови се најдоа и решени на смрт Македонци и Грци, потполно свесни за она што утре ги очекува. Излегоа пред Анкетната комисија и ги изнесоа условите на терор, убиства и погроми, што ги организираше официјалниот режим преку провладините фашистички воени формации против демократските граѓани, а пред се против Македонците. Такви беа лицата Манавис, Панакидис, Цереос, Михаилидис и многу други, осудени од режимот на смрт.

Тука заслужува да се спомене и подвигот на групата од 161 Македонец од Леринско, затворени во логорот "Павлос Мелас", во Солун, кои до Специјалната анкетна комисија испратија протестно писмо, по повод клеветите на сведокот Валтадорос, кого грчката влада го помилува за да сведочи против организацијата НОФ.

"Одвратна клевета – се вели во писмото на затворениците од Леринско, е тврдењето дека НОФ и воопшто дека Словеномакедонците бараат автономна Македонија. Во сите војни се боревме заедно со грчкиот народ. Се боревме и во Албанија, сите ние сме, а и нашите деца на првата линија во одбрана на интегритетот и независноста на Грција, зашто верувавме во една Грција слободна и демократска во која и ние Македонците ќе ја добиеме својата рамноправност."

"Во времето на тројната окупација - продолжува писмото, се боревме во редовите на ЕАМ - ЕЛАС за ослободување на Грција од тројниот окупатор. Немилосрдно ги удривме охранитите и ги ликвидиравме, а денес се бориме заедно со грчкиот народ за слободата и независноста на Грција и демократијата и за нашата рамноправност во рамките на грчката држава..." На крајот од писмото 161 македонски затвореници од Леринско во логорот "Павлос Мелас" во Солун, апелираат до Анкетната комисија да ги посети во логорот "Павлос Мелас" за да види таа од близу за што се борат и гинат денес Македонците, а не таа да се опира исклучиво на

инструираните лажесведоци. (В. "Зора" од 15. 4. 1947 годипа, орган на Окружниот одбор на НОФ за Леринско).

Во времето на престојот на Анкетната комисија во Солун, организацијата НОФ преку окружните комитети испрати до оваа Комисија повеќе меморандуми и друг документационен материјал, во кој подробно се изнесуваа податоците за теророт над демократското население. Окружниот одбор на НОФ од Воденско освен меморандумот кој успеа да го предаде на Анектната комисија, по повод престојот на комисијата во Македонија издаде и посебен број на весникот "Победа" (февруарски број) со отворено писмо до ООН и на 10 страници објави списоци со имиња и презимиња на убиени, затворени, интернирани демократски граѓани, како и за злосторствата што против демократското население во Округот го вршеа наоружените банди колаборационисти на полицијата и војската.

Владата на Максимос, која во меѓувреме го наследи кабинетот на Цалдарис, направи се за да прикаже пријатна фасада за обминување на Анкетната комисија. Голем број затвореници беа пуштени врз основа на декретот за "растеретување" на затворите. Некои логори на интернирци беа разместени. Британскиот вицеконсулат што специјално беше отворен во Лерин за организирање на автономистичко движење, и уфрлување на агенти во Југославија, наемници од воените злосторници што пребегнаа во Грција, уште пред доаѓањето на Анкетната комисија беше затворен, како и логорите на пребегнатите бандити од Југославија и Албанија во Грција и тие беа затворени.

Какви размери имаше лакрдијата што ја организира грчката влада со лажесведоците, кои ги доведе пред Анкетната комисија под застрашување на смртна казна, ни сведочи следниот дијалог меѓу албанскиот претставник, полковникот Керенези, и владиниот сведок Валтадорос, регистриран во протоколот од 36-та седница на Комисијата.

Прашање: Дали вие бевте единствениот осуденик или постоеше група на луѓе на кои истовремено им е судено?

Одговор: Заедно со мене беа изведени пред суд уште четворица.

Прашање: На каква казна беа осудени тие?

Одговор: Сите беа осудени на смрт.

Прашање: Каде се другите лица што беа осудени на смрт?

Одговор: Веќе се стрелани.

Прашање: Можете ли да објасните, зошто тие четворица - вашите другари се погубени, а вие уште сте жив?

Одговор: Не можам да објаснам, но мислам дека сум уште жив за да можам да дојдам тука за да сведочам за вината на нашите соседи...

Иако задача на Специјалната анкетна комисија беше да се сретне и со генерал Маркос, белгискиот делегат, чија екипа требаше тоа да го реализира, тоа систематски го оневозможуваше. Тој направи неколку екскурзии во Западна Македонија секогаш со предходница од една бригада војска, што фактички оневозможуваше секаков контакт. Единствено делегатите на Советскиот сојуз и Полска со претставниците на Југославија, Бугарија и Албанија изразуваа желба да се реализира тој контакт и една иивна екипа се состана со генерал Маркос на планината Хасија. Тука претставниците на светската организација од прв извор ги дознаа причините за граѓанската војна во Грција и се запознаа со условите што ги поставуваше демократското движење на Грција за нормализирање политичката ситуација во земјата.

Во специјалното интервју што го имаше генерал Маркос со претставниците на споменатите земји, покрај објаснувањата што ги даде шефот на ДАГ за целите на борбата, се осврна и на клеветите на реакцијата против македонската организација НОФ: “НОФ - истакна генерал Маркос - е ЕАМ на Словеномакедонците. А Словеномакедонците себе се наречуваат припадници на словеномакедонското малцинство, што живее во Егејска Македонија. Програмата на НОФ е

идентична на програмата на ЕАМ. Нивните цели се исти, методите на борбата еднакви. Но, Словеномакедонците отсекогаш крвареа и патеа повеќе одошто Грците. На нив отсекогаш им било потешко отколку на нас и тоа како во текот и после оваа војна..." (Оскар Давичо "Са Маркосовим партизанима", стр. 96).

Кон крајот на април 1947 година, по два безплодни месеци престојување во Грција, Комисијата, по барање на грчката влада, изврши испитување на сведоци во Југославија и Бугарија. Грчките обвинувања против Југославија се состоеја во наводното постоење на организациона мрежа на НОФ во Скопје и Битола, која наводно раководела со партизанските групи во Егејска Македонија. Сведоците предложени од грчката влада: Пататукас, Менсуракис и Бопчис при своето сведочење правеа такви збрки во однос на појмовите за НОФ и одборите за згрижување на бегалците од Егејска Македонија, што принудија повеќе членови на Комисијата да изјават дека таквите изјави се лишени од секаква вредност.

Во протоколот од 57-та седница, на страна 12, се наоѓа изјавата на колумбискиот делегат, Орутиа, кој рече: "Сосем е бескорисно да се ислушува Бопчис. Отпрвин сведокот ни дава еден исказ, а потоа сосема друг исказ. Некои делегати сметаа дека тој си допушта лажно сведочење. А други делегати говорат дека тие воопште не се заинтересирани, бидејќи неговите искази немаат никаква вредност". (А. Вишински "О такозвавом грчком питању, ратној пропаганди и ратним хушкачима", стр. 62.)

Специјалната анкетна комисија уште еднаш ја манифестираше својата пристрасност при составувањето на конечниот текст од својот извештај во Женева. Покрај непобитните факти до кои дојде во сама Грција за вистинските причини на грачката драма, таа ги огласи за виновни северните соседи на Грција, Југославија, Бугарија и Албанија. Меѓутоа, не можеше и да премолчи еден факт, имено, дека во Грција се спроведува еден режим на терор и прогонувања на малцинствата.

По грчкото прашање и врз извештајот на Специјалната анкетна комисија се занимаваше Генералното собрание на ООН во јули 1947 година. На седницата на Советот за безбедност од 8 јули истата година советскиот делегат Андреј Громико остро го нападна извештајот на Анкетната Комисија, кој беше поднесен на одобрување. Громико ја обвини грчката влада и нејзините заштитници - САД и Велика Британија за смислено организирање на инциденти на северните граници на Грција: "Внатрешната ситуација во Грција - истакна Громико - како што може да се види од извештајот, со засилувањето на борбата меѓу грчкиот народ и антидемократските сили, групирани околу денешната влада, е главниот фактор што ја создаде затегнатата ситуација во северните погранични области".

Во предложената советска противрезолуција спрема англоамериканската, се бараше: 1) грчката влада да преземе мерки да ги спречи инцидентите на границата спрема Југославија, Бугарија и Албанија; 2) да се воспостават нормални дипломатски односи меѓу Грција, од една страна, Југославија, Бугарија и Албанија од друга страна; 3) Владите на Грција, Југославија, Бугарија и Албанија да го решат прашањето на бегалците во дух на разбирање; 4) Грчката влада ќе треба да ги преземе неопходните мерки за отстранување на секаква дискриминација кон граѓаните од македонската и албанската националност, кои живеат во границите на Грција и да им се даде можност да го говорат својот мајчин јазик, и ја развиваат својата национална култура.

На крајот од советската предлог-резолуција се бара повлекување на странските војски од Грција. Но, надмоќната гласачка машина на англоамериканскиот табор во ООН (Советот за безбедност) ја изгласа американската резолуција, со која се предлага формирање на постојана Балканска комисија за регистрирање на пограничните инциденти. Оваа комисија која беше наметната со споменатата гласачка машина, се до крајот на граѓанската војна во Грција, ниту еднаш не регистрира инцидент што го предизвикаа грчките оружени сили против северните соседи на Грција и се експонирра како орудие на САД на Балканот.

Самото усвојување на американската резолуција во Советот за безбедност, меѓутоа, не значеше дека делегатите дури и оние наклонети кон САД, беа убедени во тврдењето дека причините за граѓанската војна во Грција се наоѓаат надвор од границите на Грција. Норвешкиот делегат, на пример, карактеристично изјави, дека според негово мислење, доказите што и беа претставени на Анкетната комисија не беа достатни за да дозволат да се констатира без сомневање дека владите на Југославија, Бугарија и Албанија им пружиле директна помош на грчките партизани и оти ја повредиле Повелбата на ООН...”

Францускиот делегат Делбос, истакна: “Не можам да кажам дека југословенската, бугарската и албанската влада им дадоа помош на грчките партизани, што според нашето мислење, тоа не се докажа, а сомневањата не се докази, додека причините за безредијата треба да се бараат во самата Грција...” (Пак таму) Дури и белгискиот делегат Спак, кој речиси, најмногу им угодуваше на Американците, изјави: “Не можам да речам дека може да се потврди оти северните соседи на Грција се потстрекнувачи на граѓанската војна во Грција...” (Кони Зилјакус “Интервенции во Грција” во в. “Махи” од 20.5.1950 година, одломка 10 и 11).

ГЛАВА ДЕВЕТА - Пролетна офанзива

Гледајќи ја безизлезната ситуација во Грција и сведувањето на нула на двегодишните усилби за стабилизирање на реставрираниот десничарски режим во Грција преку една брутална интервенција во внатрешните работи на Грција од страна на Велика Британија, во почетокот на март 1947 година, британската лабуристичка влада и јавно се откажа од понатамошното финансирање на грчкиот режим. Меѓутоа, владата на САД во никој случај не беше решена да ја испушти од свои раце Грција, која без надворешната интервенција ќе се помирше со победата на демократските сили во земјата, што ќе ја воведеше во фамилијата на балканските народни републики.

Конкретно, на 12 март 1947 година, со својот говор во Конгресот претседателот на САД, Труман, ги изнесе плановите на својата влада за интервенција и ангажирање во Грција и со говорот на Труман, познат во политичките и дипломатските анали како "Труманова доктрина", се правеше првиот американски чекор на отворена интервенција во Грција. Американската влада веднаш и изгласа помош на Грција од 350 милиони долари, што, всушност, претставуваше апсолутно презирање на Организацијата на ООН и игнорирање на сопствените задолженија пред и во рамките на светската организација, како нејзина членка. На реагирањата во круговите на светската организација и надвор од неа, американската влада се обиде да го оправда својот став со следната изјава: "Владата на САД ја почитува ООН и ако мнозинството во Генералното собрание или во Советот за безбедност реши за промена на политиката, САД би го прифатиле тоа решение..." Ваквата изјава на американската влада, меѓутоа, беше базирана на голиот факт дека Генералното собрание ќе се помири со свршениот чин и дека благодарение на потчинетоста на Велика Британија, Франција и другите земји што зависеа од САД поради обилната економска помош од нив, долго ќе го држат мнозинството на гласовите во оваа светска организација.

Колку, впрочем, вистина и искреност имаше во зборовите на претседателот Труман, кога на заседанието на Конгресот од 12 март 1947 година велеше: "Имаме за цел да ги помогнеме

слободните народи кои се спротивставуваат на оружените малцинства, или на надворешен притисок”, говорат следните факти:

Од планот за интервенција што беше подготвен од американски експерти како програма за економска помош - воената помош сметана како второстепен фактор, уште од првиот чекор на неговото спроведување излегоа на видело вистинските намери на САД. Со американската помош на Грција се екипираше пред се една грчка армија од 200.000 војници со, исто така, цела една армија од штедро платени агенти и “советници” Американци. Војската во операциите ја водеа фактички американски офицери, такашто еден американски воен дописник карактеристично беше напишал: “Всушност САД раководат со граѓанската војна во Грција, што порано ја финансираа...” Дека САД се наоѓаа во Грција не заради грчкиот народ, туку исклучиво за своите интереси, Томас Рејнолдс во една телеграма до “П. М.” во Њујорк, со дата од 15 декември 1947 година, пишуваше од Атина: “Американскиот експеримент во Грција предизвика многу поголема интервенција од каква и да било интервенција во друга земја во Европа. Основната цел на САД е секако да спречат Грција да падне во руската орбита што би му отворила на Советскиот. Сојуз еден прозорец кон Медитеранот”.

Како што може, значи, да се види не беше во прашање благосостојбата на грчкиот народ, туку Медитеранот и Средниот Исток со богатите нафтоносни извори, што ги сакаа сега како свој забран, американските трустови и магнати. Американската интервенција во Грција доаѓаше како продолжување на старата англиска политика од времето на Кримската војна, имено, да се спречи Советскиот Сојуз да го прошири своето, влијание кон Блискиот и Средниот Исток, со што би се загрозиле економските и стратешките интереси на Велика Британија и сега на САД.

1. Пролетната офанзива

Со обезбедувањето на штедрата американска економска помош и со паралелната американска интервенција, грчката влада во почетокот на април 1947 година можеше да ја започне долго рекламираната пролетна офанзива, со цел да постигне едно конечно пресметнување со Демократската армија на Грција.

Претходните месеци на подрачјето на Егејска Македонија, каде се наоѓаа постојаните бази на ДАГ, грчката регуларна војска со изненадни напади по селата, го принудува населението да ги напушти своите села и ги концентрира во градовите или во поголеми села во непосредна близина на своите воени гарнизони. Во тој дух беше издадена и наредбата на министерот за внатрешни работи Наполеон Зервас, која уште од февруари 1947 година беше растурена по селата и ја навестуваше безмилосната евакуација на селата во внатрешноста, со што се осудуваа на пропаѓање имотите на селаните.

Целите на генералштабот на регуларната војска во квечерината на пролетната офанзива беа: а) со насилното испразнување на селата ДАГ да се лиши од нови резерви на борци, што понатаму ќе биде најболна точка на ДАГ и од фатално значење, б) да ја лиши од природните извори на снабдувањето со храна, бидејќи селата беа главните и единствени снабдувачи на ДАГ со храна и в) да ги пресече врските за известување и да се ликвидира известувачката мрежа на ДАГ, која главно е изведувана пак од селаните.

Како што ќе видиме и понатаму, горната Зервасова мерка, навистина и за режимот го создаде тешкиот проблем на евакуираните селани и бегалци, меѓутоа, за ДАГ последиците од тоа беа повеќе од катастрофални. Во иднина ДАГ ќе биде принудена да води борби често со пролевање на обилна крв за своето снабдување со храна, многу операции ќе ги изведува без неопходните информации за непријателот, а необезбедувањето на потребните резерви со нови борци, ќе биде и една од главните причини за нејзиниот пораз.

Од друга страна, во градовите и селата контролирани од владините сили, започнува еден нов бран на терор, убиства и депортации на демократското население, со цел да се искорени секаква база на демократското движење во тилот на војската, која како што рековме, се подготвуваше за големата пролетна офанзива против ДАГ. Припадниците на провладините националистички организации, комплетирани од бивши соработници на окупаторите, апсат и убиваат, или го малтретираат мирното население. "МАИ-тите - пишува дотогашниот премиер на 5 јуни 1947 година бившиот министер Бурдарас - секој ден убиваат граѓани кои немаат никаква врска со партизаните, тие ги кршат главите на жените и на сегде сеат пустош и страв во такви размери што мнозина од луѓето се принудени да пребегнат во планините". (La verité sur la Grece. – "Livre bleu" стр. 38).

Од полициски агенти во Солун уште додека тука престојуваше Анкетната комисија на ООН, на сред бел ден е убиен членот на ПБ на ЦК КПГ и претставник на ЕАМ при Анкетната комисија Јакис Зевгос. Постојат сериозни факти според кои во ова политичко убиство беа замешани прстите на министерот за јавниот ред, Зервас. (Писмо на еден од учесниците во атентатот на име Сидиропулос, објавено во " Livre bleu" стр. 32). Во Ениџевардарското село Крушари преку предавство се убиени двајца раководители на НОФ – Тодор Дојчинов - Морава, секретар на Окружниот одбор на НОФ за Ениџевардарско и реонскиот раководител Павле. (Подробности за убиството на Морава читај во списанието "Иднина" од август 1950 година под наслов "Смртта на капетан Морава" и во в. "Глас на Егејците" од април 1953 година. Извештај на раководството на НОФ за Енице-Вардарско).

Долната таблица, поднесена на првата земска конференција на НОФ на 20 мај 1947 година, дава подробни податоци и една рељефна слика за теророт и вистинскиот геноцид против македонското население во Егејска Македонија, како и билансот за неговите жртви од денот на склучувањето договорот на Варкиза (12. 2. 1945 година) до крајот на април 1947 година:

Жртви:	Костурско	Леринско	Воденско	Гуменџе	вкупно
1. убиени	56	90	74	48	268
2. изнасилени жени, девојки	42	96	150	9	297
3. затворени	596	3083	2057	814	6550
4. минале по судови	320	1507	1952	436	4215
5. осудени	285	1214	1305	436	3240
6. интернирани	122	509	552	115	1298
7. малтретирани	1396	10280	1085	1082	13816
8. полуделе од тепање	5	5	2	1	13
9. изгорени куќи	110	(нема подат.)	813	968	1891

(Забелешка: таблицата не е комплетна, бидејќи ги нема податоците за Негушкиот сектор и за Егејска Македонија од левата страна на реката Вардар. Исто така во анкетата не се внесени податоците за ограбените имоти во овој период, на чеизи, скапоцености, за грабнување на стада овци, кози и крупен добиток, како и уништувањето на 45 села, чии жители беа насила одведени од нивните домови).

Под вакви услови, впрочем, услови на масовни погроми, Врховниот штаб на грчката регуларна армија на 9 април 1947 година ја започнуваше пролетната офанзива. Во тој период ДАГ од одделните одреди и чети израснуваше во баталјони, кои како и одредите се раководат од окружните штабови на ДАГ, именувани по името на планината каде се отседнати. Врховен раководен орган е Главниот штаб на ДАГ, формиран на 28 октомври 1946 година. Вкупната сила во борци на ДАГ во квечерината на непријателската офанзива е околу 25.000 борци, вооружени главно со лесно оружје.

Главниот штаб на ДАГ благовремено ја сфати целта на пролетната офанзива, која предвидуваше: партизаните да се притиснат кон северните граници на земјата и да се префрлат во соседните земји со народна демократија. До колку владата преку војската го постигне тоа макар и делумно, ќе има аргументи да се оправда пред светската јавност и грчката, дека е невозможно да се ликвидира партизанското движење, штом партизаните пребегнуваат во соседните земји, каде освен азилот

се реорганизираат, наоружуваат и пак се враќаат на грчка територија. Меѓутоа, Главниот штаб на ДАГ ги насетува тие намери на владата и Генералштабот на регуларната армија и за да ги лиши од прижелкуваните аргументи уште во февруари истата година го наредува продирањето на баталјоните на ДАГ од подрачјата Пајак - Кајмакчалан, Каракамен и од Вич Планина кон Тесалија и Јужна Грција. Овој продор кон југ, по тврдењето на компетентните фактори од ДАГ имаше за цел да се омасови партизанското движење и во Јужна Грција, кое во тој поглед многу заостануваше од Македонија. Меѓутоа сите овие операции беа изведени без посебна подготовка на духовите кај македонските борци и населението од овие области, па сето тоа дозволи да се направат негативни заклучоци во однос на намерите на ДАГ и раководството на КПГ во однос на Македонците. Конкретно: продорот на ДАГ од Македонија кон Грција доаѓа непосредно по обединувањето на македонските и грчките партизански единици. Освен тоа, штом овие единици стигнаа на чисто грчки терен веднаш македонскиот кадар е заменет со грчки, што предизвика огорчување кај македонските борци. Некои од борците што отворено го манифестираа своето негодување дури беа и стрелани (каков што беше случајот со Ѓорѓи Милев од село Цакони, Мегленско), а некои борци и офицери на ДАГ не можејќи да го поднесат тоа понижување дури се решија и на дезертерство како што беше случајот со мајорот Адраманов од село Пателе, кој беше мајор на ДАГ на Кајмакчалан и во април 1947 година дезертира во Тесалија и се предаде на регуларните единици.

2. Почеток на офанзивата

Во првите денови на офанзивата, главнината на ДАГ е затечена на теренот: Козјак – Аграфа во Западна Тесалија. Цел на владината војска беше во првата фаза на операциите да се заобиколат што поголеми единици на ДАГ на означениот терен. Тука уште на 9 март 1947 година Првиот корпус на регуларната војска започнува операции за чистење од двете страни на патот Ламија - Карпениси. Борците на ДАГ од овој терен го осуетуваат опколувањето и се префрлуваат во позадината на непријателот на теренот Навпактија и Дорида, така што Првиот

корпус голем дел од своите сили мораше да ги ангажира за обезбедување на своите комуникации во позадината.

Главните операции се започнати на 22 април и во нив учествуваат околу 12.000 војници од пешадијата, одделно од артилеријата и авијацијата. Операциите се водат на терен чиј периметар изнесува околу 300 км. А според владините соопштенија на истиот терен се затекнале околу 3000 до 3500 борци на ДАГ. Ако Врховниот штаб на регуларната војска не ги реализира со успех своите цели, имено, опколувањето и уништувањето на единиците на ДАГ на ова подрачје, тоа се должи пред се на следните околности:

а) Главниот штаб на ДАГ не дозволи да биде изненаден и имаше достатно време да го изготви својот контраплан.

б) Во тоа време ДАГ имаше одлична известителна служба по селата на целата територија.

в) Малите формации и лесното оружје и дозволуваа на ДАГ послободно да маневрира, да ги избегнува концентричните удари на противникот и

г) Планинскиот терен со различните висини како и лошото време кое владееше додека траеше првата фаза од офанзивата не и дозволуваа на авијацијата да изврши успешни летови.

Така, загубите на ДАГ според владиното соопштение од 25 април 1947 година, изнесуваа: 651 убиени, 84 заробени, 414 исчезнати и 117 предадени, или вкупно 1266. Од владината страна освен џандармеријата имаше убиени 31, фатени и ранети 80 или вкупно 111. Меѓутоа, според соопштението на штабот на ДАГ за Тесалија, на чиј терен се водеа операциите, за загубите од двете страни се дадени следните бројки, кои изгледаат и поверодостојни: од ДАГ убиени 130, ранети 42, пленици 39, вкупно 211. Од владината војска: убиени 219, ранети 294, пленици 19, онеспособени од замрзнување 130, или вкупно 662. Во исто време беа уништени камиони 22, тенкови 3 и мобилизирани 300 нови борци. (1 Весник “Ризоспастис”, орган на ЦК КПГ, од 13.V.1947 год.)

Втората фаза од пролетната офанзива започнува на 11 мај 1947 година и се води на еден хоризонтален фронт од околу 250 км. Од Мечово, на запад се до Еласона на исток. Во оваа фаза на операциите интимна цел на владините сили не е повеќе заобиколувањето на ДАГ и нејзиното уништување, туку едно чешлање на теренот и истиснување на единиците на ДАГ кон север. Во овие операции учествуваа околу 30 баталјони, потпомогнати и од други единици.

а) Со потиснувањето на единиците на ДАГ кон север ќе се обезбедат нови бази, што подоцна ќе се користат како отскочна даска за идната трета фаза на операциите; б) партизаните ќе се лишат од важните стратешки пунктови и резервоари за храна и нови борци; в) ќе се прекине врската меѓу штабовите на Западна Македонија и Тесалија. Операциите според предвидениот план завршија на 19 мај. А кон средината на јуни владината војска го проширува секторот на операциите и на планината Олимп. Резултатот: владината војска, благодарејќи на големиот број и обилните средства ја реализира својата цел да ги заземе одбележените терени, но не успева и да ја ликвидира ДАГ, која се појавува на нови терени. Не е впрочем, постината главната цел - да се истисне ДАГ во северните соседни земји, што би и дало на грчката влада и нејзините патрони аргументи, со што би се олеснила положбата на грчката влала при разгледувањето на грчкото прашање во Советот на безбедност.

Кога се дава оценка на Пролетната офанзива на владината војска, треба да се има предвид дека не беше и многу лесен потфат и не помина и без осетни реперкусии и за ДАГ. При маневрирањето на ДАГ на планинскиот масив Њала, голем број борци настрадаа од замрзнување, додека цел еден одред под команда на Карцјотис беше десеткуван од владините трупи при обидот повторно да се врати на теренот од планината Козјак. Слични загуби претрпе ДАГ и при нападот на градот Гребена, замислен како обид да се изврши притисок на непријатедот во текот на третата фаза од пролетната офанзива. Бившиот член на ЦК КПГ и министер по земјоделство во Привремената демократска влада, Д. Вландас во својот преглед за дејноста на

ДАГ на генерал Маркос, како на врховен командант на ДАГ во врска со пролетната офанзива од 1947 година му ги припишува следните пропусти:

а) дека Маркос во почетокот на 1947 година им даде наредба на единиците на ДАГ на масивот Хасија и Антихасија да заземаат позиции надвор од периметарот на слободната територија во оваа област и на тој начин овие единици се најдоа заковани во своите места и тоа не им дозволи да развијат активност.

б) додека спротивно на линијата на Партијата, Маркос наместо да заседен во Северна Грција и таму да ги концентрира силите на ДАГ, од каде на непријателот би му се задал првиот стратешки удар, тој ги дигна елитните единици на ДАГ од Северна Грција и ги упати на југ со намера во близината на Атина да се сретне со Анкетната комисија на ООН.

в) дека Маркос е директно виновен за разбивањето на одредот на Карцјотис, бидејќи од Генерал Маркос му беше заповедано по секоја цена да се заземе масивот на Козјак.

г) дека тогаш Главниот штаб со генерал Маркос не ја разбра главната цел на непријателската офанзива, која според Вландас, не беше концентрирана за уништувањето на ДАГ, туку за искоренување на селското население од планинските подрачја, за да ја отсечат ДАГ од народот, од изворот на нејзината сила и

д) дека во август 1947 година Главнитот штаб со маневрирањето кон Загоријата, во Епир, наместо да се врати со главнината на силите на ДАГ пак кон Западна Македонија и Западна Тесалија, требаше да го нападне градот Јанина, кој во моментот не располагаше со неопходните монархофатшистички сили за одбрана и ефектот од тој успех на ДАГ ќе беше неоценлив.

Не можеме да не признаеме дека во оваа критика има повеќе правилни оценки како што е, на пример, погрешното маневрирање кон Загоријата и повторното враќање кон Западна Македонија и Тесалија, или распоредувањето на тесалиските единици на постојани неподвижни позиции пред пролетната

офанзива. Меѓутоа, сметаме дека и ставот на раководството на КПГ што го зема под заштита Вландас за концентрирањето на силите на ДАГ во Северна Грција беше од основа погрешен. Не може да се одрекне позитивното значење на зафатот на Главниот штаб на чело со генерал Маркос во пролетта од 1947 година поголемиот дел од единиците на ДАГ да се упатат кон Тесалија - Румели, каде во тоа време движењето беше се уште многу слабо, а и ДАГ имаше поголем простор за маневрирање во текот на пролетната офанзива. Исто така Вдандас го потценува ефектот што го имаше потфатот на Маркос да се сретне со членовите на Анкетната комисија не на северните граници на Грција, туку напротив во близината на грчкиот главен град. Звучи, исто така, многу необјективно кога се тврди дека главна цел на противникот беше во времето на офанзивата да го истреби селското население од планинските подрачја. Таа злосторничка акција на министерот за внатрешни работи, Зервас, што ја спроведе регуларната војска уште еден месец пред започнувањето на операциите претставуваше дел и тактички потег на Врховната команда во врска со офанзивата, но не и крајна цел. А што се однесува до критиката за непослушноста на Маркос Вафијадис да ги концентрира силите во Северна Грција кон границата, подоцнежните настани од 1948 година, сметаме дека наполно го оправдаа генерал Маркос, како што го оправдаа и неговото гледиште дека на ДАГ не и се потребни гломазни, големи формации, туку мали подвижни единици што ќе можат лесно да се движат и да дејствуваат на теренот што тие ќе го сметаат за најпогоден за нив.

Во секој случај, покрај сопствените субјективни или објестивни слабости во времето од 31 март 1946 година се до 15 септември 1947 година, ДАГ регистрира активност со која на противникот му нанесе загуби кои ни најмалку не се за потценување. Тоа, впрочем, е и периодот кога при постоењето на една правилна марксистичка политика на раководството на КПГ, тој ќе беше најблагопријатен период за развојот на оруженото востание и што ќе можеше да и даде сосем подруг тек и крај на граѓанската војна во Грција.

Според една статистика од освртот “Три и пол години дејност на ДАГ” (во списанието “Неос космос”, септември 1950 година, стр. 601-602) во времето од 31 март 1946 година до 15 септември 1947 година, ДАГ ги регистрира следните поважни акции: борби и судрувања со непријателските формации - војската и џандармеријата и МАИ-те - 593, убиени непријатели: 4.874, ранети: 2.061, пленици: 1.329, предадени 92, или вкупно 8.356. Нанесени штети на непријателот: уништени тенкови 17, авиони 6, топови 1, локомотиви 14, вагони 11, минирана железничка линија 6.248 метри, мостови 68, уништена телефонска линија 1.640 метри. Запленети: големи минофрлачи од 81 мм. 38, со 1.268 зрна, а мали минофрлачи 57, митралези 10, пушкомитралези 342, пушки 2.741, полуавтомати 323, револвери 36, рачни бомби 1.757, радиостаници 44, телефонски апарати 6, коњи 571 и друг плен.

Со успешните операции на партизанските одреди, меѓу другото е постигнато и ликвидирањето на монархофашистичките банди и џандармериските станици - мачилишта за демократските граѓани, додека самите банди беа составени од крволочни соработници на окупаторот, кои останаа живи и го избегнаа народниот суд единствено со заштитата на британските интервенти и реставрираната влада од избеглиштво, која и самата дојде на власт благодарејќи на англиските тенкови.

Периодот од 31 март 1946 година до септември 1947 година се смета дека беше најпогоден за развојот на оруженото движење дури и за преземањето на власта, меѓутоа, тоа повеќе од субјективни причини не беше реализирано. Врз тие причини фрла извесна светлина дискусијата на VII пленум на ЦК КПГ од април 1957 година.

Во текот на речиси, целата 1946 година високото раководство на КПГ го карактеризира една апатија спрема драмата што ја преживуваа обичните членови и бивши борци на ЕЛАС. Дури и во првите месеци од 1947 година, кога кадровите од позадинските комитети го поставија прашањето дали треба да се оди кон заземање на власта, ставот на Захаријадис е: “сега засега не одиме кон земање на власта. Ќе видиме можеби во 1948 година”. За сето тоа време раководството на Партијата

зборува дека примарните задачи на КПГ се економските проблеми, помирувањето. Им се забрануваше на борците од ЕЛАС да излезат партизани и оние од нив што на тоа настојуваа поради неподносливиот терор од монархистите, се наречувани малодушници, сомнителни провокатори. Токму во тој период, меѓутоа, на лице место беа сите услови ДАГ да прерасне во војска од преку 60.000 борци. (Од дискусијата на Маркос Вафијадис на VII пленум на ЦК КПГ од април 1957). (Списание "Неос космос" април-мај 1957 година).

Горното го потврдува во својата дискусија Леонидас Стрингос на истиот пленум на ЦК КПГ.

"Во тоа време - истакна Стрингос - противникот располагаше само со пет дивизии од по 2.000 војници со по 32 митралези секоја, што значи вкупно околу 10.000 војници со 150 митралези. Ако нашата Партија - продолжува Стрингос - во текот на 1946-47 година со едно вешто манипулирање со работите се определеше за оружена борба, со една цврста политика за мобилизација за зголемување на воените ефективи, прашањето на резервите - едно од најважните прашања, ќе беше правилно и навреме решено... Но, тогаш Захаријадис ни изјави дека нашите сили во Македонија не ќе треба да се повеќе од 2.000 борци. И колку минуваше времето, прашањето за резерви стануваше се потешко..." (пак таму стр. 86.).

Значи во услови на разидување во самото раководство на КПГ во врска со курсот на Партијата во однос на вооружената борба, а и покрај субјективните слабости на раководниот кадар на ДАГ во поглед на воената вештина и тактика при водењето на вооружената борба против владината војска, џандармеријата, МАИ-те итн. неоспорен е растежот на ДАГ. Летото од 1947 година, особено по стразбуршкиот состанок на комунистичките партии од јули истата година, кога грчкиот делегат Милтијадис Порфирогенис ја фрли паролата за формирање на слободната територија на привремената влада, Главниот штаб на ДАГ на чело со генерал Маркос веќе донесува неколку историски одлуки што го означуваа почетокот на формирање народна власт на слободната територија.

На 10 август 1947 година се донесени првите акти на Главниот штаб на ДАГ кои се однесуваат на народната власт под заглавие: “Πράξεις καί άποάσεις του Γενικου άρχείείού του ΔΣΕ” јули-август 1947 и свеска II од “Πράξεις καί άποάσεις...” септември-октомври 1947 година. Тука заслужува да се подвлече следниот факт. Она што раководството на движењето на отпорот во Грција во времето од 1941-1944 година не го опфати во однос на националните малцинства и не го загарантира со актите и резолуциите на највисоките тела на Националниот совет и ПЕЕА (Политички комитет на националното ослободување) во однос на малцинствата, што негативно се одрази врз борбената расположба, особено на македонскиот народ во Егејска Македонија и доведе и до отцепување на македонските оружени единици во есента 1944 година, Главниот штаб на ДАГ со своите први уставни акти исправуваше една погрешна политика и неправда спрема доследните сојузници на грчкиот пролетаријат и грчкиот демократски народ во борбата за ослободување на Грција од окупаторите и за народна власт.

Во чл. 4 од законодавните одредби на Главниот штаб за територијата на слободна Грција дословно се вели: “Сите Грци, мажи и жени се рамноправни и имаат еднакви политички и граѓански права”.

“Националните малцинства имаат еднакви граѓански и политички права да ја зачуваат и развиваат својата национална култура, јазикот, вероисповеста, националната просвета итн. (подвлекол Х. А.)

Исто така, значаен е и чл. 5 од истиот кодекс во кој изрично се подвлекува дека ќе се смета за злосторство против народот и како такво ќе се казнува секој обид за дискриминација спрема лица поради нивната национална припадност, вера и раса или поради нивните демократски убедувања. Одредбата на сличен начин предвидува санкции и против секоја фашистичка теорија, организација или фашистичка дејност. (Акти и решенија на Главниот штаб на ДАГ од 10 август 1947
година).

Во истите документи станува збор и за организирањето на народната власт на слободната територија, односно за избирање народни месни и околиски одбори за народната одбрана и народното правосудство. Вака, впрочем, формулирани и осигурени правата на македонскиот народ во Грција - признание на тоталното учество на Македонците во Народно-ослободителното движење на Грција, дадоа голем полет во организирањето на народната власт, за подигање просветни и други институции, за поставување на нови основи на синдикалното движење итн. Со донесувањето на првите акти и решенија на Главниот штаб на ДАГ, кој во тоа време вршеше и должност на народна револуционерна влада, се обезбедуваа предусловите на слободната територија да бидат отворени и првите македонски училишта. Во село Герман Преспанско во декември 1947 година беше отворен и првиот курс за македонски учители. Во селата на слободната територија на подрачјето на Вич и Кајмакчалан само за неколку месеци беа отворени 87 македонски училишта со 10.000 ученици. На слободната територија народните одбори беа составени главно од Македонци, а и повеќето од околиските одбори во Леринско и Костурско во својот состав имаа предимно Македонци.

3. Третиот пленум на ЦК КПГ

На 15 октомври 1947 година на слободната територија на Грција се одржа Третиот пленум на ЦК КПГ непосредно по завршувањето на пролетната непријателска офанзива под следните околности:

Атинската влада на чие чело сега стоеше стариот либерал Темистоклес Софулис, со извршената широка мобилизација, со огромниот полициски апарат и цивилните оружени формации не успеа да ја ликвидира ДАГ. Напротив, како што видовме погоре таа излезе и бројчано и морално појака и со поголемо искуство во водењето на воените операции и акции. Меѓутоа, погрешно ќе е ако се игнорира целата вистина, конкретно, дека непријателот успеа сепак да постигне една релативна рамнотежа на силите во своја корист. Со ригорозни мерки постигна да ја изолира ДАГ од народот, со што ги сведе на минимум можностите за снабдување на ДАГ, сериозно го

отежна обезбедувањето на нови резерви во борци, а толку важната за ДАГ мрежа на известителна служба, изведувана главно од селаните, сосем беше откорната. Од овој период веќе за објективниот набљудувач стануваше јасно дека шансите за победа на ДАГ и демократското движење во земјата стануваа минимални, зашто беше испуштен од раце поради колебањето на раководството на КПГ да се одлучи за оружена борба најблагопријатниот период каков што беше периодот од 1946 година до првата половина на 1947 година.

Заради сите горенаведени неповолни услови решенијата на Третиот пленум на ЦК КПГ за создавање на компактна слободна територија на Кожанското висорамниште (оградено од планините Пинд, Пиерија, Каракамен, Кајмакчалан и Вич) која би се бранела по секоја цена и за нараснување до пролетта од идната година на ДАГ на 65.000 борци, се покажаа потполно нереални. "Тие решенија - како што вели и генерал Маркос (сп. "Неос космос", август 1950, стр. 476-477) ги изразува нашите желби, но не ја одразува и стварноста". На нереалното оценување на ситуацијата од страна на ПБ на ЦК КПГ и Главниот штаб на ДАГ, од една страна, и на слабостите на самото раководство на ДАГ се должат и низа порази на ДАГ при нападите на градовите Гребена, Мечово и Коница, а перспективата за нараснување на ДАГ во армија од 50.000-60.000, што се бараше во решенијата на Третиот пленум, до крајот на борбата останаа само желба.

Неуспехот во Коница, каде паднаа 650 борци (не беа помалку жртвите и во борбите за Гребена и Мечово) ја покажаа неоснованоста на решенијата на Пленумот за способноста за заземање и држење на градски центри, во кои перспективно би се сместила новата Привремена демократска влада, за чие формирање сигналот беше даден уште во јули 1947 година. И самото формирање на владата на 23 декември 1947 година се покажа пребрзано, прерано без претходно обезбедување на неопходните предуслови - слободната територија со градски центри и вистинска регуларна војска, способна да ја брани престолнината на таа влада. После сето тоа залудни беа и очекувањата за признавање на ПДВ од земјите со народна демократија.

Бившиот генерален секретар на КПГ Ник. Захаријадис сите овие неуспеси му ги припиша на генерал Маркос, кој според него, поднесе на Третиот пленум нереални и надуени податоци во однос на силите и способностите на ДАГ, за ситуацијата во Северна Грција, за која ПБ немало точни податоци. Од ова време датираат и длабоките разидувања меѓу Захаријадис и генерал Маркос, во однос на тактиката и стратегијата на ДАГ и КПГ, што ќе ја достигнат својата кулминација по борбите на Грамос во ноември 1948 година со отстранувањето на Маркос и на луѓето кои го подржуваа.

Белешки

Паралелно со обемните операции против единиците на ДАГ, режимот сурово се пресметнува со населението во градовите и селата. На стотици и илјади се испраќани во злогласните острови на смртта, во логорите Макронисос, Ѓура, Ајстратис, а воените судови се претворени во касапници кои секојдневно испраќаат за егзекутивните одреди стотини луѓе со обвинение дека биле јатаци на партизаните, снабдувачи итн. Ваквите мерки предизвикуваат огорчување дури и кај граѓаните и фактори, кои ни најмалку не им се наклонети на комунистите како што беше и атинскиот независен пратеник Христакос кој во својот весник “О димократикос” (Демократски) од 4 јануари 1951 година под наслов “Грчката Бастилија”, меѓу другото истакнува: “...Почестен како народен пратеник за Атина ветив дека ќе се борам против “подароците” што ги има натрупано врз земјата и народот тиранската олигархија и како такви “подароци” ги наброивме: вонредните мерки на притисокот, фашистичките одредби на тиранијата, интернациите, затворите, прогонувањата, концентрационите логори со врв “превоспитувачкиот” логор Микронисос, ова место на мачења...”.

Леринскиот локален весник “Еленики фони” во текот на 1948 и 1949 год. е постојано полн со декларации “за покајување” на несреќните војници што се испратени во логорот на Макронисос, кои под неиздржлив притисок се терани да го молат селскиот поп да “интервенира” кај властите за неговото

ослободување и дека “доброволно” бара оружје за да се бори против “еамославите”, “комунистобандитите” итн. Стереотипните декларации кои ги пишуваа платени од самите жртви писари изгледаа како оваа:

Декларација за покајување

Долу потпишаните: Гроздanис Наум, Парос Василиос, родени во Дендрохори (Д’мбени) (н. б.) Марос Павлос, Тријандафилис Јоанис, Стамболидис Ставрос, Бјекарис Илијас, жители на селото Арменохори, Георгијадис Константинос, Стасинис Василис, роден во селото Атрапос и жител на Арменохори, Терпинис Сотириос, Трајкос Христос, Зајкос Костинос, Наум Лазарос, Зајкос Георгиос, жители на Атрапос, Уткарис Николас жител на Св. Петка, Јоанидис Јоанис роден во Ајтос, Минкос Евангелос роден во Аминтеон (Сорович - н. б.), Папарусис Павлос жител на Веви (Баница) итн. (следат уште имињата на дваесетина други лица од Леринско и Костурско) (н.б.) уапсени сите превентивно од 5 до 10 мај 1949 година како лица кои не вливаат доверба на националните сили за борбата што се води против комунистобандитите, ја чувствуваме потребата да ве запознаеме дека воопшто порано не сме се замешале во антинационалните организации КПГ, ЕАМ и кои ги обвинуваме со индигнација, најдени денес во превоспитувачкиот центар на Макронисос, ги разбравме поарно предавничките цели на словенокомунистите и сме готови да докажеме на дело дека сме надахнати од чисти национални чувства и дека ги мразиме словенокомунистите, кои толку несреќи и нанесоа на нашата сакана татковина...”.

(В. “Еленики фони” од 3 септември 1949 година).

Во истиот весник со дата 27 август 1949 година е објавена пресудата од воениот суд во Лерин, со која се осудени на смрт 49 мина, 9 на доживотна робија. Осудените на смрт се: Келимбарис, Кл. Букцис, Кл. Кацикис, Ст. Дискос, Илијас Бутис, Гр. Франгоцис, Ил. Џоџос, Ил. Гатопулос, Тр. Гркос, Вас. Георгопулос, Пан. Маткари, Тома Николаидис, Теодор Џоџо, И. Илијадис, Ник. Хаџиконстантину, Кон. Цигос, Ил. Папанастасиу, Ил. Розос, Х. Хаџис, Евст. Ганустав,

Спиропулос, Ст. Киндос, Теодор. Романци, И. Димкос, Ап. Мбацос, И. Суперис, Г. Хаџитрифун, П. Хаџидимитри, Ев. Манангунидис, Ап. Петракис, П. Скордас, Ан. Скордас, В. Керпалидис, Х. Цоди, Ј. Кацорас, Сот. Стајос, М. Пацулис, Ст. Колицис, Пас. Минтули, Махи Лазаридис, Пан. Бошкос, Тр. Белјаскас, Павл. Хрисостомидис, Ир. Георгијадис, Сп. Павлидис, Ис. Вафдис, Г. Хтистидис, Ст. Хаџиконстатину, Ис. Ајтас, Тр. Велјаскас, сите од Сровичка околија.

Режимот стигна до таа степен да го ликвидира и американскиот журналист Жорж Полк од компанијата Колумбија во мај 1948 година, бидејќи истиот се обиде преку Солун да дојде во контакт со Главниот штаб на ДАГ. Неговото тело врзано на нозете и рацете беше исфрлено од морето во Солунскиот Залив и предизвика големо огорчување кај американската прогресивна јавност.

ГЛАВА ДЕСЕТА - Прв Конгрес на НОФ – Епопејата на Грамос

Првиот конгрес на НОФ, одржан на 13 јануари 1948 година на слободната територија на Грција, во Западна Македонија, и на кој требаше да се сумираат тригодишните резултати од постоењето на оваа македонска организација, се одржуваше под следните околности:

Од една стана, се забележува разузден терор од страна на владата и режимот, уште повеќе одрзостен од американската интервенција во Грција против демократското население, а особено против македонскиот народ. А од друга страна, наполно парализирање на народното стопанство поради насилното евакуирање на селското население во градовите, глад и мизерија кај сиромашните слоеви во градовите што ја експлоатира режимот за да го мобилизира народот против демократското движење во земјата и против ДАГ.

За мала илустрација ќе изнесеме дека само во Костурскиот округ во времето меѓу месеците мај и декември 1947 година, се извршени следните злосторства:

Стрелани селани - 37, умреле во затворите - 4, од бомбардирања - 5, од артилеријата - 13, или вкупно: убиени - 59, интернирани - 107, уапсени - 365, малтретирани - 1650, полудени од малтретирање - 5, обесчестени жени и девојки - 63, испразнети три села, изгорени 110 куќи и 406 плевни, бомбардирани - 28 села, опљачкани 412 куќи, ограбен 1840 глави ситен добиток и 462 глави крупен добиток. (В. “Единство”, орган на Окружниот одбор на НОФ за Костурско, јануари 1948 година).

Десничарските националистички банди и натаму неконтролирано ги блокираат македонските села, убиваат мирни граѓани, ги пљачкаат нивните домови. Еве неколку примери:

На 17 јануари 1948 година десничарската банда од село Драгоманци го блокира селото Луковиц, од каде уапсија 13 лица и од нив убиени без никаков повод и без судење: Петар

Џопов и Андон Карабатаков. Од село Цакони од малтретирање во участокот во гратчето С'боцко полуде Димо Сребренов, кој подоцна и умре. Од сверско тепање умреа и Ито Тошавчаров и Божин Самарџиев. Пролетта од истата 1948 година од село Цакони се уапсени други шестмина со предавството на секретарот на Окружниот одбор на Земјоделската партија (АКЕ) Јанис Григоријадис - Флорос, кои подоцна од воениот суд во градот Бер се осудени на смрт и егзекутирани. Тоа беа: Лазо Цакончев, Ѓорѓи (Гуши) Цакончев, Ѓорѓи Пецов, Ѓорѓи Итов Балтаков, Ѓорѓи Василев Балтаков, Младен Попдимитров, Ѓорѓи Димитриев Хаџиев и Димитар Сатчиев беа сверски и маченички ликвидирани без потоа да им се најде трагата. (Нека се забележи за Историјата, дека родителите на повеќето од овие луѓе во март 1907 година на сверски начин беа масакрирани од една мешана турска и грчка андартска банда заради нивната активност во борбата на македонскиот народ за национално ослободување).

На 25 февруари 1947 година наоружани цивили и војници го нападнаа селото Лаген, Леринско, при што го опљачкаа. Опожарија 16 плевни и куќата на Евдокија Иванова и силуваа една девојка.

Во Енице-Вардарско и Гуменџиско бандата на злогласниот Скордас, предводена од кметот на селото Калиница, Гарапис, и Влаот од селото Пласничево (Крија Вриси), Аргир, стана страв и трепет за мирното македонско и грчко население од овој крај. Наоружани цивили и џандари со камшици в раце викаа: "Бугари ќе умрете!" "Такво понижување никогаш досега не доживеа нашиот народ" - се вели во извештајот на Окружниот одбор на НОФ за Енице-Вардарско, поднесен на Првиот пленум на Главниот одбор на НОФ на 20 мај 1947 година. Во продолжение на истиот документ се вели:

"Безработноста и економската криза се неподносливи за народот кој преживува уште еден страшен период како оној од 1941-42 година. Во Енице-Вардар по убиството на окружниот секретар на НОФ, Тодор Дојчинов – Морава (март 1947 година) создадена е една страшна ситуација.

Цели села се ликвидирани, а воените судови во Бер, Лерин, Кожани и други градови на Македонија секој ден издаваат смртни пресуди... Теророт, впрочем има достигнато кулминација".

Уште во пролетта од 1947 година насила се испразнети од своите жители стотина села. Само во Негушка околија се испразнети 17 села и тоа: Горно Сели, Долно Сели, Куцуфљани, Трасилово, Голема Река, Јанаково, Неа Странџа, Рупан, Аркудохор, Чернево, Јаворница и Турско Село. Ваквите, впрочем, ригорозни мерки на непријателот не можеа да останат без негативен ефект врз моралот на населението. Од летото 1947 година ДАГ се повеќе ќе ја губи врската со населението, ќе се отежнува неговото снабдување со храна, ќе се прекинат и замрат врските на известителната мрежа, а прашањето за резерви во борци подоцна ќе стане фатално за оруженото демократско движење.(ДАГ).

Имајќи ги предвид сите горенаведени факти, може да се дојде до логичниот заклучок, дека Првиот конгрес на НОФ се свикуваше со цел пак оваа организација, односно македонскиот народ уште повеќе да се мобилизира и, речиси, единствено таа да ги реализира решенијата на Третиот пленум на ЦК КПГ што се однесуваа до резервите на борци на ДАГ. Велиме дека единствено НОФ требаше да го решава тој проблем, бидејќи во тоа време се повеќе стануваше сознание дека најблагопријатниот период за масовно мобилизирање на борци пред се од бившите борци на ЕЛАС остана неисползуван, а грчкиот пролетаријат од градовите не само што остана апатичен спрема апелот: "Сите на оружје - се за победата!" туку голем дел од тој пролетаријат претпочита да отиде во интернација, отколку да излезе в планина. Нашето тврдење го потврдува и самата Резолуција од Првиот конгрес на НОФ, во која дословно стои: "Целиот македонски народ, мажи и жени да стапат во редовите на ДАГ. Сите и со сите средства да помогнеме да се задоволат потребите и да го помогнеме делото на ДАГ. Словеномакедонката може и треба да вложи уште повеќе сили за засилување на ДАГ. Масовно да стапи во нејзините редови..." (Оригиналот на грчки јазик се наоѓа во архивата на авторот).

За реализирање на овој дел од споменатата Резолуција во текот на 1948 година од страна на ДАГ се мобилизирани сите кадрови на НОФ, жените на македонските борци од ослободената територија на Егејска Македонија и тие беа насила мобилизирани во ДАГ, а дури од детските домови во некои народни републики некои згрижени деца на 14 и 15 годишна возраст и тие беа мобилизирани за да го решат проблемот на резервите.

Излишно е да се истакнува посебно дека да се стават насила недораснати деца да се борат против комплетно извежбаните монорхофашистички војници од регуларна војска, или пак да се водат на фронтот жените на борците Македонци, кои повеќе години се наоѓаа во редовите на ДАГ и да се остават нивните домови да запустат, тоа беше акт злосторнички, насочен посебно против македонскиот народ.

Раководството на КПГ, од друга страна, го искористуваше конгресот за да ги уфрли во редовите на Организацијата НОФ и во самиот Главен одбор како Тројански коњ своите луѓе, кои во годините на затегнатите односи на НОФ со КПГ (1945-1946 година) се имаа истакнато како најогорчени противници на македонската организација. На тој начин НОФ наполно ја губеше својата независност и се претворуваше во послушен орган и само како инструмент за вршење на задачи на КПГ и ДАГ. Атаката против НОФ е повторена на Првиот пленум на Главниот одбор на НОФ од 8 август 1948 година, кога под изговор на фракционашка борба во раководството на НОФ беа отстранети дотогашниот претседател Мих. Керамитчиев и секретарот на Главниот одбор Паскал Митревски и на нивно место беа кооптирани Ставре Кочевски за секретар и Вангел Којчев за претседател на Главниот одбор на НОФ, и двајцата одамна познати противници на НОФ и на движењето за национални права на Македонците.

Во ист дух и со истите цели како и Конгресот на НОФ, на 29 април 1948 година беше свикан и Првиот Конгрес на АФЖ, со што требаше да се постигне тотално обврзување на оваа организација на Македонките за исполнување решенијата на Третиот пленум на ЦК КПГ за обезбедување резерви за ДАГ од

самиот македонски народ. Ова го засновуваме врз жалосната констатација дека во тоа време КПГ се наоѓа во полна изолација од грчкиот пролетаријат и постоењето на ЕАМ (Коалиција на левите демократски партии и организации) е само номинално. Таа изолација на КПГ е зголемена и со актот на формирањето на Привремената демократска влада на 23 декември 1947 година, кога во нејзиниот состав влегуваа раководители на КПГ, додека Македонците и нивната организација требаше да се задоволат само со едно неодредено ветување, дека при ПДВ ќе се формира во догледно време и Дирекција за малцинства, што никогаш и не се реализира.

1. Епопејата на Грамос и Малимади. - IV пленум на ЦК КПГ

Кон средината на 1948 година грчката влада со обилната американска помош решавачкиот удар против ДАГ го подготвува на македонски терен. Претходните операции на големата битка на Грамос, забележани на Пелопонез, Румели и Епир беа од второстепена важност, со цел да се спречи мобилизацијата на нови борци и се заковат на место тамошните единици на ДАГ.

Непријателскиот план за решавачкиот потфат на Грамос во главни црти е следниот:

1) Продолжување со насилното евакуирање на селата што се наоѓаат во близина на планинските масиви, со цел потполна изолација на ДАГ;

2) Формирање на месни воени формации (национална гарда) за чување на градовите, сообраќајните јазли и другите воени објекти, со што би и се овозможило на регуларната војска слободно да се посвети на операциите против ДАГ.

3) Засилување на теророт во територите под владина контрола со цел наполно да се ликвидираат политичките организации на Движењето на отпорот;

4) Изведување на операции од ограничен обем за да се спречат акциите на ДАГ за мобилизација на нови борци и за да се истошти ДАГ пред решавачкото пресметнување.

5) Интензивно вежбање на редовните единици, изградба на нови воени објекти во близина на главното воено боиште (Американците за таа цел изградија големи аеродроми за тешки бомбардери во Солун, Кожани и Кавала во Македонија).

Главна цел на владините сили: разбивање на главните сили на ДАГ на подрачјето на Северен Пинд (Грамос) и истиснување на остатоците на ДАГ кон северните соседни земји и на тој начин завршување на граѓанската војна во Грција.

Намерите на Врховната команда на регуларната војска за решавачката битка на Северен Пинд, секако не останаа тајна за Главниот штаб на ДАГ, кој презема паралелни потези, кои можат да се резимираат во следните точки:

1) Да се заковат главните сили на непријателот пред организираните одбранбени позиции на ДАГ на овој планински масив, со што би им се дало време на нејзините единици во други подрачја да развијат поголема активност;

2) да се истоштат главните оперативни сили на противникот и

3) во судбоносниот момент ДАГ да премине во контраофанзива и со ликвидирање на противникот да ја ослободи земјата.

Тука, впрочем по прашањето на тактиката и стратегијата на ДАГ во квечерината на големата битка од 1948 година, разидувањата меѓу генералниот секретар на КПГ Захаријадис и генерал Маркос се заоструваат до големи размери и ја достигнуваат својата кулминација со отстранувањето на генерал Маркос од функцијата врховен командант на Главниот штаб на ДАГ и претседател на ПДВ во ноември 1948 година. Гледиштето на генерал Маркос, ДАГ да не се ангажира во држењето на постојани одбранбени позиции, туку напротив, при дадената ситуација да се засили партизанското војување, тоа беше оквалификувано како застарена форма на војување во

современите услови и отфрлено од Захаријадис и неговите приврзаници во ЦК и Главниот штаб. Според Захаријадис, ДАГ е веќе регуларна војска на која можат да и се доверат и акции и задачи како на регуларна армија.

Генерал Маркос остана и натаму на своето гледиште во оценката за ДАГ. И на VII Пленум на ЦК КПГ во 1957 година тој истакна дека "ДАГ не можеше да се претвори во редовна армија само со говори и статии, со проста желба и со називот на редовна војска. И ставот за цврсти одбранбени позиции и називот на регуларната војска на Захаријадис не само не фрлаа во тактика на одбрана и на постојани позиции, туку тоа почна да создава и страшни опасности за самото постоење на оруженото и демократското движење на отпорот воопшто". (Сп. "Неос Космос", април-мај 1957 година, стр. 60). Меѓутоа, како што рековме надвладеа ставот на Захаријадис и ДАГ ја прифаќаше борбата на Грамос, која траеше повеќе од два месеца. Соодносот на силите беше десет према еден во однос на људството и педесет према еден во поглед на материјал и воена опрема во полза на владината војска.

На Грамос беше напишана една вистинска епопеја од борците на ДАГ. Непријателот претрпе големи загуби: 5.125 мртви, 16.000 ранети, 439 заробени, 98 доброволно предадени, 1.200 дезертери, соборени 35 авиони, уништени 18 тенкови и 5 топови. Во борбите на Грамос беа ангажирани 23 бригади со вкупно 70.000 војници, 100 артилериски орудија, повеќе тенкови и целата авијација, што значи дека непријателот во овие борби фрли околу 100.000 војници против околу 10.000 борци на ДАГ, кои имаа на располагање само лесно оружје и 15 стари брдски топови.

Владината војска по два месеца, навистина, стана господар на Северен Пинд, но не успеа и да ја сотре ДАГ и покрај фактот што и таа претрпе големи загуби. Грамос неоспорно претставуваше успех на ДАГ, платен со големи жртви. Меѓутоа, тој успех сепак не отвори и перспективи за ликвидирање на непријателот и за заземање на власта. Заслужува да се истакне успехот на ДАГ со успешниот маневар од 21 август 1948 година, кога нејзината главнина го избегна главниот

непријателски удар и се повлече на Вич Планина и на Малимади.

На секторот на Малимади непријателот употреби четири пешадиски бригади со тенкови и авијација и на 2 септември отпочна напад. Меѓутоа, владината војска тука претрпе тешки загуби, при што цела една дивизија беше десеткована и нејзините остатоци во панично бегство се повлекоа кон реката Бистрица и градот Костур.

Генералот во резерва Дим. Зафиропулос во својата книга "Антибандитската војна 1945-49" со ретка објективност признава дека владините сили на секторот "Рабатина" и "Бучи", на планината Малимади биле целосно сотрени од директните погодоци на артилеријата на ДАГ. Настаните на Малимади одиграни на 10-12 септември 1948 година се изнесени и на јавното судење во Атина на 19.X.1957 година, кога тужителот, генерал Василопулос во својата аргументација против авторот на книгата "Антибандитската војна 1945-1949" Зафиропулос, признава и самиот дека како командант на единицата што го претрпе поразот имал можност да биде сведок на паниката од која биле обземени војниците, кои на двапати го напуштиле својот командант и тој бил принуден да издаде заповед да се убива секој војник што ја напушта својата позиција, но дека тие негови наредби не биле извршени. Тој објаснува дека повлекувањето било диктирано и од фактот што баталјоните се раслојувале еден после друг.

Сведокот на споменатото судење, потполковникот Г. Факирис изнесе дека поразот на планината Малимади се должи на нискиот морал на војниците и на загубите што изнесуваа околу 50 отсто (В. "Македонија од 19.10.1957 год.) под насловот: "Започна судењето на двајцата генерали".

И двете големи операции на Грамос и на Малимади се одиграа на територијата на Западна Македонија, каде населението масовно се стави на располагање за помош на борците од првите борбени линии и позадината. Организациите НОФ, АФЖ, НОМС, одборите на народните совети беа наполно мобилизирани во пренесување на муниција, собирање на храна

за борците, во пренесување на ранети, а илјадници други како мажи и жени, изложувајќи ги своите животи на опасност од непријателската артилерија и авијација, денонoќно работеа на правењето окопи и други одбранбени објекти за ДАГ, на линијата од "Бела Вода" на границата спрема Југославија се до планината Малимади и Вич на југоисток. Таквиот придонес и жртвите што ги поднесоа Македонците, во овој период со своето масовно учество во НОБ не можеше да не биде признат и на IV пленум на ЦК КПГ, одржан на 28 и 29 јули 1948 година додека уште траеја борбите на Грамос.

Во резолуцијата од овој пленум се констатира:

"Пленумот го потцртува особениот придонес на македонскиот народ во општото дело на слободата. Учеството на македонскиот народ во Народно-ослободителната борба е сенародно и тотално. Со оваа негова борба македонскиот народ го изградува цврсто својот слободен и рамноправен живот, со крвта на своите синови и ќерки ја извојува и осигурува својата народнодемократска иднина..." (В. "Непокорен,', бр. 12 од 23.VIII.1948 година).

И на IV пленум на ЦК КПГ се истакнува како императивна задача создавањето на резерви на ДАГ, за што по неколку дена од одржувањето на Пленумот, од страна на ПДВ е дадена директива за мобилизација и на девојките и жените од ослободената територија. Со оваа мерка директно беше погодено македонското население, бидејќи на слободната територија во Леринско и Костурско се наоѓаа единствено македонски села. Мобилизирањето на жените чии мажи се наоѓаа во ДАГ, како и мобилизацијата на малолетни деца од детските домови што се наоѓаа во некои народни републики, поразно дејствуваше на борбениот морал на борците, кои веќе стануваа свесни за фактот дека ДАГ не може да се надева на обезбедување резерви од градскиот пролетаријат, дека КПГ одамна го има изгубено авторитетот во масите, кои повеќе не веруваат во револуционерната и авангардна улога на КПГ. "Захаријадис - рече Петрос Русос на VII пленум на ЦК КПГ - ја фрли Партијата во втората оружена борба без широките маси.

Меѓутоа, политиката без масите е авантуристичка политика”. (Сп. “Неос космос” април - мај 1957 година, стр. 91).

Појавата на дезертерства од редовите на ДАГпосебно есента од 1948 година не се должеше на ништо друго освен на погрешната политика на раководството на КПГ во однос на курсот од оружената борба во Грција. Захаријадис за да ја демантира платформата на Маркос Вафијадис за партизанското војување во земјата при конкретните услови, бидејќи според Маркос, дејствувањето на ДАГ како регуларна војска е катастрофално за оруженото движење, зимата од 1949 година го наредува изведувањето на низа напади против градовите Карпениси, С’боцко, Воден, Лерин, Негуш и други градови, со цел да се мобилизираат нови борци и да се докаже правилноста на неговата концепција. Но, сите овие борби го доживуваа епилогот на поразот. Овие пирови победи во Карпениси и Негуш, или поразите во Лерин, С’боцко и Воден имаа како резултат ДАГ да се враќа на своите бази десеткуван, а од насила мобилизираните лица како по правило повеќе од половината дезертираа уште пред да стигнат во базите за обука.

2. Петти пленум на ЦК КПГ - Втор конгрес на НОФ

И на петтиот пленум на ЦК КПГ, што се одржа на 9 јануари 1949 година, тогашниот генерален секретар на КПГ, Захаријадис, како и на предходниот пленум го наложува својот личен став, имено ДАГ фронтално да ги одмери своите сили со регуларната владина војска за урнување на буржоаскиот режим и заземање на власта. Исфрлената парола дека “1949 година ќе биде година на победата, гробница на монархофашизмот и на американократијата” и натаму ќе ги залажува борците и народот на слободната територија, од кого ќе се бараат уште многу жртви. На овој пленум е извршен еден акт на обманување и залажување на македонскиот народ од Егејска Македонија. Во моментот кога веќе и секој лаик знаеше дека се приближува неминовниот пораз на ДАГ, Захаријадис го изменува поранешниот став на КПГ по македонското прашање. И наместо “ромноправност на малцинствата кога КПГ би дошла на власт”, сега се истакнува ставот за “Национално самоопределување на Македонците”. Конкретно, по ова

прашање во Резолуцијата од Петтиот пленум на ЦК КПГ од 30-31.1.1949 година се вели:

“Во Северна Грција македонскиот (словеномакедонскиот) народ даде се за борбата и се бори со вонреден хероизам и саможртва што предизвикуваат восхит. Не треба да постои никакво сомневање дека, како резултат на победата на ДАГ и на Народната револуција ќе биде македонскиот народ да го реализира своето полно национално воспоставување онака како што тој самиот сака и за кое тој денес ја лее својата крв...” (Грција на патот кон победата пред судбоносниот завој Петти пленум на ЦК КПГ, стр. 20).

Еден ваков став по македонското прашање, кој наполно е во склад со марксленинистичките принципи по националното прашање е сосем на место. Но тоа би било искрено поздравено да се појавеше во 1941 година, кога започнуваше Движењето на отпорот против окупаторот и раководството на КПГ, бидејќи само со таков револуционерен став по македонското прашање ќе го привлечеше целиот македонски народ на своја страна и во редовите на самото Движење на отпорот; тој став, што можеше единствено да ги привлече Македонците одговараше на нивните вековни стремежи и идеали. Меѓутоа, да се заземе таков став во најкритичната фаза за Борбата, во 1949 година, кога се губеа сите надежи за победа на демократските сили во Грција, тој потег, впрочем, тешко можеше да се разликува од една демагогија, со која се гонеа сосем подруги цели од она што беа желбите и вековниот идеал на македонскиот народ. Овие наши сомневања ќе ги потврди малку подоцна пленумот на Главниот одбор на НОФ, што се одржа само три дена по Петтиот пленум на ЦК КПГ и на кој е донесена, благо речено, една скандалозна резолуција, во која се велеше:

“Вториот конгрес на НОФ ќе биде конгрес на прокламирање новите програмски начела на НОФ, начела што се вековна желба на нашиот народ, ќе го прокламира обединувањето на Македонија во една обединета, рамноправна и народнодемократска федерација на балканските народи, што ќе биде награда за неговите долгогодишни крвави борби...” (В. “Непокорен” февруари 1949 година).

Фактот дека прв бугарскиот весник “Труд” ја прифати и поздрави оваа резолуција, говори дека на овој пленум, во чии заткулисни подготовки одигра главна улога делегацијата на БРП (к), по сугестијата на Захаријадис беше прифатен ставот на БРП (к) по македонското прашање за обединета и независна македонска држава во рамките на една балканска федерација.

Што, впрочем значеше сето тоа? Се игнорираше постоењето на извојуваната со крв Народна Република Македонија во рамките на југословенската федерација, и се усвојуваше ставот на БРП (к), која со излегувањето на Резолуцијата на ИБ во јуни 1948 година на Македонците во Пиринска Македонија им го оспоруваше правото на одделна нација и национални права, ја повампируваше великобугарската теорија за “бугарштината во Македонија”, а што е уште за поголема осуда, создавањето на таа “обидинета македонска држава” се обусловуваше со формирањето на народнодемократска федерација на балканските народи. Што значи, дека доколку не дојде до формирање на таа федерација Македонците не можат да очекуваат создавање на своја држава, па макар колку жртви би поднеле тие за реализирање на своите идеали.

Со ваквата демагошка парола, свртена пред се против веќе постојната македонска држава (НРМ), Захаријадис, се обидуваше на Македонците од Егејска Македонија да им го внуши сфаќањето дека КПГ е за самоопределување на Македонците, но дека Југословените се оние што тоа го саботираат. Малку подоцна и Захаријадис и целиот пропаганден апарат на Коминформот поразот на ДАГ во Грција ќе го оправдува со наводното ренегатство на Тито, со измисленият удар зад грбот на ДАГ и какви не други инсинуации. Дека се беше добро замислено поразот да и се припише на Југославија, говори и тоа што не случајно во пролетта од 1949 година масивот на планината Вич кој граничи со Југославија е наречен “бедем” на слободата и “гроб на монорхофашизмот”, кога и за лаикот по воените прашања беше сосем јасно дека Вич е планина многу достапна за тенковите и блиндираните коли со кои во изобилство располагаше владината војска. Но, токму граничењето на Вич со Југославија

беше неопходно за да може на нешто да се засновува целата подоцнежна клеветничка кампања против Југославија за наводниот удар зад грб, што бил фатален за исходот на борбите на ДАГ.

И вториот конгрес на НОФ, свикан во март 1949 година беше искористен за напади против Југославија, која наводно дејствувала непријателски спрема ДАГ, со што постепено се подготвуваше јавното мислење дека единствено Југославија е одговорна за поразот на вооруженото движење во Грција. Во таа нечиста работа беа искористени имиња со светски авторитет како Жан Касу, Кони Зилјакус и други.

За пропагандни цели и за да се разбијат и самите Македонци, да се намали значењето на веќе постојната македонска држава во рамките на југословенската федерација, со тоа да се намали и авторитетот што то имаше стекнато КПЈ среде Македонците и во Егејска Македонија, која најреволуционерно и марксистички го реши македонското прашање, летото од 1949 година е формирана одделна македонска партиска организација под грчките иницијали КОЕМ (Комунистичка организација на Егејска Македонија). КОЕМ веднаш беше искористена во кампањата против Југославија, каде "нашле азил и предавниците на македонскиот народ од Егејска Македонија, Гоче, Керамитчиев, и други". (Види Резолуција на КОЕМ).

Во меѓувреме на меѓународен план советската дипломатија се обиде преку Обединетите нации и преку контакти со Вашингтон, Лондон и Париз да го спречи тоталниот пораз на ДАГ, предлагајќи преговори меѓу грчката влада од Атина и ПДВ. Атинската влада, која беше свесна за својата супериорност и за моментниот сооднос на силите во своја корист на бојното поле, не ги прифати тие преговори, барајќи потполна и безусловна капитулација на ДАГ.

Во текот на офанзивата на владината војска од август 1949 година на Вич Планина и на Грамос, ДАГ со големи загуби беше разбиена и принудена да се повлече во Албанија, а поголем дел од борците кои умееја храбро да се борат на бојното поле, но ни најмалку или воопшто не ги познаваа

задкулисните работи, заминуваа во емиграција со горчливото сознание дека “победата беше пред нив, но дека Титовото предавство тоа го осуети”. Требаше да поминат цели осум години и да се одржи VII пленум на ЦК КПГ во 1957 година, па да излезе на бело видело позадината на таа гнасна антијугословенска кампања за “фамозниот удар зад грб” што беше измислен за да се излаже светската и грчката јавност и на друго место да се бара одговорноста за поразот на ДАГ. (Види материјали од VII проширен пленум на ЦК КПГ, сп. “Неос космос” бр. 4-5 од април-мај 1957 година, стр. 37-118).

ЗАКЛУЧОЦИ

Дваесет години од денот кога замолкнаа страшните плотуни на Грамос и Вич Планина, каде и денес се посеани илјадници безимени гробови, овозможија да излезат на површина некои задкулисни работи, да се објаснат многу прашања што денес фрлаат достатна светлина врз периодот од Граѓанската војна во Грција и да се извлечат соодветни заклучоци, кои завршуваат на следното: дека отпочнувањето на Втората оружена борба во Грција - па макар и испровоцирана од реставрираниот реакционерен режим – беше непромислена авантура, или игра на големите сили, но за која најголем данок плати македонскиот народ.

Раководството на КПГ, на чие чело по јуни 1945 година се најде Никос Захаријадис, запаѓаше од една во друга контрадикција при оценувањето на политичката ситуација во земјата и при определувањето на кокретната линија и задачи за акција: се говори за помирување меѓу демократи и десничари во 1946 година, а од друга страна истовремено им се дава директива на основните организации за апстиненција од изборите во март 1946 година, што ќе и овозможеше на КПГ да го задржи својот легален статус, а нејзините пратеници од трибината на Парламентот ќе ја подложуваа на критика недемократската политика на десницата како на распирувач на граѓанската војна во земјата и поткопувач на мирот на Балканот. Раководството на КПГ бара формирање на репрезентативна влада со учество во неа и на ЕАМ, а во исто време ја исфрлува паролата за "Самозаштита" и подготвување на нова вооружена борба. И кога Покраинскиот комитет за Македонија бара одобрување за формирање на вооружени единици од Македонија за што токму тогаш постоеја најблагопријатни услови, ПБ одговара дека до тоа не треба да дојде, бидејќи паролата – вооружена борба е замислена само како блеф за уценување на десницата.

Македонската организација НОФ во 1945 и 1946 година жолчно е напаѓана од раководството на КПГ и ЕАМ како автономистичка и предадена на Интелиџенс Сервис, кога се појавува потребата да и се одземат на НОФ оружените единици создадени на Кајмакчалан, Пајак и Вич Планина, се признава

НОФ како антифашистичка демократска организација на Македонците, која постепено се потчинува на раководството на КПГ и на крајот е искористена како пропаганден инструмент против самиот македонски народ и неговите национални идеали. Таква и никако поинаква смисла и цел имаа резолуциите од Вториот пленум на НОФ и на КОЕМ за "формирање на македонска држава", свртена против Народна Република Македонија; потоа клеветите против НОФ и формирањето на организацијата Илинден итн.

Македонскиот народ во лицето на КПГ гледал единствен заштитник, кој требало да ги задоволи неговите национални и социјални права и затоа тој никогаш не отсуствувал од акциите што ги преземала КПГ во текот на цели триесет години (1920-1950) и мнозина Македонци ги жртвуваа и своите животи кога КПГ тоа го барала. Меѓутоа, која била наградата за тие жртви? Потценување, дискриминација, искористување на борбениот дух на Македонците единствено за великогрчки цели. Тоа го потврди тактиката на КПГ за цело време на антифашистичката војна со капитулантскиот став спрема грчките буржоаски партии, а уште повеќе спрема политиката на Велика Британија на Медитеранот. Но и за време на Граѓанската војна немаше помалку случаи на дискриминација и недоследно спроведување на решенијата што се однесуваа до правата на самите Македонци дури и во самата Демократска армија на Грција, чиј состав повеќе од половината го сочинуваа Македонците. Немаше ниту еден Македонец во ДАГ со повисок чин, ниеден во Главниот штаб, ниту во Привремената демократска влада (тоа е направено само еден месец пред ликвидирањето на ДАГ при реорганизацијата на владата, кога еден Македонец, Паскал Митревски е коптиран за министер на снабдувањето и еден друг, Вангел Којчев, како член на Воениот совет. Не еднаш се случило македонски борци да сакаат да запеат македонска песна, а да им биде забрането, бидејќи ќе слушнат Грците и ќе мислеле дека во ДАГ се борат Бугари и слично. (За ваквиот однос кон македонските борци прави критика и самиот Захаријадис во своите забелешки врз една статија на П. Вајнас под иницијали К. во сп. "Димократикос стратос".)

Кои се резултатите од втората оружена борба посебно за Македонците? Преку 13.000 мртви Македонци, борци на ДАГ, стотина и илјади егзекутирани македонски родољуби од воените судови во Ениџе-Вардар, во Лерин, Бер, Кожани, во Солун и други злокобни места. Илјадници Македонци осакатени во влажните подруми на затворите во Еди-Куле, во Солун, на островот Крв, по сувите и злогласни острови Ајстратис, Гавдос, Фолегандрос, во концентрационите логори Макронисос и Ѓура, каде повеќе стотини добија туберкулоза, други полудеа од малтретирање и психички притисок, а од оние што останаа живи и денес се бара монструозната "изјава за лојалност", ако сакаат да се запослат и обезбедат парче леб за себеси и своето семејство. А други 45.000 Македонци бегајќи од ужасите на граѓанската војна, без своја вина, денес пијат од чашата на горчливата туѓина како политички емигранти, а на нивните имоти и домови со векови спечалени, од власта се сместуваат "Грци со проверени национални чувства". И сето тоа се случува денес кога секој ден и самата грчка држава се повикува на Декларацијата на ООН за правата на човекот.

(* Само на островот Ѓура, во злоглалсниот логор умреа од малтретирање следните Македонци: 1) Барџов Димитар, од с. Загоричани, Костурско, 2) Барџов Лазар, од с. Чеган, Воденско, 3) Богов Филип, од Острово, Воденско, 4) Зидров Методи од с. Загоричани, Костурско, 5) Кузинов Трифун, од с. Тиолишта, Костурско, 6) Липитков Андон, од с. Љубетина, Леринско, 7) Малинов Доре, од с. Баница, Леринско, 8) Миов Трифун, од с. Љубетина, Леринско, 9) Ликов Михаил, од с. Пателе, Леринско, 10) Паунов Лазар од с. Љубетина, Леринско, 11) Трајков Васил од с. Черешница, Костурско, 12) Чочов Томе, од с. Граче, Костурско, 13) Шалов Кузман, од с. Загоричани, 14) Јунчов Стојан, од гр. Лерин, 15) Јанчев Петре, од Острово, Воденско и други.)

И што бараа Македонците од 1913 година наваму, откога се наоѓаат во рамките на грчката држава? Најелементарното: да бидат признаени како рамноправни граѓани на една земја во која плаќаат даноци, служат војска, учествуваат во војни кога е во прашање одбраната на таа заедничка татковина со Грците. И каква опасност по државниот интегритет на Грција би имало

ако на Македонците им се даде правото да го говорат без страв својот мајчин македонски јазик, да ги имаат своите македонски училишта и цркви, своите културно-просветни организации, какви што ги имаат Турците во Западна Тракија, и Евреите, а ги имаа Власите, Албанците и уште некои други народности во Грција? Апсолутно никаква. Напротив, Грција ќе ги спечали само нивните симпатии и оданост, нивната признателност, бидејќи ќе живеат со сознанието дека се признаваат нивните жртви за земјата во која судбината сакаше да живеат во заедница со грчкиот народ, во која ќе требаше слободно да ја развиваат својата национална култура како рамноправен народ.

КРАТЕНКИ

АФЖ АНТИФАШИСТИЧКИ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ
ГШ ГЛАВЕН ШТАБ
ДАГ ДЕМОКРАТСКА АРМИЈА НА ГРАЦИЈА
ЕАМ НАЦИОНАЛЕН ОСЛОБОДИТЕЛЕН ФРОНТ
ЕДА ГРЧКА ДЕМОКРАТСКА ЛЕВИЦА
ЕЛАС ГРЧКАНАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА АРМИЈА
ПОН НАЦИОНАЛНА СЕГРЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЛАДИТЕ
ПГ ЗЕМЈОДЕЛСКА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА
ИБ ИНФОРМБИРО
ЕППЕ ЦЕНТРАЛЕН КОМИТЕТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ БЕГАЛЦИ ОД ГРЦИЈА
КЗ КРИВИЧЕН ЗАКОН
КОЕМ КОМУНИСТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАКЕ ДОНЦИТЕОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА
КПГ КОМУНИСТИЧКА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА
КПЈ КОМУНИСТИЧКА ПАРТИЈА НА ЈУГОСЛАВИЈА
КПМ КОМУНИСТИЧКАПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
МАИ ЕДИНИЦИ ЗА ЗАШТИТА НА ВНАТРЕШНОСТА
НОВ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈСКА
НОД НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ
НОМС НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН МЛАДИНСКИ СОЈУЗ
НОФ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ФРОНТ
ООН ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ
ПБ ПОЛИТБИРО
ПДВ ПРИВРЕМЕНА ДЕМОКРАТСКА ВЛАДА НА ГРЦИЈА ФОРМИРАНА 1947 ГОДИНА НА ГРАМОС, КОЈА НИКОЈ ДРУГ НЕ ПРИЗНАВА ОСВЕН ТАА САМАТА СЕБЕСИ.
ПЕЕА ПОЛИТИЧКИ КОМИТЕТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕ
ПЗ ПРИНУДЕН ЗАКОН
СНОФ СЛАВЈАНОМАКЕДОНСКИНАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ФРОНТ
УДБ УПРАВА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ

ЦК	ЦЕНТРАЛЕН КОМИТЕТ
ЦС	ЦЕНТРАЛЕН СОВЕТ.